**Abstract**: Modern scientific concepts, accentuate the knowledge as endogenous factor of social development. Effective modeled system of knowledge involves construction of educational scientific infrastructure functionally integrated with informative and technological infrastructure, as well as other related institutions in the process of creating, absorbing and applying knowledge in the public and private sector. A society which is founded on knowledge uses far less resources, labor, capital, energy and raw materials, and achieves more efficient and effective results. Knowledge is crucial for individuals and organizations, and the thesis that promote and emphasize the importance of primoialistic relatively cheap production factors in terms of raw materials, energy and cheap labor vis-a-vis knowledge, it seems to lose momentum and are not passing the test of the new era.

The one who owe, controle and continuously upgrade knowledge, also has the greatest power of social grace.There is complementary or correlative relationship between knowledge and power. That means you can't possess power without knowledge and vice versa is not possible knowledge not to include the power.

**Key words:** knowledge, power, human resources, social development.

**Апстракт:** Современите научни концепции, знаењето го акцентираат како ендоген фактор на општествениот развој. Ефикасно моделиран систем на знаење подразбира изградба на образовно научна инфраструктура функционално интегрирана со информационата и технолошката инфраструктура, како и со останатите институции поврзани во процесот на креирање, апсорбирање и примена на знаењето во јавниот и во приватниот сектор. Општеството кое е фундирано на знаење користи далеку помалку ресурси, труд, капитал, енергија и суровини, а постигнува поефикасни и поефективни резултати. Знаењето е од круцијална важност за индивидуите и за организациите, а тезите кои го протежираа и нагласуваа примордијалното значење на релативно евтините производни фактори во смисла на суровини, енергенси и евтина работна сила vis-a-vis знаењето, се чини го губат здивот и не го поминуваат тестот на новото време.

Тој што го поседува, контролира и континуирано го надградува знаењето ја има моќта и најповеќе ги ползува општествените благодати. Меѓу знаењето и моќта постои заемно комплементарен однос но корелативен однос. Тоа значи дека не може да се поседува моќ без знаење и обратно, не е можно знаењето во себе да не ја вклучува моќта.

**Клучни зборови:** знаење, моќ, човечки ресурси, општествен развој.

## 1. ВОВЕД

Колку е поголем капацитетот за учење и апсорбирање на знаење, поголеми се и шансите за континуиран успех. Ова правило во современиот свет е востановено како патоказ и водилка на индивидуите и на успешните организациски ентитети.

Peter Drucker најсликовито ја опишува разликата, односно најпластично прави разграничување помеѓу мануелниот работник и работникот на знаење (knowledge worker). Според него, мануелниот работник оперира со своите раце и произведува добра и услуги. Спротивно, пак, на него, работникот на знаење, не работи со своите раце, туку со својата глава и продуцира идеи, знаења и иновации.

Во минатото, конкурентската предност на организациите се мереше во однос на физичкиот капитал. Денес, со галопирачкиот развој на информатичката ера, „известувањето“ стана суровина што многу организации ја прават и продаваат преку нивните „работници со знаење“. Уметноста да се генерира вредност со користење на интелектуален капацитет спаѓа во фокусот на интерес на организацијата и на нејзиниот персонал. Менаџментот со знаење претставува свесно осмислена активност за трансферирање на вистинските знаења до вистинските луѓе и во вистинско време, со цел да се споделат и искористат.

Во современата констелација на односи, нововостановената равенка на знаењето е: знаењето = моќ, затоа креирај го, применувај го, споделувај го и мултиплицирај го.

## 2. ПОИМ И ЗНАЧЕЊЕ НА ИНТЕЛЕКТУАЛНИОТ И НА ЧОВЕЧКИОТ КАПИТАЛ

Tom Stewart во својата статија „Brainpower-How Intellectual Capital is becoming Amerika's Most Valuable Asset“ од 1991 година оперира со поимот интелектуален капитал и истиот го определува како збир на целокупното знаење на вработените во компанијата, кое генерира конкурентска предност на пазарот: патенти, процеси, управувачки навики, технологии, искуство, информации за потрошувачите и добавувачите и сл. Сублимирано, структурираните знаења и способности кои како потенцијали ги поседува едно претпријатие го претставуваат интелектуалниот капитал (Stewart, T, Brainpower, Fortune, 3 june, 1991, стр.36).

Битието и идентитетското обележје на интелектуалниот капитал го сочинуваат: човечкиот капитал (индивидуалните компетенции: знаење, образование, комуникативност, практични навики, креативни способности, морални вредности, лидерски особини, мотивација, култура и други атрибути на поединците кои придонесуваат за создавање на лична, социјална и економска благосостојба), структурен капитал (внатрешна структура: патенти, организациска структура, организациска култура и сл.) и релациски (потрошувачки) капитал (надворешна структура: врски со клиентите-купувачите и добавувачите, информации за нив, бренд, трговска марка итн).

Човечкиот капитал е најважната компонента на интелектуалниот капитал. Збирот на знаењата, вештините, умеењата и талентот на поединците, кои се неопходни за да се изврши некоја работа, а се стекнати преку различните форми на формална и неформална едукација, се нарекуваат човечки капитал.

„Човечкиот капитал е знаење, вештини, надлежности и други атрибути, отелотворени во поединците, кои го олеснуваат создавањето на лична, социјална и економска благосостојба“ (OECD, 2001).

Вредноста на човечкиот капитал на поединецот е еквивалентна на вредноста на добрата и услугите за потрошувачка, кои тој директно или индиректно ги произведува. Поради тоа, кога вредноста на производите и услугите расте, пропорционално се зголемува и вредноста на човечкиот капитал.

## 3. ПОИМ И ЗНАЧЕЊЕ НА ЕКОНОМИЈАТА НА ЗНАЕЊЕ

„Општо е прифатено сознанието дека економијата на знаење вообичаено ги опфаќа елементите, како што се: долгорочни инвестиции во образованието, развој на иновативната способност, модернизација на информационата инфраструктура и постоење на економско милје кое е погодно за пазарни трансакции. Овие компоненти според Светска банка се „столбови“ на економијата на знаење и ја сочинуваат нејзината физиономија“ (Derek H. C. Chen, Carl J. Dahlman, 2005, „The Knowledge Economy, the KAM Methodology and Word Bank Operations“, WB, Washington DC 20433, стр.4).

Индексот на економија на знаење КЕИ ја мери способноста на земјата да генерира, усвојува и дифузира знаење и го претставува севкупното ниво на развој на земјата. Индексот КЕИ ги сумира перформансите во четири столба на економијата базирана на знаење и се пресметува како просек од нормализираните вредности на дванаесет востановени индикатори на знаење, кои се супстанцијални елементи на четирите столба:

-Економска иницијатива и институционален режим: 1.Царина и нецарински бариери, 2.Квалитет на регулацијата, 3.Владеење на правото;

-Образование и човечки ресурси: 1.Стапка на образование на возрасни, 2.Бруто стапка на средно образовани, 3.Бруто стапка на високо образовани;

-ИКТ инфраструктура: 1.Телефони на 1000 лица, 2.Компјутери на 1000 лица, и 3.Интернет корисници на 1000 лица;

-Иновативен систем: 1.Трошоци и приходи од ројалити и лиценци, 2.Апликации за патенти одобрени од канцеларијата за патенти и трговски марки на САД, 3.Научни и технички публикации (World Bank Institute, 2008, „Measuring Knowledge in the World's Economies, Knowledge Assessment Methodology and Knowledge Economy Index“, WB, стр.3).

Според дефиницијата на United Kingdom Department of Trade and Industry од 1998, економијата базирана на знаење е инспиративно осмислен и организациски етаблиран концепт во развиените

општествени системи, каде знаењето има примордијална улога во креирањето на богатството на една земја. Тоа претставува основна форма на капитал, добро од најдобар квалитет, односно есенцијален фактор на производство и на конкурентска предност.

Знаењето е најважен извор на економскиот раст, но и генератор на севкупниот општествен развој.Тезите кои убедливо прокламираа дека конкурентската способност на државите исклучиво зависи од релативно евтините производни фактори, како што се: суровините, енергенсите, евтината работна сила и сл. се демантирани од практиката на голем број држави. На пример, Јапонија и Израел претставуваат инспиративна парадигма за развивање конкурентска предност со примена на знаење и во услови на скапа енергија, дефицитарност на суровини, скапа работна сила и сл. Значи, во современите економии базирани на знаење, конкурентската предност се стекнува преку способност за креирање знаење, способност знаењето да се вгради во нови производи и услуги, како и способност да се ефектуираат и почувствуваат благодатите од тоа.

Економијата на знаење за разлика од конвенционалната економија, вложува помал инпут во смисла на труд, капитал, енергија и ресурси, а продуцира поголем аутпут, односно генерира производи со далеку подобра вредност. Производите и услугите, чиј основен супстрат е знаењето се поквалитетни, потрајни, пофункционални, поиздржливи, покорисни и поинтелегентни vis-a-vis производите кои потекнуваат од конвенционалната економија.

## 4. ОРГАНИЗАЦИСКО УЧЕЊЕ И ИНВЕСТИЦИИ ВО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

Потребата од акумулирање широк спектар на квалитативни знаења е од примордијална важност, како за индивидуите, така и за организациите. Подготвеноста за перманентно учење претставува „основна компетентност“ на организациите.

Учењето е процес со кој личноста стекнува и развива нови знаења, вештини, способности и компетенции. Според Вилијамс „учењето е насочена цел, базирана е на искуство, влијае врз однесувањето и когницијата (способноста за спознавање), а притоа стекнатите промени се релативно стабилни (Armstrong, M., A Handbook of Human Resources Management Practice, London and Philadelphia: Kogan Page, 2006, цит. по Менаџмент со човечки ресурси, Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје, 2008, стр.52).

Организациското учење е процес на координирани промени на системите со вградени механизми во кои имаат приод поединците и групите, вградена и користена организациска меморија, структура и култура за да се развие долгорочно капацитетот на организацијата. Организацијата која учи, според Сенге, кој е родоначалник на овој термин, претставува „организација каде луѓето континуирано го прошируваат својот капацитет за да креираат резултати, кои тие вистински ги посакуваат, каде новите и широки начини на размислување се гаат, каде колективната аспирација е ослободена и каде луѓето континуирано учат како да учат заедно (ibid, стр.52)

Постои заемно комутативен и комплементарен однос помеѓу знаењето и моќта. Во овој контекст ќе ја апострофираме поентата и констатацијата на Michel Foucault „Не е можно да се поседува моќ без знаење. Но, не е можно и знаењето во себе да не ја вклучува моќта“ (Townley,B , „Foucalt, Power/Knowledge, and its Relevance for Human Resource Management“ Academy of Management Review, vol.18, no.3, Juli, 1993 p.518-545).

Основна супстанца за воспоставување на контурите на модерните корпорации е знаењето. Поаѓајќи од ова становиште, на пример, работодавачите во Соединетите Американски Држави трошат најмалку 60 милијарди долари годишно за обука и развој на човечките ресурси. Според една студија на Американското здружение за обука и развој (American Society for Training and Development-ASTD) за еден работодавач расходите за интерперсонална надградба се околу два процента од трошоците за плати и изнесуваат повеќе од 800 долари по квалификуван вработен. Организациите што знаењето и вештините ги третираат како особено значајни компоненти за деловната конкурентност, просечно имаат околу 1.400 долари трошоци за обука по квалификуван работник (Роберт Л.Матис, Џон Х. Џексон, Управување со човечки ресурси (превод од англиски на македонски јазик), Магор, Скопје, 2010, стр.262).

Компаниите, како што се Кока-Кола, Џенерал електрик, Дел компјутери, Моторола, Мериот, Мајкрософт, Серидијан, Сиско, Федекс, Тексас инструментс, Хјулит Пакард и други, акцентот го ставаат врз обучувањето и стекнувањето знаење како интегрален сегмент врз кој се фундира нивниот деловен успех. Најмаркантните компании со долгогодишна етаблираност и изградена репутација, сметководствено ги вреднуваат интелектуалните добра и посветуваат големо внимание на менаџментот на внатрешното знаење. Тие, исто, така во својата структура и физиономија како стратешка ја вградуваат позицијата насловена како главен референт за учење или главен референт за знаење со цел да се апострофира важноста на обуката и да се креира внатрешна консултантска експертиза за перформансите. Главниот референт за учење е своевиден лидер, кој го дизајнира „знаењето преку обука“ за одредени вработени и за организацијата.

Перформансите на работното место, обуката и учењето на вработените како процеси, мораат да бидат интегрирани со цел да бидат ефикасни, а одделот за човечки ресурси игра клучна улога во интеграцијата. Организациите треба да бараат поавтентични форми и модалитети на обуки за нивните вработени, преку користење на реални деловни проблеми за унапредување на знаењето на вработените(Роберт Л.Матис, Џон Х. Џексон, Управување со човечки ресурси (превод од англиски на македонски јазик), Магор, Скопје, 2010, стр.264).

## 5. ЗАКЛУЧОК

Појдовна точка и водилка на современо моделираните економски и општествени системи не треба да биде квантитаивното зголемување на факторите на производство (екстензивен раст), туку нивното поефективно и поефикасно искористување, придружено и поддржано со континуирани иновативни активности (интензивен раст), чиј фундамент го сочинуваат знаењето и технологијата. Знаењето, способноста за негово креирање и ефективно ползување претставуваат базичен инструмент на иновациите, конкурентноста, компетитивноста и економскиот развој, но и акцелератор на севкупниот општествен прогрес.

Современите предизвици и конкурентските притисоци, кои како Дамаклов меч демнат над организациите бараат од нивните кадри актуелни знаеа и креативни идеи, како и компетенции и вештини во насока на испорачување квалитативни резултати. Вработените, кои треба да се адаптираат на промените со кои се соочуваат организациските ентитети, мораат перманентно да се обучуваат со цел да ги одржат и да ги надградат своите квалификации.

Знаењето веќе не застарува со месеци, туку и со денови и минути. Поради тоа, обновувањето на знаењето претставува condition sine qua non за развој во сите сегменти на општественото живеење. Притоа, обновувањето на знаењето не подразбира само креирање на ново знаење, туку и напуштање на застареното знаење.

## 6. ЛИТЕРАТУРА:


(1) Роберт Л.Матис, Џон Х. Џексон, Управување со човечки ресурси (превод од англиски на македонски јазик), Магор, Скопје, 2010, стр.262-264;

(2) Townley,B , „Foucalt, Power/Knowledge, and its Relevance for Human Resource Management“ Academy of Management Review, vol.18, no.3, Juli, 1993 p.518-545;

(3) Armstrong, M., A Handbook of Human Resources Management Practice, London and Philadelphia: Kogan Page, 2006;

(4) Менаџмент со човечки ресурси, Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје, 2008, стр.52;

(5) World Bank Institute, 2008, „Measuring Knowledge in the World’s Economies, Knowledge Assessment Methodology and Knowledge Economy Index“, WB, стр.3;

(6) Derek H. C. Chen, Carl J. Dahlman, 2005, „The Knowledge Economy, the KAM Methodology and Word Bank Operations“, WB, Washington DC 20433, стр.4;

(7) Stewart, T, Brainpower, Fortune, 3 june, 1991, стр.36

# BASIC PROFESSIONAL EDUCATION AND PERMANENT IMPROVEMENT – CAREER DEVELOPEMENT PATHS

**Prof. Elenica Sofijanova PhD**
**„Goce Delcev„ University – Stip, Republic of Macedonia** elenica.sofijanova@ugd.edu.mk
**Assistant Prof. Tamara Jovanov Marjanova PhD**
**„Goce Delcev„ University – Stip, Republic of Macedonia** tamara.jovanov@ugd.edu.mk
**Assistant Prof. Ljupco Davcev PhD**
**„Goce Delcev„ University – Stip, Republic of Macedonia** ljupco.davcev@ugd.edu.mk

## БАЗИЧНО ПРОФЕСИОНАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ И ПЕРМАНЕНТНО УСОВРШУВАЊЕ – ПАТЕКИ ВО КАРИЕРНИОТ РАЗВОЈ

**Проф. д-р Еленица Софијанова**
**Универзитет„Гоце Делчев„ – Штип, Република Македонија** elenica.sofijanova@ugd.edu.mk
**Доц. д-р Тамара Јованов Марјанова**
**Универзитет„Гоце Делчев„ – Штип, Република Македонија** tamara.jovanov@ugd.edu.mk
**Доц. д-р Љупчо Давчев**
**Универзитет„Гоце Делчев„ – Штип, Република Македонија** ljupco.davcev@ugd.edu.mk

**Abstract:** The ongoing turbulent changes in the environment and the imposed requirements for personal development of the employees, create a need of focus and in fact, insist on discovering the main individual goals and the needed activities of the employees for the achievement of their career goals. The basic professional education is concerned with the formal degree of qualifications for certain educational profile. The permanent improvement in all of the employees is actually a necessity, which further allows adaptation on the environmental changes (change in the needs of clients); changes in the organization itself or the in the desire of the person for career development in the same or a different organization. These processes contribute to the start of a new professional cycle and they improve the image of the company, through the presentation and communication of the needs and contributions of the employees.

**Key words:** basic professional education, permanent improvement, career development, employees.

**Апстракт:** Современите турбулентни промени во опкружувањето и наметнатите барањата за индивидуален развој на вработените, ја наметнуваат потребата од фокусирање и инсистирање на откривање на индивидуалните главни цели и определување на тоа што тие треба да направат за постигнување на одредени цели во развојот на кариерата. Базичното професионално образование претставува стекнување на формален степен на стручна подготовка за определен образовен профил. Перманентното усовршување кај сите вработени се јавува како неопходност за да може да се излезе во пресрет на променетите барања на окружувањето (потребите на клиентите), извршените промени во организацијата или пак желбата на индивидуата за кариерно напредување во истата или друга организација. Со тоа започнува нов професионален циклус, се одржува или се подобрува имицот на организацијата, преку презентирање на потребите и придонесот на вработените.

**Клучни зборови:** базично професионално образование, перманентно подобрување, развој на кариера, вработени.

## 1.ВОВЕД

Професионалното образование создава континуирани услови за добивање знаење како единствен ресурс којшто со употребата не се намалува, туку, напротив се зголемува. Вистинските менаџери мора да водат сметка за овој клучен ресурс: знаењето. Динамиката на денешното работење целосно го афирмира значењето на интелектуалниот капитал. Знаењето и интелектуалниот капитал се единствен траен ресурс за зачувување на конкурентската предност во новата економија и поради тоа потребно е со нив да се управува, да се трансформира во непрекинат процес на учење низ којшто треба да поминат вработените во организацијата. Учењето е процес преку кој индивидуата го видоизменува сопствениот однос со средината во кој опстојува. Проширувањето и продлабочувањето

на знаењата на кои се темелат професионалните компетенции, како со формално, така и со неформално образование и воопштување на искуственото учење, го имплицираат процесот на професионален развој, кој е предуслов за успешна кариера иако постои можност за кариерно напредрдување со кое поединецот дополнително стекнува професионална компетентност. Во многу организации се прифатени концепти за управување со знаењето како метод за обезбедување на квалитет на услуги кон клиентите, брза испорака кон пазарите, развивање иновативност кон производите и услугите. Со тоа се подобруваат перформансите на организацијата.

## 2. ЗНАЕЊЕТО КАКО ИНТЕЛЕКТУАЛЕН КАПИТАЛ

Знаењето добиено преку процесот на учење создава капитал, секоја работна ситуација се јавува како извор на потребата за учење заради посоодветно дејствување на поединецот во неа. Со тоа, ситуацијата се јавува како мотив за учење на поединците кои се актери на определената ситуација, во која пак, се јавува правилно или неправилно дејствување кое може да биде конкретна содржина на учењето.

Оние организации кои ќе ја почувствуваат потребата за обезбедување на можности кои би ги задоволиле вработените во професионално перманентно усовршување, најчесто ќе имаат посветен, вреден и професионален кадар. Главна цел во развојот на кариерите е да се задоволат потребите на вработените на работното место, иако тие потреби многу често треба да се совпаѓаат со потребите на организацијата.

## 3. ИНДИВИДУАЛЕН ЛИЧЕН РАЗВОЈ НА КАРИЕРАТА

Секоја индивидуа, без разлика на тоа каде го извршува работниот процес, има потреба за развој на кариерата индивидуално. Значи, самиот процес на кариерен развој неминовно започнува со некаква самопроценка (self-assessment), која ги зема во вид сопствените афинитети, мотиви, вештини и знаења (сл.1).




Сл. 1 Процес на кариерен развој

Самопроценката, во принцип се врши во текот на образованието, но може да се изврши и во било која од специјализирани институции. Процесот потоа продолжува преку ткн. испитување на опциите (exploring options), кои стојат на располагање и донесување на одлуката (decision making) и избор на понатамошната кариера. Секако, би требало да следи имплементација на одлуката (Implementation) и прифаќањето на новата работа, по што можат да се продолжат следните активности кон новиот исчекор: натамошно образование, усовршување, тренинг, себепроценка итн. со што навлегуваме во новата област на ткн. кариерни патеки, кои се дефинираат како логични и возможни секвенци на позициите, работните места а базираат на анализата на работата. Тие всушност ги претставуваат реалните можности за напредок/ латерален, нагорен без вклучување на вообичаени унапредувања по дообразба и сл.

**4. ОРГАНИЗАЦИСКИ КАРИЕРЕН РАЗВОЈ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА КОЈА „УЧИ„**

Кариерен развој  подразбира градење на кариерни патеки во организацијата. Потребен е информативен систем со кој менаџментот треба да управува, но, потребен е и способен менаџерски и технички талентиран кадар кој ќе биде во состојба да одговори на барањата на организацијата. Одговорноста за управување со кариерите, денес, во современи услови на стопанисување, е обврска на вработените, а организацијата се трансформира во организација која учи преку индиректно нивно унапредување и поддржување, манифестирајќи ги, при тоа, основните димензии:

- континуирано учење, кругот на учење постојано се врти, ние постојано ги тестираме нашите поими во искуства и ги модифицираме што се појавуваат како резултат на нашата опсервација и искуството, всушност процесот на учење повторно се учи.
- генерализација и размена на знаењето,
- развивање на системско и критично мислење,
- култура на учењето како процес,
- охрабрување на флексибилниот однос и експериментирањето,
- вреднување на вработените

Во професионалниот развој на поединците и развојот на капацитетот на организациите доминираа два типа на учење:

1. пренос на постојните (познатите) практики на новите генерации (школување) и
2. искуствено учење на поединците

Познатиот автор во менаџментот, Крис Аргирис ја развива својата „теорија во акција“, од која се раѓа идејата за надминување на адаптивното со генеративно учење, или како тој го именува: премин од учење од еден круг или единечно учење (за адаптивното учење) во учење од двоен круг или двојно учење (за генеративното учење)




Сл. 2 Единчено и двојно учење според  Крис Аргирис

Кај единечното (сингуларно) учење, ако не се постигнат саканите резултати, се менува само акцијата или начинот на дејствување (адаптивно учење), додека кај двојното учење се менуваат и претпоставките, и со нивно варирање се стекнува потполно ново знаење (генеративно учење). За двата облици на учење во организациите (адаптивно и генеративно) Аргирис го воведува поимот организациско учење. Од конкретната ситуација во организацијата може да се почувствуваат континуираните и потребните услови за одвивање на ефективно учење, односно можностите за остварување на определена дисциплина на учење или за практикување на определена стратегија на организациското учење. Во конкретната ситуација се осмислуваат и ефектуираат дисциплините и стратегиите на организациското учење. Основната , базична подлога за развој на организациското учење, а преку него и развивање услови за кариерен развој на поединците – вработени е кооперативноста и заемната доверба и почит и тоа на сите нивоа на менаџерската хиерархија. Само на тој начин се учи од туѓите искуства, се споделуваат знаењата, има пренос или трансмисија на „давање„ и „примање„ еден од друг вработен. Тоа е единствениот начин да се создава континуирана работна средина на искреност и отвореност, можно е да се развива учењето без страв, без нелагодност, можно е „давање“ и „земање“, односно размена, трансфер на внатрешното индивидуално богатство – знаењето и искуството. Само на овој начин се создаваат услови за компетентност. Уште поконкретно, Мансфилд во 1999 наведува дека компетентноста е „Основна карактеристика на личноста што резултира во ефективна или супериорна изведба“, додека Ранкин во 2002 вели дека „Компетенциите го претставуваат јазикот на изведбата. Тие можат да ги артикулираат и очекуваните резултати од напорот на индивидуата како и начинот (манирот) на кој тие активности се спроведуваат.“

**5.ЗАКЛУЧОК**

Формалното, базично образование кое се стекнува во високообразовните институции ја дава базата за професионалниот развој. Понатамошното напредување во извршувањето на работните задачи кои произлегуваат од работното место и позициите по хиерархиската скала, остварувајќи видливи

резултати, ја претставува кариерата. Градејќи се во таа насока, се гради во континуитет професијата што претпоставува повисоко ниво на можности, но и одговорности. Од бројните истражувања кои се направени во оваа област, може да се констатира дека знаењето е потребно и фокусирано првенствено во реализација на работните задачи, а проширувањето на компетенциите преку разни обуки, тренинзи и развој значи професија како збир на поголем број на занимања во рамките на профилот кој е овозможен од формалното базично образование. Се чувствува потреба од перманентно образование, но и перманентно усовршување во индивидуално селектираната професија, потребни се промени во континуитет коишто произлегуваат од промените во потребите и барањата на клиентите во опкружувањето, од што се трансформираат извршените промени во организацијата или пак желбата на индивидуата за кариерно напредување во истата или друга организација.
Кога индивидуата ќе покаже желба на квалитативен скок во професионалниот развој или во кариерната позиција, мошне често се јавува потреба од дополнителна формнална стручна спрема. Со тоа започнува нов професионален циклус. По стекнувањето на формалната нова стручна спрема, најчесто индивидуата зазема нова кариерна позиција или ја менува организацијата поради што се јавува потреба за ново работно воведување и потоа перманентно усовршување.

**6. ЛИТЕРАТУРА**


[1] Nelson R. Richard, Knowledge and Innovation Systems, OECD Papers 2000

[2] Trifkovic Slobodan, Intelektualna svojina, Istrazivacko-izdavacki Centar, Beograd, 2007

[3] Link N. Albert, Siegel S. Donald, Innovation, entrepreneurship and technological change, Oxford University Press, 2007.

[4] Argyris, C. & Schon, D. Organizational Learning II: A Theory of Action Perspective. F. Reading, Mass:Addison Wesley, 1996

[5] H. 8.Marusic, S. Profesionalni razvoj, Skolske novine, Zagreb, 1986

[6] Fry, H. Keteridge, S. & Marshall, S. A Handbook of Learning and Teaching in Higher Education. London: Kogan Page, 1999

# ORGANIZATIONAL CULTURE AND MOTIVATION IN PUBLIC ADMINISTRATION – A RELATION OF THE FUTURE IN THE PUBLIC MENAGEMENT

**Ivan Efremovski, Phd**
efremovski.b.ivan@t-home.mk
Republic of Macedonia

**Assoc. Prof. Valentin Vasilev, Phd**
valyo@law.swu.bg
Faculty of Law and History
SOUTH-WEST UNIVERSITY "NEOFIT RILSKI", BLAGOEVGRAD
Republic of Bulgaria

**Abstract:** The knowledge for determining of individual motivators, comprehension and understanding of the motivational role of the organizational culture in practice is a new element in the work of public administration. The knowledge and comprehension of different techniques and instruments to research the motivation in public administration lead towards understanding of the different motivational problems and setting the correct diagnosis which directs towards harmony in the organization striving to increase the motivation and improvement of the results in the work. The research which is presented in this article discovers the condition and determination of the dominant motives for the work in the municipal administrations and the problem fields. The research is conducted in four cities (two cities from the Republic of Macedonia and two from the Republic of Bulgaria).
**Key words:** Motivation, Organizational culture, Motivational profile of the employees.

## INTRODUCTION

If motivation can be described as one giant puzzle, which should be solved in the near future, then the main questions set on the agenda in each organisation are the following: - What needs to be done and in what manner in order to achieve the highest level of performance of the work tasks by the employees?, What is the basic precondition for effectiveness and efficiency in the work of the public administration?, How can public managers motivate the employees to work energetically and intelligently towards achieving public purposes?[62]
When it comes to motivation in the public administration it is easier to discuss than do something. In literature there are some basic factors which are in a way obstacles for motivational efforts of the managers of public service, such as: Uncomprehended role of the influence of the organisational culture in the motivation of the employees, application of the motivational theories in practice and understanding of the culture partiality of the motivational theories or finding the most suitable motivational model; Is there specific motivation of the public sector – is there a difference between the motivation of public and private sector? [63]
How to diagnose the motivational problems and which instrument should be applied in practice?

## THE CONCEPTION OF THE MOTIVATION IN PUBLIC ADMINISTRATION

Multi complexity of the conception for motivation on one side, and public administration with its own specific characteristics and elements on the other side, are conditioning the complexity and specificity of the relation between these two categories. The new waves of permanent changes in the public administration on one hand, and on the other hand continuity in adapting towards membership of the EU, demands for development and implementation of acquis communautaire with same standards for security in the EU, the Law of EU and sharing the basic values and principles in public administration, lead to the trend of uniting

[62] Behn D.Robertt.(1995)The Big Qustions of Public Administration. Public Administration Review.Vol.55,No.4.
[63]Demmke.C.(2005) Civil Servants Different Because They are Civil Servants?, European Institute of Public Administration

and merging of the national administrations. With all of the above mentioned conditions the public administration should be especially cautious in research of the motivation and finding the right way, that is tools for strengthening as well as developing specific motivational strategies for the administration. In literature there is a wide range of concepts that refer to conception of the motivation in the organisations. The concept of motivation is described also as „one of the main concerns of the modern organisational research“[64]. From the definitions for motivation suggested by certain authors [1],[2],[3], we can understand that motivation is a steady, continuous process which starts with needs, continues with directed behaviours and ends with the meeting of the needs.

In the basis of the motivation there are the motives and they are the reason for motivation of every human. The main purpose of the motivation is to achieve the feeling of joint target as much as possible; to align in harmony the desires and needs of both the organization and its members.

There are more motivational theories that bear the hallmarks of the time when they were designed, however, they enrich and give scientific aspect of the organisational management. Two most discussed groups of theories are Content theory and Process theory. The motivational models provide the answer of the questions for motivational processes and help for modern analysing and giving respond to the problems of motivational nature in the organization, but motivational diagnosis must precede the application of the motivational models [4].




The use of the organisational culture in the public management as a source of motivational influence is a strategy for success of each organisation. The ancient Chinese Taoist philosopher Lao Tzu once observed that “water is the last thing a fish notices” using the water as a metaphor for the culture[65]. Although the human behaviour is undoubtedly under strong influence of the culture, the four drivers, combined with the numerous sets of skills are universal. Every work place should provide opportunity for each employee to be able to gain, learn, build relationships and to protect himself [5]. The harmony in one organisation which is in rhythm with the melody of one organisational strategy composed from the cultural notes which emphasize on soft management approaches, create a sense of belonging, merging, identifying and achieving higher results in work tasks performance. The organisations should understand the importance and impact which is

---

[64] Baron, R.A. (1991),Motivation in work settings:Reflections on the core of organizational research.*Motivation and Emotion*,15: 1-8.

[65] Steers, M. R., Sancez-Runde, J.,Ca. and Nardon L. (2010:47), Management Across Culture – Challenge and Strategies. CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS, 1-rst published in print format 2010, The Edinburgh Building Cambridge, CA2 8RU, UK

applyed by the organisational culture in development of motivational policy in organisational management, and in significant work aspects, such as the ones, shown in the Conceptual framework for studying the impact of organisational culture on staff motivation[6].

If the symptoms of insufficient motivation of the employees are clear: - low results or incomplete performance of work tasks, then diagnosis of the motivational problems should be performed. But the question asked is what instrument should be applied in practice that will result with overcoming and resolving the motivational problems of the employees. In practice there are different instruments and techniques which have proved their effectiveness. One of the techniques is specific and directed towards the concrete needs of the administration – multi-factor model of motivation. The specific element of this approach is combination of the so-called Motivational cards of the employees [7].

## MOTIVATIONAL PROFILE OF THE EMPLOYEES

The consistency of the defining: behaviour of the human within the organization, human needs, stimulants and motives, motivation of the employees in the organization and the motivational factors lead to the final result, which is the motivational profile, which can represent an integrative model of the theories for motivation in the literature, and during the study and elaboration we are able to perceive the final result - motivational profile of the employees.

*Motivational profile of the employees in the organisation means establishing practice, the level of the motivation of the people and identifying the limited (problematic) factors and reasons, determining the insufficient motivation of the employees in work performance. The results which are contained in the motivational profile of the employees, allow successful establishing of the effort and the activities of the management in order to increase the level of motivation of the employees and are closely related with improving the result of working activities* [66]

In literature there are numerous ways, methods and tools for researching the level of the motivation of employees, but in practice in this process, there are still no efforts invested, neither time nor assets. In this part we will describe and clarify one technique for research of the motivation, already proved as effective instrument in business organisations.

Subject of the research is the motivation of the employees.

Object of the research are the public officers from public administration of four cities: Municipality of Kochani and Municipality of Vinitsa from the Republic of Macedonia and Municipality of Dupnitsa and Municipality Kyustendil from Republic of Bulgaria. The cities which are object of the research are part of the chosen zone[67] from the Cross border programme between Republic of Bulgaria and Republic of Macedonia.

*The purpose of the survey* is detection of the condition of the motivation of human resources and establishing the dominant motives for work within the municipal administrations and problematical fields.

*Uniqueness and innovativeness of the survey*. The uniqueness of the survey is supported by the fact of specific research that refers to public administration of two neighbouring countries. Of particular importance is the motive for development of cross border cooperation. The innovativeness of the approach of the conducted research can be found in the following guidelines: The goal of the chosen approach is not to divide the municipalities and provide some estimation, or to make ranks on the basis of quality, efficiency or effectiveness of the organisation, but by looking for the differences and best practices, to find variations to multiply these practices. If there is an area in wich the knowledge and best practice should be upgraded, that certainly is the concept and organisation of public administration. Every country has unique state structure and the variety of state structures is one of the characteristics of the European public service [8].

The second reason for choosing the cities was the challenge in the survey to include municipalities in which the past few years is noticed significantly improvement and high efficiency of the wich represent good practices and examples for functioning and development of the municipalities in the countries where each of the municipality has its own achievements areas which proved better than the others

---

[66] Илиев, Й. (2001), Умението да мотивираме, Нова звезда, С.

[67] The programming document drafted jointly by the two countries (Republic of Bulgaria and Republic of Macedonia) through a large partnership with national, regional and local stakehloders was approved by the European Commission on 14 December 2007. It sets out the general framework of intervention of IPA in the Programme cross-border area. Thus IPA will promote enhanced cooperation and progressive economic integration and coherence between EU and candidate countries. The global objective of the regional co-operation across sectors and administrative units that has to be reached by the definition of the Programme is: Sustainable Development in the Border Region in Support of the WiderEuropean Cooperation and Integration Efforts. (http://www.ipa-cbc-007.eu/page.php?c=2)

*Sample of the survey*. The range of the research includes public officers from municipal administration in the four above mentioned cities. The survey has covered around 100 people, or correctly and properly filled questionnaire, 90 cards, so the questionnaire study has covered more than 65% of the total number of the employees in municipal administration of this cities.

After processing the results from the Questionnaire card for improving the motivational profile of the employees, which as an integral part includes Questionnaire card for the employees in the municipal administration, the following results are obtained.







*Muncipality of Kochani*
1. Interesting, diverse and challenging work
2. Recognition of personal abilities
3. Good working condition
4. Possibilities for training and professional qualification
5. Job security
6. Mutual relations with management
7. Fair assessment of work performed
8. Salary
9. Organizational culture
10. Stimulating the ethical behavior




*Muncipality of Vinitsa*
1. Salary
2. Job security
3. Possibilities for initiative
4. Possibilities for training and professional qualification
5. Organizational culture
6. Recognition of personal abilities
7. Interesting, diverse and challenging work
8. The social environment
9. Loyalty to the organization
10. Information about events in the organization




*Muncipality of Kyustendil*
1. Interesting, diverse and challenging work
2. Recognition of personal abilities
3. Good working condition
4. Salary
5. Job security
6. Possibilities for training and professional qualification
7. Equal treatment of officials
8. Possibilities for profesional development
9. Possibilities for initiative
10. Fair assessment of work performed




*Muncipality of Dupnitsa*
1. Interesting, diverse and challenging work
2. Possibilities for training and professional qualification
3. Good working condition
4. Recognition of personal abilities

| |
|---|
| 5. Organizational culture |
| 6. Fair assessment of work performed |
| 7. Possibilities for profesional development |
| 8. Equal treatment of officials |
| 9. Employment rewarding |
| 10. Job security |

In the presented motivational profile, three zones are clearly presented [9 ]:
The first zone is zone of contented needs. It characterise the percentile part of contented employees in each of the motivational factors. It is the zone of used motivational potential – zone of actual satisfaction of the employees.
The second zone is the zone of undetermined satisfaction (undetermined needs), i.e. of the indifference of the employees towards certain motivational factor. The indifference in this case is caused by the employees' lack of clear idea, how the concrete motivational factor affects without indicating the inability of affecting the motivation of the employees. The aforementioned in it self is that something is wrong in the range of this motivational factor and here lies the potential which can be used in future.
The greatest importance for characterising the motivational profile of the employees in the municipal administrations for making effective managers decisions for its future improvement is the third zone – zone of unsatisfied needs and problematic or limiting factors motivators
After clarification of the motivational factors of the employees, it is necessary to put a bigger accent only to the factors from the third zone, or the zone of unsatisfied needs (problematic and limiting factors), because they discover the grievance from the condition of satisfying the certain needs of the employees. This aspect is where the bigger part of the management efforts should be focused for building of efficient system for motivation of the employees.

**BIBLIOGRAPHY:**

[1] Atkinson, J. W. (1964), *An introduction to motivation*. Princeton, New Jersey: Van Nostrand.
[2] Pinder, C. C. (1998), *Work motivation in organizational behaviour.* Upper Saddle River, NJ: Prentice-Hall.
[3] Vroom, V. (1964), *Work and motivation*. New York: Wiley.
[4] Бояджиев,Д., Харизанова,М.(2002) Управление на човешките ресурси. С.
[5] Lawrence R.P., Nohria N.(2002) DRIVEN – How Human Nature Shapes Our Choices. John Wiley & Sons Inc.
[6] Efremovski,I.(2013) Dissertation - The impact of organizational culture on staff motivation.
[7] Василев П. В.(2010). Съвремени мотивационни техники и приложението им в публичната администрация. Университетско издателство на ЮУЗУ „Неофит Рилски", Благоевград
[8] Босарт,Д., Демке,К., Номдън, К., Пале, Р.(2002). Државните служби на Европа на петднадесетте. Тенденции и развитие. Клуб „ИКОНОМИКА 2000".София.
[9] Илиев,Й. (2005) Управление на човешките ресурси-умението да мотивираме. (гл.V. р.150-174 – Методика за разработване на мотивационни профили на персонала на фирмата). Абагар. В. Търново.

# THE KNOWLEDGE AND TECHNICAL SKILLS AS AN ISSUE IN THE IMPLEMENTATION OF THE E-GOVERNMENT IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**Lazar Arsovski PhD**

# ЗНАЕЊЕТО И ТЕХНИЧКИТЕ ВЕШТИНИ КАКО ПРОБЛЕМ ПРИ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА Е-ВЛАДА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**асс. д-р Лазар Арсовски**
**ФОН Универзитет – Скопје, Република Македонија** arsovski_lazar@yahoo.com

**Summary:** This paper reviews the transformation of the Macedonian government operations and implementation of the e-government processes, that is the conducting and delivering of the government services through the use of information and communication technologies. The biggest advantage of using the e-government would be the increased quality of service delivery. This paper takes into account the emergence of the e-government in the Republic of Macedonia, its status, level of acceptance, level of completion, factors for successful e-transformation and the foreseen effects on the development of the country. Generally, the paper tries to determine, discover the major problems that await the Republic of Macedonia in the process of successful implementation of the e-government. The aim is to investigate the terms of the factors for successful e-transformation process in the Republic of Macedonia. The key moment for the success of the e-government process lays in the ability and knowledge of the leaders and their full commitment towards the implementation of the process, guidance, motivation and providing the necessary funding. As a main problem for the implementation of the e-government in the Republic of Macedonia apart from the lack of infrastructure are the lack of human resource capacity and technical skills.

**Key words:** e-government, information and communication technologies, technical skills, e-transformation, Republic of Macedonia

**Резиме:** Овој труд го разгледува трансформирањето на македонските владини операции и имплементацијата на е-владините процеси, односно водење и испорака на владините услуги преку користењето на информатичко-комуникациските технологии. Најголемата корист од имплементацијата на е-влада би била подобрувањето на квалитетот на испораката на услугите кон корисниците. Овој труд ги зема предвид појавата на е-влада во Република Македонија, нејзиниот статус, степен на прифаќање, степен на завршеност, факторите за успешна е-трансформација и очекуваните ефекти врз развојот на земјата. Генерално трудот настојува да детерминира, открие кои се важните проблеми кои ѝ претстојат на Република Македонија на патот кон успешната имплементација на е-владата. Целта е да се истражи односот на факторите во успешниот процес на е-трансформацијата на Република Македонија. Клучниот момент за успехот на е-владиниот процес лежи во способноста и знаењето на лидерите и нивната целосна посветеност кон спроведување на процесите, советување, мотивирање и обезбедување на неопходните средства. Како главен проблем, покрај недостатокот на инфраструктура, за имплементацијата на е-влада во Република Македонија се издвојува недостаток на капацитет на човечки ресурси и на технички вештини.

**Клучни зборови:** е-влада, информатичко-комуникациски технологии, технички вештини, е-трансформација, Република Македонија.

## 1. ВОВЕД

Важноста на овој труд е деривирана, изведена од огромниот општ, светски интерес насочен кон информатичката револуција и појавата на информатичкото општество во период во кој владее информатиката. Моторот на промената во последната деценија секако е Интернетот, најголемата машина направена од човекот. Иновациите се поместија од механички во електро-механички и подоцна електронски. Она што го прави овој труд поинаков е неговиот фокус на интелектуалната технологија и нејзиниот трансформациски ефект како револуционерна промена во јавниот сектор. Информациската и комуникациската технологија се разликуваат радикално од целокупната позната инфраструктура од претходните декади. Трудот ја истакнува интеракцијата и партиципацијата и се шири енормно кон медиумот кој се употребува со неговите стотици милиони интерконекции и пристапот на оние кои влијаат врз прифаќањето или одбивањето на новите стилови на работа во владиниот сектор. Интернетот има стекнато значајно ниво на популарност истовремено и во јавниот

и во приватниот сектор и трансформацијата е во целосен зенит. Овој нов модел на раст на јавните услуги е, пред сѐ, базиран на еден технолошки -самоуслужлив пристап, па поради тоа терминот „електронска влада“ или „е-влада“ почна да се појавува сѐ почесто.

## 2. ГЛАВНИ ПРОБЛЕМИ ПРИ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА Е-ВЛАДА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Администрацијата сѐ уште не може да регрутира доволен број на луѓе со соодветни вештини за да ги менаџираат услугите на јавниот сектор во модерниот свет како што тоа би го направиле ефективни проект менаџери и квалификувани ИТ специјалисти...“*

*(Margaret Hodge, 2003)*

Постојат многу пречки кои влијаат на развој на е-влада во Република Македонија, како што се недостаток на инфраструктура и капацитет на човечки ресурси и, како најкарактеристичен проблем за земја со низок принос како што е Република Македонија, традиционалните пречки за ИКТ инвестиции и развој, недостаток на технички вештини, високи технолошки трошоци и неефективна владина регулатива.

Разликите кои се јавуваат во софистицираноста и техничката напредност на различните апликации најчесто се предизвикани од недостатокот на финансии и различните извори од кои доаѓа помошта. Токму поради ограничените ресурси уредувањето и одржувањето на различните веб-апликации во рамки на самата влада и помеѓу министерствата и различните оддели, во Република Македонија, најчесто се доверува на некое лице во рамки на истите кое располага со одредени информатички знаења и вештини, без разлика на неговата обука за соодветниот тип на работа и конкретно познавање на проблематиката.

Нормално е дека целокупниот процес на имплементација на новите системи на е-влада не се одвива со ист успех и интензитет во сите единици и делови на е-владата. Така, во Република Македонија, многу подобри услови постојат кога станува збор за воведување на системите во рамки на единиците на локална самоуправа, пред сѐ, поради едноставноста на процесот. Од друга страна, се наидува на сериозни потешкотии во ситуациите кога треба да се овозможи интегрирање на две или повеќе државни единици, органи или министерства. Ваквите процеси кои бараат заеднички активности од повеќе институции во Република Македонија наидува на проблеми и се одвива тешко[68].

Понатаму, како последица на големиот број на веб-страни кои се застапени кај македонските општини, се јавуваат мноштво варијации помеѓу истите, што резултира со немање доволно ресурси за нивно редовно одржување и редовно ажурирање на податоците[69]. Во вакви услови на недостаток или постоење на недефинирани стандарди се јавуваат недоследности како што се скоро редовното отсуство на информации форматирани со некој моделирачки јазик и отсуството на автоматизирана размена на информации.

Еден од проблемите со имплементацијата на е-владините процеси во Република Македонија претставува недоволната мобилизација на потенцијалните корисници, која се јавува како резултат на недоволен број на активности во таа насока. Како резултат на тоа, многу често, бројот на корисници за дадени е-владини услуги е мошне низок што може да доведе до минимизирање или дури исчезнување на очекуваните и планираните придобивки.

Сигурноста е едно од најчуствителните прашања кога станува збор за употребата на услугите на е-влада во земјите во развој вклучувајќи ја и Република Македонија. Поради тоа се јавува потреба од посебна законска регулатива која ќе го уреди проблемот на стандардизирање, прибирање, објавување и користење на податоците за да се избегне занемарување на приватноста и заштитата на личните податоци и да се осигура посветувањето на доволно внимание на сигурноста при изработката

---

[68] Министерство за информатичко општество и администрација, *„Стратешки план на МИОА 2012–2014“*, 2012. http://mioa.gov.mk/files/pdf/dokumenti/StrateskiPlanMIOA2012.pdf

[69] Основи и развој на е-ВЛАДА УСАИД/Проект за е-Влада Министерство за информатичко општество, Фондација Метаморфозис, 2010.

на дизајнот на системите. Тоа подразбира адекватно третирање на проблемот на приватноста од пошироката јавност. Приватноста и сигурноста на податоците се проблеми, но нив Република Македонија ги смета за приоритет паралелно со развојот на системите, кои треба природно да се наметнат како дел од целокупниот процес на осовременување, усовршување а посебно при овозможувањето на трансакции помеѓу владата и граѓаните.

## 3. ОТПОРОТ НА ГРАЃАНИТЕ

Потешкотиите при почетното воведување и запознавање на граѓаните со концептоте на е-влада се должат, пред сè, на неприфаќањето од страна на корисниците. Со имплементацијата на е-влада се воведуваат огромни промени во начинот на работењето на јавниот сектор. Како што е истакнато во повеќе наврати, овие активности претставуваат резултат на напорите на повеќе полиња, како што се: воведувањето на современата технологија во процесите на трансформација на работењето на јавните институции и начинот на функционирање на бизнис процесите. Со оваа иницијатива функционирањето на различните процеси и улогите на учесниците се менува од темел и поради тоа се јавува доза на отпор кај дел од засегнатите страни[70]. Најчесто овој отпор се должи на недовербата на учесниците во процесите во новиот начин на функционирање на јавната администрација, односно недовербата во ефикасноста на функционирањето на новите технолошки решенија како замена на традиционалните методи на работење. Исто така отпор може да се јави и поради потешкотиите на корисниците при совладување на начинот на функционирање на новите техники, меѓу кои најзначајно е познавањето на работата со компјутери. Може да се увиди дека најчесто причината за отпорот кон принципите на е-влада произлегува од конзервативноста и менталитетот на дел од учесниците во процесите. Често, пристапот до овие технологии не е рамноправно распределен помеѓу корисниците, како што е примерот со постарите лица, лицата со помали примања и лицата со понизок степен на образование.

Најефикасен начин за отстранување на овој вид на отпор кон процесите на е-влада е јасно образложување на многубројните придобивки, како што се: подобрување и зголемување на транспарентноста, подобрување на ефикасноста на интеракциите, подобрување на квалитетот на услугите итн. Од тука може да се види дека клучен елемент во градењето на довербата кон е-владата се веќе имплементираните е-владни решенија преку кои се демонстрираат придобивките и революционерноста на целиот концепт.

## 4. ПРИДОБИВКИ ОД Е-ВЛАДА

Голем дел од граѓаните и владините работници ги имаат користено и ги користат услугите на е-влада на Република Македонија[71]. Исто така, повеќето од граѓаните имаат пристап до објавени информации, или можат да бараат или да објавуваат информации; да пополнуваат он-лајн формулари или е-мејл барања или да учествуваат во он-лајн размена на информации; и да вршат е-плаќања или е-набавки или е-регистрации.

Пофлексибилните работни часови се многу корисни, заедно со подобрената размена на информации во рамките на владата[72]. Со процесите на е-влада доаѓа до намалување на измами и корупција, намалување на патните трошоци и гужвите, намалување на потребното физичко присуство, намалување на времето за процесирање на трансакциите, заштедување на времето на државните службеници, намалување на стапката на грешки, повторна обработка и поплаки, намалување на потребата за шетање на корисниците од едно на друго место, поверодостојни и поточни податоци и информации, подобрување на безбедноста, помалку технолошки вишок преку интергрирани услуги, намалување на времето на корисникот (заштедени часови) и транспарентност на процесите и трансакциите.

## 5. ЗАКЛУЧОК

---

[70] Donna Evans, E-government: An analysis for implementation: Framework for understanding cultural and social impact, 7180 Gregory Creek Lane, West Chester, OH 4069, USA, 2005.
[71] United Nations E-Government Survey 2012: E-Government for the People, http://www.un.org/en/development/desa/publications/connecting-governments-to-citizens.html.
[72] OECD e-Government Project, “Proposed Outline for Assessing e-Government Benefits” (2006).

Квалитетот на работењето на владата е клучен фактор (за нивото на услуги за граѓаните и фирмите) кој придонесува за развојот на општеството и демократските процеси, како и за интеграција на эемјата во ЕУ. Имајќи предвид дека услугите на јавната администрација се од суштествена важност за граѓаните на нашето мултиетничко општество, ќе се создаде современа, професионална и ефикасна јавна администрација, која ќе ги унапреди односите со граѓанинот, притоа ставајќи се во негова потполна служба.

Иако резултатите од е-влада се гледаат строго долгорочно, клучна компонента на е-владата е инкорпорирањето на ИКТ во образовниот систем и другите системи на учење во земјата. Професионалните обуки и развојот на вештините на работниците на работните места кои се поврзани со новите информатички технологии, како и новопојавените модалитети на образување и учење на далечина, мора да бидат внесени во „равенката“. Во продолжение, од огромно значење е инкорпорирањето на ИКТ во развојот на програмите, компетенциите и вештините кои се оформуваат преку универзитетскиот систем на земјата. Тоа не само што ќе вроди со плод на релативно краток рок, туку и ќе создаде спремни професионалци на кои ќе се базира организацискиот и човечкиот капацитет во иднина. Со ова, Република Македонија би се обратила на проблемот кој е воочен во истражувањето, каде како еден од клучните проблеми и предизвици за успешно имплементирање на е-владините процеси во земјата се јавуваат културниот фактор и факторот на ИКТ писменоста, како на страна на понудата така и на страна на побарувачката на е-владините услуги. Овие, како и некои други слични напори, одат далеку во правецот на создавање на одржлива околина за развојот на е-влада, и, воедно, тие претставуваат стабилна база за решавање на другиот важен проблем и предизвик, а тоа е снабдувањето и успешното инкорпорирање на новите информатички технологии во општеството како целина.

## 6. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

[1] Министерство за информатичко општество и администрација, *„Стратешки план на МИОА 2012–2014“*, 2012. http://mioa.gov.mk/files/pdf/dokumenti/StrateskiPlanMIOA2012.pdf

[2] Основи и развој на е-ВЛАДА УСАИД/Проект за е-Влада Министерство за информатичко општество, Фондација Метаморфозис, 2010.

[3] Donna Evans, E-government: An analysis for implementation: Framework for understanding cultural and social impact, 7180 Gregory Creek Lane, West Chester, OH 4069, USA, 2005.

[4] United Nations E-Government Survey 2012: E-Government for the People, http://www.un.org/en/development/desa/publications/connecting-governments-to-citizens.html.

[5] OECD e-Government Project, “Proposed Outline for Assessing e-Government Benefits” (2006).

# KNOWLEDGE AND EDUCATION – FUNDAMENTAL CAPITAL FOR SUCCESS IN THE GLOBAL SOCIETY

**Prof. Elizabeta Stamevska PhD**
European University - RM, Skopje, Republic of Macedonia,
elizabeta.stamevska@eurm.edu.mk

**Prof. Vasko Stamevski PhD**
International Slavic University "Nikolai Derzhavin Romanovikj" Sveti Nikole - Bitola, Republic of Macedonia,
vasko.stamevski@gmail.com

# ЗНАЕЊЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО – ФУНДАМЕНТАЛЕН КАПИТАЛ ЗА УСПЕХ ВО ГЛОБАЛНОТО ОПШТЕСТВО

Доц.д-р Елизабета Стамевска
Европски Универзитет - РМ, Скопје, Република Македонија,
elizabeta.stamevska@eurm.edu.mk
Доц.д-р Васко Стамевски
Меѓународен славјански универзитет „Николај Романовиќ Державин“, Св.Николе - Битола, Република Македонија,
vasko.stamevski@gmail.com

**Abstrakt:** Knowledge and education play a key role and have great importance in the life of modern man. They are one of the most significant human resources necessary for survival in today's turbulent society. The real global changes are based mainly on the utilization of the knowledge, which is an indicator of the social progress and important factor for the development of a state. Taking into consideration this conditions, only the educated people can carry the social growth and successfully compete with the competition.

The future belongs to those who successfully adapt to time changing conditions, utilize their intellectual capital, apply creative thinking and constantly upgrade and improve their education by acquiring new skills and knowledge.
**Keywords:** Knowledge, education, intellectual capital, social progress, success.

**Резиме:** Знаењето и образованието имаат клучна улога и огромно значење во животот на современиот човек. Тие се едни од најзначајните човечки ресурси, потребни за опстанок во денешното турбулентното општество. Глобалните промени, кои се реалност, се темелат главно на искористување на знаењето, кое е индикатор на општествениот напредок, важен показател и фактор за развојот на една држава. Земајќи го предвид ваквото опкружување единствено образованите луѓе можат да бидат носители на општествениот раст и успешно да се натпреваруваат со конкуренцијата.

Иднината им припаѓа на оние луѓе кои успешно се приспособуваат на променливите услови што ги носи времето, паметно го користат својот интелектуален капитал, применуваат креативното размислување и постојано го надградуваат и унапредуваат своето образование, со стекнување на нови вештини и знаења.
**Клучни зборови:** Знаење, образование, интелектуален капитал, општествен напредок, успех.

## 1. ВОВЕД

Светот денес се темели на знаење, наука и образование, кои се јавуваат како клучни фактори во обликувањето на современата развојна физиономија. Тие претставуваат базични постулати за напредок на поединецот, но и на општеството во целина, па оттука перманентно се наоѓаат во фокусот на вниманието и се издигаат на заслужениот пиедестал. Ваквата определба се заснова на многубројните анализи и проучувања во ова поле, карактеристични за времето во кое живееме, со цел да се истражат, откријат и осознаат нови простори во бескрајот на науката.

Живееме во општество во кое глобализацијата го симболизира духот на времето на почетокот на новиот милениум и претставува нов поглед на свет, во кој создавањето, дистрибуцијата и манипулацијата со знаењето станува значајна културна и економска активност. Дваесет и првиот век воспоставува масовен и брз проток на информации и отвора нови виртуелни димензии во општествениот развој. Ова е век на нови цели, знаења и образовни концепти, кои покренуваат прашања за тоа што треба да научиме и како тоа да го сториме на најдобар начин, со намера да можеме да се справиме со сè посложеното и непредвидливо опкружуваме во кое опстојуваме.

Забрзаната динамика на развојните процеси и промени се резултат на технолошкиот напредок и масовната примена на информациските технологии, кои значајно влијаат врз општествената благосостојба. Информатичката револуција е комплементарна со експлозивната експанзија на знаењето. Способноста на општеството да произведува, селектира, комерцијализира и користи знаење се покажа како услов за општествениот раст и квалитетот на животот. Оттука, добро образованите и вешти луѓе претставуваат есенцијални фактори за постигнување успех во глобалната конкуренција.

Знаењето и образованието се потврден стратегиски ресурс, извор на конкурентска предност и диференцијација во современата економија. Затоа, вложувањето во нивниот развој е највносната инвестиција во општествениот капитал.

## 2. ШТО ПРЕТСТАВУВААТ ЗНАЕЊЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО?

Постои убедување дека знаењето и образованието претставуваат верба на човекот во сопствените сили, моќ која може да го промени општеството, според желбите и потребите на луѓето.

Концептот на знаење се обиделе да го идентификуваат многу филозофи. Еден од првите е Платон, според кого знаењето се карактеризира со постоење на оправдани, вистинити и субјективни уверувања. Во Оксфордскиот речник тоа се толкува како осведоченост на нешто што е изведено од искуството.

Потврдена е вистината дека „знаењето е богатство, а неговата примена е клуч кој го отвора тоа богатство“. Кога еднаш ќе се стекне останува во трајна сопственост, но станува безвредно ако не се спознае, употреби и не се сподели со другите. Тоа е еволутивен процес кој циркулира од поединец до поединец, од народ до народ, од цивилизација до цивилизација, интелектуален водотек, кој непрекинато тече, прелевајќи се од една на друга генерација.

Знаењето е поединечна способност која се користи во совладување на непознатото.[73] Модерното сфаќање го перцепира знаењето како производ на сознанието за стварноста, кој е проверен во практиката и верно пресликан во човековото размислување.[74] Тоа е збир од вкупните технолошки и научни сознанија кои го дефинираат „човечкиот капитал“ како севкупна серија на знаења, кои се пренесени од тие извори во човековиот ум преку учење.[75] Неговото унапредување е поврзано со стекнување на нови вештини и способности кои му овозможуваат на поединецот да преземе посложени активности, да се подготви за иднината и за предизвиците што таа ги носи.

Знаењето е сублимација на мудрост, искуство, образование, идеи, пристапи, вредности, контекстуални информации, податоци, експертски оценки, што создава општа рамка за евалуација и примена на нови искуства и информации. Овој длабок и широк концепт „се состои од општи сведочења за структурите, процесите, појавите и нивните односи“[76], базирани на правила и подложни на постојано менување и надградување.

Знаењето е нераскинливо поврзано со образованието. Често под поимот образование се подразбира совладување на мноштво иновации, кои растат со текот на времето. Во таа смисла, образованието е израз на перманентна социогенеза и антропогенеза, односно постојано создавање и саморепродукција на општеството. Квалификувајќи го како заедничка професионална, социјална, научна и културна мисија на целокупното човештво, преку него од генерација на генерација се пренесуваат акумулираните знаења и вредности.

Образованието може да се дефинира како активност чија што цел е развивање на знаењата, моралните вредности и сфаќањата кои се бараат во сите области од животот, otколку на знаењата и

---

[73] Фотов, Р., Софијанова, Е., Интелектуалниот труд и економијата, Универзитет „Гоце Делчев”- Штип, Економски факултет, Годишен зборник, 2010.
[74] Drašković M., „Znanje kao neograničeni resurs i objekt upravljanja, „Montenegrin journal of economics“,str. 88, 2009.

[75] Фотов, Р., Софијанова, Е., Интелектуалниот труд и економијата, Универзитет „Гоце Делчев”- Штип, Економски факултет, Годишен зборник, 2010.
[76] Drašković M., „Znanje kao neograničeni resurs i objekt upravljanja, „Montenegrin journal of economics“,str. 88, 2009.

вештините кои се поврзани со одредени, ограничени области на активност.[77] Него може да го толкуваме како развоен тек на промена на личноста, со прифаќање на различни содржини, во зависност од возраста и потребите на поединците.

Ако на образованието се пристапи како на институција, тогаш тоа треба да се анализира од аспект на неговата вредносна, културолошка и идеолошка димензија. Неговата суштина, мошне добро ја објаснува УНЕСКО, во следниот цитат: „Образованието е фундаментално човеково право. Тоа им овозможува на децата, младите и возрасните да имаат моќ критички да размислуваат, да прават избор и да си го подобрат животот. Го разбива затворениот круг на сиромаштијата и е еклучен елемент на економскиот и социјалниот развој”.

Функцијта на образованието е тесно поврзана со воспитувањето, бидејќи покрај образовните, вклучува и воспитни содржини. Имено, во секое воспитување има образование т.е. усвојување на искуство и негова критика, развивање на способност за диференцирано учење и вреднување, дистанцирано дејствување, контрола на поведението и на односот кон околината, како и насочување кон поставените цели. Образованието и воспитанието, гледани во целина, се суштинска детерминанта за менување на свеста, за градење на човечките вредностите и за квалитетни измени во животот на граѓанинот и на личноста. Неможноста за нивно прецизно разграничување доведе до т.н. терминолошки монизам, односно употреба само на еден поим – едукација, кој означува и воспитување и образование.[78]

Образованието треба да овозможи стекнување, но и постојано проширување на знаењата, бидејќи успехот во општеството се постигнува преку индивидуалниот успех стекнат во образовниот процес. Тоа креира избори и можности и им дава на луѓето поголем глас и вредност во општеството. Со развиток на системот за комуникација образованието станува глобален процес, каде што поединците лесно ги преоѓаат рамките на одредена социјална заедница.

## 3. ЗНАЕЊЕТО И КВАЛИТЕТНОТО ОБРАЗОВАНИЕ – КЛУЧ ЗА УСПЕХ ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО

Во современото милје се смета дека знаењето, образованието и воспитувањето можат да помогнат во реализација на водечките идеали на општеството. Како целина, тие претставуваат суштинска детерминанта за менување на свеста, на вредностите за градење на подобро општество и се сфаќаат како еден вид нова религија и лек за сите општествени проблеми. Едноставно се потребни само повеќе образовани и воспитани луѓе и сите проблеми ќе бидат решени.[79]

Општеството денес минува низ големи трансформации, кои се карактеризираат со неколку трендови: глобализација, експанзија на знаење и проток на информации, кои директно влијаат врз животот на луѓето. Тие ја наметнаа потребата од образовна глобализација во државите, како есенција на нивната одржливост. Знаењето и образованието веќе не се прашање на добра волја, туку обврска на граѓаните, од која зависи развивањето на индивидуалните потенцијали и компетитивност, а воедно и нивното пласирање на светскиот пазар.

Ваквата глобална образовна архитектура предизвика нагласена потреба од воспоставување на квалитет, соодветен на потребите на секоја земја, кој истовремено е трансапрентен и конкурентен во меѓународни рамки. Впрочем, само квалитетот широко ги отвара вратите кон успехот.

Во економијата на знаење карактеристични се работници, кои поседуваат квалитетно образование и професионални вештини. Конструктот наречен „квалитетното образование“ се определува како креирање култура на учење, која е фундамент за стекнување на интелектуален капитал, за инвестирање во професионалниот раст и развој на поединецот. Интелектуалниот капитал е апострофиран како еден од најважните ресурси на економијата на знаење, без кој не е можен севкупниот општествен опстанок.

Квалитетниот образовен систем е од пресудно значење за креирање на стручната оспособеност и професионалните квалификации на луѓето, па затоа мора да поседува квалитет, сила и еластичност, за да ги задоволи потребите и барањата на пазарот на трудот и да формира продуктивно и одржливо општество. Вложувањето во него, всушност, е вредносно знаење, кое носи огромни придобивки: социјални, бидејќи создава услови за еднакви можности на сите луѓе и нивна социјална инклузија, но

---

77 Коковиќ Д., „Социологија образовања: друштво и едукациски изазов“, Матица српска, Нови Сад, стр.57, 1994.

78 Коковиќ Д., „Социологија образовања: друштво и едукациски изазов“, Матица српска, Нови Сад, стр.55, 1994.

79 Жоглев З., „Социологија на образованието – предавања“, УКЛО, Педагошки факултет - Битола, стр.160, 2002.

и економски придобивки, затоа што образованата работна сила го зголемува потенцијалот за компетитивност на секоја држава.

Знаењето и образованието се најмоќните агенси, кои го детерминираат општествено-економскиот развој и успешност на државите на внатрешен план, но и „лична карта“ со која се легитимираат себеси на меѓународната сцена. Со право може да се каже дека тие се основни фактори за општественото движење и прогрес. Перспективна иднина можат да имаат само оние индивидуи, организации, па и општества кои ќе поседуваат неопходни знаења и образование и ќе им овозможат да ги надвладеат брзината на општествените промени, сложеното опкружување и торбулентното време во кое живееме.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Основниот проблем со кој денес се соочува глобалното општество е како да се утврдат стратегиите, динамиката и насоките за вистинското надоградување на вредностите на луѓето и развојот на меѓучовечките односи, низ образование и стекнување на знаење. Затоа, неопходни се промени во структурирањето и организирањето на образованиот процес во правец на: подготовка на граѓаните за одговорно и компетентно општествено живеење и дејствување, како и нивна компетентност и конкурентност на пазарот на трудот.

Промените денес се многу побрзи, порадикални, посилни од било кога. Тие имплицираат стекнување на мноштво знаења, умеења и развој на самите индивидуи, а развојот отвора можности за успешно функционирање во општествениот систем.

Огромниот напредок на информатичката технологија, телекомуникациите, медицината, астрономијата и воопшто на науката нуди многу можности, но бара и адаптирање кон новонастанатите потреби на денешнината. Современиот живот има потреба од современ систем на образование и стекнување знаење, кои се клучни функции на општеството во целина и и претставуваат генератори на општествениот раст, кој доведува до конкурентска предност.

Разликите во знаењето и образованието и нивната примена стануваат главни фактори кои ги делат развиените од неразвиените земји, богатите од сиромашните, високиот животен стандард од нискиот. Секоја држава е сама одговорна за сопствената судбина, самостојно одлучува дали ќе биде класифицирана како економија на знаење или незнаење и дали ќе се движи во правец на квалитативен раст и целокупна општествена одржливост или стагнација.

Развивањето на организациските и индивидуалните способности е примарен фактор за успех во економијата на знаење. Фокусот на интелектуалниот капитал бара нови пристапи во менаџментот на знаење, кои го опфаќаат секој аспект на комплексниот свет во кој живееме. Во тој вртлог на интереси, знаењето и образование остануваат единствена константа за успех во глобалното општество.

## 5. БИБЛИОГРАФИЈА


[1] Вујевич, М., „Социологија образовања - теоретско методолошки приступ", Загреб, 1989.

[2] Георгиески, Т. П., „Социологија на образованието“, Филозофски факултет, Скопје, 1999.

[3] Drašković, M., „Znanje kao neograničeni resurs i objekt upravljanja, „Montenegrin journal of economics“, (ISSN:1800-5845), Volume 6, Issue 11, 2009.

[4] Жоглев, З., „Социологија на образованието – предавања“, Педагошки факултет во Битола, 2002.

[5] Коковиќ, Д., „Социологија образовања: друштво и едукациски изазов“, Матица српска, Нови Сад, 1994.

[6] Krstić, B., Vukadinović, D., Upravljanje znanjem kao izvor održive konkurentske prednosti, Ekonomske teme br. 3, Niš, 2008.

[7] Македонско научно друштво, Образованието во 21 век, Меѓународен научен собир, Битола, 2011.

[8] Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015.

[9] Tisen, R., Lekan F., Andriesen, D., Dividenda znanja, ASEE books, 2006.

[10] Фотов, Р., Софијанова.Е., Интелектуалниот труд и економијата, Универзитет „Гоце Делчев”-Штип, Економски факултет, Годишен зборник, 2010.

# THE IMPORTANCE OF EMPLOYEE EDUCATIONAL STRUCTURE IN IMPROVING CATERING COMPANY OPERATIONS

**MSc Snježana Gagić**
College of professional studies in management and business communication, Sremski Karlovci
gagicsnjeza@yahoo.com
**MSc Irma Erdeji**
Department of Geography, Tourism and Hotel management, Faculty of Sciences, University of Novi Sad
**PhDBojana Kalenjuk**
Department of Geography, Tourism and Hotel management, Faculty of Sciences, University of Novi Sad

# ZNAČAJ OBRAZOVNE STRUKTURE ZAPOSLENIH U UNAPREĐENJU POSLOVANJA UGOSTITELJSKIH PREDUZEĆA

**Snježana Gagić MSc**
Visoka škola strukovnih studija za menadžment i poslovne komunikacije,
Sremski Karlovci,Srbija gagicsnjeza@yahoo.com
**Irma Erdeji MSc**
Departman za geografiju, turizam i hotelijerstvo, Prirodno-matematički fakultet, Univerzitet u Novom Sadu
**dr Bojana Kalenjuk**
Departman za geografiju, turizam i hotelijerstvo, Prirodno-matematički fakultet, Univerzitet u Novom Sadu

**Abstract:** The catering sector requires continuous quality development due to higher competitiveness as well as the growing guests demands. Attitude that employees are crucial in order to gain competitive advantage is accepted in the literature. It will be shown in this paper is it so in practice. The paper will discuss how much formal education is important in the business success and whether the educational structure of employees affect the innovation level and restaurant quality.
Therefore, the paper will give the answer whether employees with appropriate hospitality education have a greater ability to perceive the guests needs and raise the innovation level compared to those who were educated in other fields. It will be shown whether there is a significant causal relationship between the educational structure of employees and restaurant products and service quality.
**Key words:** hospitality, education, quality, innovation

**Rezime:** Ugostiteljski sektor zahteva kontinuirano unapređivanje kvaliteta kako zbog konkurenata, tako i zbog narastajućih zahteva gostiju. U literaturi je prihvaćen stav da su zaposleni ključni u sticanju konkurentske prednosti preduzeća. Da li je tako i u praksi biće prikazano u ovom radu. Koliko je formalno obrazovanje značajno u uspešnoj realizaciji posla i da li obrazovna struktura zaposlenih utiče na stepen inovativnosti i kvalitet restoraterskih proizvoda i usluga biće reči u ovom radu.
Dakle, rad će odgovoriti da li zaposleni sa odgovarajućim ugostiteljskim obrazovanjem imaju veću sposobnost da uoče potrebe gostiju i podignu stepen inovativnosti u odnosu na one koji su školovani u drugim oblastima. Biće prikazno da li postoji značajna uzročno-posledična zavisnost između obrazovne strukture zaposlenih i kvaliteta restoraterskih proizvoda i usluga.
**Ključne reči:** ugostiteljstvo, obrazovanje, kvalitet, inovacije

## UVOD

Obrazovanje je danas nužnost, a znanje i veštine zaposlenih predstavljaju ključ konkurentske prednosti. U vremenu brzih promena neophodno je da ugostiteljska preduzeća kontinuirano stvaraju nova znanja primenom novih tehnologija i metoda rada, modernizacijom procesa ili kreiranjem poboljšanih proizvoda i usluga (Gagić, Kalenjuk, Erdeji, 2014).
Koliko je obrazovanje i stvaranje novih znanja važno u prosperitetu ugostiteljskog preduzeća biće reči u ovom radu. Sposobnost preduzeća da inovira i iskoristi prednosti inovacija odlučujići je faktor preživljavanja

u današnjem brzo promenjivom poslovnom okruženju pa je unapređenje poslovanja ugostiteljskih preduzeća sagledano i kroz poboljšanje stepena inovativnosti.
U kontekstu ugostiteljstva inovacije se definišu kao „ideja, praksa, proces ili proizvod koji stavljaju u funkciju ideje koje rešavaju probleme i percepirane su kao nove od strane korisnika" (Ottenbacher, Gnoth, 2005). One se definišu i kao sve novine koje restorateri uvode bez obzira na to da li su u pitanju potpune novine u delatnosti, reprodukovane od konkurenata ili adaptirani postojeći proizvodi ili usluge (Johannessen, Olsen, Lumpkin, 2001; Linton, 2009). Istraživanja posebno usmerena na inovacije u ugostiteljstvu ustanovila su da uvođenjem inovacija u ugostiteljske objekte oni postaju privlačniji gostima što utiče na povećanje profitabilnosti (Ottenbacher, Harrington, 2007). U radu će se prikazati da li veći stepen obrazovanja ima za posledicu i veću inovativnost.
Potvrđeno je da zadovoljstvo gosta kvalitetom je ključni indikator koji vodi ka profitabilnosti (Luo, Homburg, 2007), pa je obaveza ugostitelja da identifikuje faktore koji ga određuju. Kvalitet je i kritičan pokazatelj buduće ekonomske aktivnosti (Pindžo i Lončar, 2013) stoga se deo istraživanja usmerio na uticaj obrazovne strukture zaposlenih na opaženi kvalitet u odabranim ugostiteljskim objektima.

## CILJ RADA

Cilj istraživanja je utvrđivanje povezanosti i uzročnih odnosa između obrazovne strukture zaposlenih, inovativnog ponašanja restoratera (inovacije proizvoda i usluga, marketing inovacije, procesne inovacije i inovacije u sferi društveno odgovornog ponašanja) i opaženog kvaliteta proizvoda i usluga.

## PRIMENJENA METODOLOGIJA

Ocena tržišno-potrošačkog aspekta kvaliteta proizvoda (ukus hrane, svežina namirnica, dekoracija jela, veličina porcije, temperatura jela i pića, ujednačenost kvaliteta jela, raznovrsnost ponude, postojanje zdravijih opcija, zdrastvena bezbednost namirnica) i kvaliteta usluge (posvećenost, ljubaznost, stručnost, brzina i spretnost uslužnog osoblja, ustaljeni kvalitet usluge, tačnost pri isporuci jela, tačnost u obračunu pri uspostavljanju računa, spremnost uslužnog osoblja da uloži dodatne napore da udovolji gostima i njihova pouzdanost i doslednost) izvršena putem ankete na uzorku od 600 gostiju iz 30 restorana u Vojvodini.
Stepen inovativnosti je utvrđen na osnovu broja implementiranih inovacija proizvoda i usluga (ponuda vegetarijanskih jela, ponuda jela bez glutena, obeleženost alergena, ponuda integralnog hleba i testa, ponuda poslastica za dijabetičare, dečiji meni, ponuda jela od organski gajenih namirnica, povremene izmene u jelovniku (više od dva puta godišnje), ponuda porcija različitih veličina, prikaz energetske vrednosti jela, prevod jelovnika na jedan ili više stranih jezika, ponuda autohtonih vojvođanskih vina, postojanje vajrles (*wireless*) mreže, obeleženost domaćih i nacionalnih jela), marketing inovacija (marketing plan, baza podataka gostiju, logo, veb stranica, profil na društvenim mrežama i QR kod), procesnih inovacija (angažovanje somelijea, flambera, barmena, dostava jela, mogućnost onlajn porudžbine) i inovacija u sferi društveno odgovornog ponašanja (poslovanje po standardima i sistemima poslovanja (ISO, HACCP), učestvovanje u humanitarnim akcijama, finansiranje kulturnih, sportskih i sl. događaja, angažovanje mladih kadrova za obavljanje prakse, upotreba lokalnih proizvoda za potrebe poslovanja, separacija otpada, reciklaža otpadnih ulja ili nekog drugog otpada, upotreba energetski efikasnih uređaja i opreme, finansiranje obuke zaposlenih i primena motivacionog nagrađivanja zaposlenih).
Da bi se odredio stepen inovativnosti prvo je utvrđen procenat inovativnosti na osnovu broja inovacija koje su restorani uveli u sva četiri istraživana područja. Nakon toga se pristupilo obračunu pri čemu je korišćena sledeća formula:

Procenat inovativnosti = $\frac{BIIx100}{UBI}$ % (BII - broj implementiranih inovacija; UBI- ukupan broj inovacija)

Nakon dobijenog podatka o procentu inovativnosti formirana je klasifikacija objekata i određen je stepen inovativnosti: 0-30% veoma nizak, 30- 50% nizak, 50-70% srednji, 70-90% visok i 90-100% veoma visok.
Indeks obrazovne strukture je izračunat korišćenjem konvencionalnog bod-sistem (Krasavčić, 2012). Najveći broj bodova nosi VSS koja po zaposlenom za ovaj stepen obrazovanja ima vrednost 6, VS nosi 5, VKV 4, SSS 3, KV 2 i 1 bod za NKV po zaposlenom. Indeks obrazovne strukture se dobija tako što se broj zaposlenih po kategoriji množi sa pripadajućim brojem bodova prema sledećem kriterijumu:
NKV (osnovna škola) 1 bod, KV (trogodišnja srednja škola) 2 boda, SSS (četvorogodišnja srednja škola) 3 boda, VKV (specijalizacija na osnovu stručnosti) 4 boda, VS (visoka ili viša škola) 5 bodova i VSS (fakultet-osnovne studije) 6 bodova.
Za utvrđivanje postojanja veza i uticaja između istraživanih pojava primenjena je regresiona analiza.

## REZULTATI RADA I DISKUSIJA

### OBRAZOVNA STRUKTURA ZAPOSLENIH

Obrazovna struktura zaposlenih radnika analizirana je na osnovu indeksa obrazovanosti.

*Tabela 1. Osnovni statistički pokazatelji indeksa obrazovanosti*

| Statistički pokazatelji | Vrednost pokazatelja |
|---|---|
| Prosečna vrednost | 2,91 |
| Medijalna vrednost | 3,00 |
| Minimalna vrednost | 2,14 |
| Maksimalna vrednost | 3,90 |
| Koeficijent varijacije | 16,11 |

Prosečan indeks obrazovanosti u posmatranom skupu restorana iznosi 2,91 indeksnih poena što ukazuje da zaposleni, prosečno gledano, imaju srednje stručno obrazovanje. Medijalna vrednost indeksa obrazovanosti je 3, što znači da kod polovine posmatranih restorana zaposleno osoblje čine nekvalifikovani, kvalifikovani i zaposleni sa srednjom stručnom spremom, dok kod druge polovine posmatranih restorana, zaposleno osoblje ima više ili visoko obrazovanje. Minimalno zabeležena vrednost indeksa obrazovanosti je 2,14 indeksnih poena, a to znači da je u strukturi zaposlenih po restoranima neznatna zastupljenost nekvalifikovanih radnika. Maksimalna vrednost indeksa obrazovanosti iznosi 3,9 indeksnih poena, što ukazuje da je zastupljenost zaposlenih sa višom i visokom stručnom spremom u posmatranim restoranima veoma mala.

### UTICAJ OBRAZOVNE STRUKTURE ZAPOSLENIH NA STEPEN INOVATIVNOSTI RESTORATERA

Jedna od polaznih pretpostavki u ovom radu je da postoji uzročno-posledična zavisnost između obrazovne strukture zaposlenih i stepena inovativnosti restoratera. Takođe, polazne pretpostavke su i da će stepen inovativnosti biti veći kod ugostitelja čiji zaposleni imaju veći indeks obrazovanosti i koji zapošljavaju kvalifikovane radnike ugostiteljske struke.

Veličina zavisno promenljive $\hat{Y}_i$ odnosno stepena inovativnosti uslovljena veličinom indeksa obrazovanosti ($X_i$) definisana je sledećim izrazom:

$$\hat{Y}_i = 17{,}877 + 32{,}486\, X_i \qquad R^2 = 0{,}607$$

Koeficijenat determinacije ($R^2$), koji pokazuju deo varijacije stepena inovativnosti koji proizilazi iz uticaja nezavisno promenljive, u ovom modelu to je indeks obrazovanosti, ima vrednost 60,7%. To znači da na promenu, odnosno povećanje stepena inovativnosti 60,7% utiče povećanje indeksa obrazovanosti zaposlenih u restoranima.

Vrednosti standardnih grešaka parametara regresije i njihova značajnost prikazani su u tabeli 3. Vrednosti iz tabele pokazuju da indeks obrazovanosti ima pozitivan uticaj na stepen inovativnosti. Ako se indeks obrazovanosti poveća za jedan indeksni poen to će rezultirati porastom stepena inovativnosti za skoro 39%. Ocenjeni model u celini pokazuje statističku značajnost što se potvrđuje na osnovu izvedenog $F$ -testa u analizi varijanse (F =43,198 ; r<0,000).

*Tabela 1. Regresija indeksa obrazovanosti na stepen inovativnosti restoratera*

| Nezavisno promenljiva | β-koeficijent | Parametri regresije | Standardna greška parametara regresije | t* – (28) | r* - vrednost |
|---|---|---|---|---|---|
| Konstanta | | 17,877 | 14,564 | 2,600* | 0,01469 |
| $X_i$ | 0,779 | 32,486 | 4,943 | 6,572** | 0,00000 |

β koeficijent – standardizovani koeficijent regresije

t*- u zagradi su dati stepeni slobode

r*- verovatnoća dostignuta testom

### UTICAJ KVALIFIKACIONE I OBRAZOVNE STRUKTURE ZAPOSLENIH NA KVALITET U VOJVOĐANSKIM RESTORANIMA

Da bi se proverila pretpostavka da će viši obrazovni nivo zaposlenih imati za posledicu i veće zadovoljstvo gostiju kvalitetom, sagledan je uticaj obrazovne i kvalifikacione strukture zaposlenih na kvalitet restoraterskih proizvoda i usluga.

Uticaj obrazovne strukture zaposlenih na kvalitet proizvoda sagledan je na osnovu modela:

$$\hat{Y}_i = 3{,}312 + 0{,}419\, X_i \qquad R^2 = 0{,}469$$

Model pokazuje da se prosečna početna ocena kvaliteta proizvoda koja iznosi 3,312 porastom obrazovne strukture zaposlenih za jedan indeksni poen, povećava za 0,419. Vrednost koeficijenta determincije pokazuje da indeks obrazovanosti sa 46,9% utiče na povećanje ocene kvaliteta proizvoda restorana. Vrednosti ocenjenog modela i njihova verifikacija date su u tabeli 4.

*Tabela 2. Regresija indeksa obrazovanosti na kvalitet proizvoda*

| Nezavisno promenljiva | β-koeficijent | Parametri regresije | Standardna greška parametara regresije | t* – (28) | r* - vrednost |
|---|---|---|---|---|---|
| Konstanta | | 3,312 | 0,248 | 13,363** | 0,00000 |
| $X_i$ | 0,685 | 0,419 | 0,084 | 4,977** | 0,00003 |

Stepen obrazovanja zaposlenih ima značajan uticaj i na kvalitet usluge u restoranima. To se konstatuje na osnovu ocenjenog modela regresije indeksa obrazovanosti na kvalitet usluge:

$$\hat{Y}_i = 3{,}507 + 0{,}377\, X_i \qquad R^2 = 0{,}414$$

Prosečna ocena kvaliteta usluge u restoranima dobijena od strane anketiranih gostiju (3,507) povećanjem indeksa obrazovanosti za jedan indeksni poen, povećava se za 0,377.
Relativni uticaj stepena obrazovanja na kvalitet usluge je neznatno niži nego uticaj na kvalitet proizvoda i iznosi 41,4%. Ocenjene vrednosti ovog modela prikazane su u tabeli 5.

*Tabela 5. Regresija indeksa obrazovanosti na kvalitet usluge*

| Nezavisno promenljiva | β-koeficijent | Parametri regresije | Standardna greška parametara regresije | t* – (28) | r* - vrednost |
|---|---|---|---|---|---|
| Konstanta | | 3,507 | 0,250 | 14,017** | 0,00000 |
| $X_i$ | 0,643 | 0,377 | 0,085 | 4,445** | 0,00013 |

## ZAKLJUČAK

Имајући у виду да је радна снага веома важан фактор у угоститељству у раду је анализиран утицај образовне структуре запослених у 30 ресторана на иновативност и квалитет proizvoda i usluga. Полазна претпоставка је била да постоји узрочно-последична зависност између образовне структуре i navedena dva pokazatelja faktora koja doprinose unapređenju poslovanja restoraterskih preduezća.
Регресионом анализом је потврђено да је степен иновативности већи код угоститеља чији запослени имају већи индекс образованости. Istom metodologijom je potvrđeno da obrazovanje zaposlenih ima uticaj na kvalitet restoraterskih proizvoda i usluga.
Dakle, da bi unapredili poslovanje ugostiteljski menadžeri treba da vrše adekvatnu selekciju kadrova. Jedan od primarnih kriterijuma u selekciji treba da bude i stepen obrazovanja jer je ovim istrazivanjem potvrđeno da oni koji imaju veće obrazovanje imaju i bolje rezultate, odnosno pružaju bolji kvalitet, a ujedno su i inovativniji.

## LITERATURA

[1] Gagić, S., Kalenjuk, B., Erdeji, I. (2014) Intelektualni kapital kao preduslov konkurentnosti u ugostiteljstvu, Znanje-kapital budućnosti (Knowledge Capital od the Future), Ohrid, Makedonija, 21-23 maj.
[2] Johannessen, J-A., Olsen, B., Lumpkin, G.T. (2001). Innovation as newness: what is new, how new, and new to whom? European Journal of Innovation Management, 4(1), 20-31.
[3] Luo, X., Homburg, C. (2007). Neglected Outcomes of Customer Satisfaction. Journal of Marketing, 71(2), 133-149.
[4] Ottenbacher, M., Harrington, R. J. (2007). The innovation development process of Michelin-starred chefs. International Journal of Contemporary Hospitality Management, 19(6), 444-460.
[5] Ottenbacher, M., Gnoth, J. (2005). How to develop successful hospitality innovation. Cornell Hotel and Restaurant Administration Quarterly, 46(2), 205-222.
[6] Pindžo, R., Lončar, I. (2013). Analiza kvaliteta hotelskih usluga primenom SERVQUAL metodologije,Ekonomika preduzeća, vol. 61, br. 3-4, str. 199-211

# MORAL VALUES, INFORMATION AND SCIENCE

**Associate Professor Riste Temjanovski PhD**
University "Goce Delcev" - Stip, Faculty of Economics riste.temjanovski@ugd.edu.mk

**Assistant Professor Vesna Georgieva Svrtinov PhD**
University "Goce Delcev" - Stip, Faculty of Economics vesna.svrtinov@ugd.edu.mk

**Assistant Professor Olivera Gjorgieva-Trajkovska PhD**
University "Goce Delcev" - Stip, Faculty of Economics olivera.trajkovska@ugd.edu.mk

# МОРАЛНИТЕ ВРЕДНОСТИ, ИНФОРМАЦИЈАТА И НАУКАТА

**Вонреден професор д-р Ристе Темјановски**
Универзитет „Гоце Делчев", Економски факултет riste.temjanovski@ugd.edu.mk
**Доцент д-р Весна Георгиева Свртинов**
Универзитет „Гоце Делчев", Економски факултет vesna.svrtinov@ugd.edu.mk
**Доцент д-р Оливера Ѓоргиева Трајковска**
Универзитет „Гоце Делчев", Економски факултет olivera.trajkovska@ugd.edu.mk

**Abstract:** The center of a modern society, economical turbulences and technological development are not natural resources and natural welfare. It is information. We live in a world rich in data and the technology where every day vast amounts of information has grown rapidly. In this era of globalization, wireless technology, innovations and increased competition, the control of information is creativity power. But, how to derives information into creativity. Creativity is the mental and social process used to generate ideas, concepts and associations that lead to the exploitation of new ideas.
This paper responds to the growing importance of the information, knowledge and more specifically to the role of the information and creativity as a means to tackle future challenges in the context of a globalized economy.
**Key words:** information, knowledge, innovation, creativity, technology

**Апстракт**: Во центарот на современото општество, економските турбуленции и технолошкиот развој не се природните ресурси и природни благосостојба. Тоа е информацијата. Ние живееме во свет богат со информации и технологија  каде секојдневно огромни количини на информации се рапидно се зголемуваат. Во оваа ера на глобализација, безжична технологија, иновации и зголемената конкуренција, се чини дека контролата на информации е креативната сила. Но, како да се пренасочи информацијата во креативност. Креативност е ментален и социјален процес кој се користи за генерирање на идеи, концепти и здруженија кои водат кон експлоатација на нови идеи.
Овој труд одговара на растечката важност на информаците, знаењето и поконкретно на улогата на информациите и креативноста, како средство за справување со идните предизвици во контекст на глобализираната економија.
**Клучни зборови:** информации, знаење, иновации, креативност, технологија

## ВОВЕД

Тектонски поместувања во светската економија, во комбинација со брзиот и незапирлив развој на интернет и телекомуникациска технологија, неповратно влијаеле на трансформирање на глобалниот пазар. Глобализација има огромно влијание врз начинот на кој компаниите опстојуваат и го градат својот развоен бизнис модел. Меѓународниот бизнис минува низ период на брза трансформација.
Основна поставеност на ваквиот технолошки развој кој се развива и на кој се темели севкупниот цивилизациски напредок претставува *информацијата*.[80] Живееме во свет богат со информации и технологија  каде секојдневно огромни количини на информации се зголемуваат рапидно во сите сфери на современото живеење. Во оваа ера на глобализација, безжична технологија, иновации и зголемената конкуренција, се чини дека контролата на информации е креативната сила. Но, како да се

[80] *Информацијата* е порака што се користи во процесот на комуницирање (писмено или усно), за да прикаже збир на податоци или поими со цел да ја намали неизвесноста, односно да го зголеми знаењето на приимателот.

пренасочи информацијата во креативност. Креативност е ментален и социјален процес кој се користи за генерирање на идеи, концепти и здруженија кои водат кон експлоатација на нови идеи. Секоја деловна одлука мора да биде заснована на квалитетна информација добиени од деловниот информационен систем, односно од различни сектори во компанијата. Само на тој начин информацијата ја поседува „дарбата“ да се трансформира во креативна енергија.

Слободно може да се каже дека ефикасните информациони текови „срце“ на менаџментот во компаниите, институциите и другите корпоративни тела. Информациите се основна алка во донесувањето на ефикасни одлуки поврзани за основните деловни работи.

Една од основните заложби на денешните и идни генерации претставува потребата да ги унапредуваат и координираат движењата во светот кои овозможуваат услови за склучување договори за соработка и заедничко располагање со информациите меѓу владите, меѓународните организации и постојните информациски служби. Секако дека се нопходни институционални тела кои ќе ја преземат улогата на катализатор на акциите за натамошен развој на научните и технолошките информации, ќе го олеснат пристапот до публицираните информации на научните работници, инженерите, технолозите и други и ќе ги преземат потребните мерки за "хранење" на една флексибилна светска мрежа на информациски системи и служби заради побрз и постабилен цивилизациски напредок.

## ИНФОРМАЦИИТЕ, ПРЕТПРИМНИШТВОТО И МОРАЛНИТЕ ВРЕДНОСТИ

Во класичната филозофија и религија, поимот етика, морал и култура се однесувал исклучиво на целосна култивација на личноста. Доктрината на деветнаесеттиот и дваесеттиот век вовела напредок и/или прогрес давајќи на новата слика на светот она што и недостасувало: јасна цел, ослободување од минатото и создавање подобра иднина заснована на научните и техничко-технолошките достигнувања. Самата промена стекнување со нови информации претставувала ургентна човечка вредност, етички и морален закон според кој, било какво спротивставување на промената или нејзино забавување (на било кој начин), значело "неприродно движење, или спротивставување на природните сили".

Основа на функционирањето на системот на слободното претприемништво претставуваат индивидуалните слободи на поединецот кои се темелат на етиката и филозофијата на општеството во кое поединецот претставува негова суштина, цел и намена. Оттука и смислата на постоењето на институциите е заштитата на интересот на поединецот и обезбедување услови за негова афирмација, духовен и материјален пробив. Основата на тие услови покрај индивидуалните слободи ја сочинуваат приватната сопственост, правото на еднаквост и слободниот натпревар кој се одвива во рамките на слободниот пазар. Профитот притоа служи како клучен мотивационен фактор кој го поттикнува производството и одржувањето на работниот морал.

Претприемништвото е движечка сила на општествениот процес - претприемачот е лице кое создава вредност и во тој процес го презема ризикот на успехото или неуспехот на една компанија. Првиот чекор во вистинскиот правец е најважен. Лицата кои се карактеризираат како претприемачи покажуваат дека не се хазардери, туку лица кои добро се "вооружуваат" со информации за тоа како да се подготват за влез во светот на претприемништвото и кои внимателно го проценуваат ризикот што сакаат и што можат да го преземат. Поради тоа треба да се урне митот дека претприемачите малку работат, а многу заработуваат, дека безглаво влегуваат во работни потфати за брз деловен успех. Претприемачите го гледаат тоа што другите не можат да го видат и одлучуваат тогаш кога другите се двоумат.

Современата теорија на управување, поаѓа од објективните законитости на развојот на општеството и неговата економија, односно од фактот дека мултидимензионалните активности на претприемништвото се различни. Но, Улогата на претприемништвото е далеку поширока, таа се состои во обезбедување стабилност, поттик, иницијатива и приспособување на стопанството и општеството во целина, на постојаните динамички промени, но и приспособување на различните култури. Таквата улога на претприемништвото е универзална, без оглед на општествениот систем, неговата политичка, економска и културна филозофија.

Логична последица од таквата филозофија е ограниченото влијание на државата во сферата на економските функции, сведување на нејзината улога на партнер и субјект, која со регулативните акти го поттикнува развојот и го штити претприемништвото од монополската тенденција кои би можеле да го загрозат слободното движење на стоката и капиталот (антитрусните и антимонополските закони).

Оваа едноставна филозофија е изразена со максимата дека "*најдобра е онаа држава која најмалку владее*", поттикнувајќи ја активноста на поединецот и слободата на претприемништвото. Улогата на државата е сведена на обезбедување услови за слободно движење на природните текови на бизнисот во рамките на слободниот пазар. Регулатор на тие текови останува пазарот

Претприемачот активно ги бара и ги препознава можностите и ги оформува плановите за остварување на идејата. Тој организира средства и луѓе во организација која ќе ја материјализира идејата во форма на производи или услуги, а со неа ќе ја задоволува побарувачката на потрошувачите. Претприемачот е

подготвен да преземе ризик, но сепак тој ризик мора да биде во рамките на разумни граници. Претприемачот ги ризикува своите пари, време, напор, а често и својот углед за остварување на претприемничката идеја во која верува.[81]

Основното прашање кое го поставуваат многу претприемачи во рамките на меѓународното работење, се однесува на фактот како да се задоволат потребите на потрошувачите, кои во услови на глобалниот пазар имаат многу поголема понуда на производи и услуги и поголеми можности за избор. Повеќе не се поставува прашањето како некогаш, дали треба деловна политика да се базира на висок квалитет или на ниски цени. Важно е да се имаат во предвид и едното и другото, во комбинација со добро информирање.*"Информацијата стана суштинска компонента на модерната корпорација"*.

Ако историски се навратиме наназад, па и самото толкување за иновацијата, според Шумпетер е централна во претприемничката активност и вклучува откривање нови производи, нови процеси и нови пазари како одговор на надворешниот шок од нови информации. Претприемачите го калкулираат и ризикот на акцијата која сакаат да ја преземат и за тоа добиваат вишок вредност или профит доколку биле во право со процената. Шумпетер исто така смета дека развојот е процес на „безредие" и промена, поттикнат од претприемачот. Сеј не ги искористува сите аналитички можности што настануваат од неговото сфаќање за претприемачот. Имено, тој е на мислење дека "комбинирањето на факторите", претставува рутински процес на управување со претпријатието[82].

Непобитен е фактот дека зад секоја добра одлука стои добра информација. Релноста сведочи дека веродостојните и благовремените информации позитивно корелираат со степенот на адекватноста на одлуките. Па, ако не се сомневаме во афирмативноста на констатацијата дека пазарот е старт и таргет на стопанската активност на претпријатијата, тогаш останува да ја акцептираме и логички изведената констатација дека пазарно ориентираните претпријатија токму во пазарот треба да го најдат примарниот извор на информации, базата на одлуките за својот настап на него. Затоа дедукцијата на П.Дракер би се проширила и со декларацијата дека претпријатијата, односно, нивните управувачи ја имаат таа предност да располагаат со пазарот како со информационо-документациона основа за своите одлуки.[83]

Една од најважните улоги на претприемништвото е мобилноста и еластичноста на претпријатието, укинувањето и основањето нови работи во и надвор од пазарните случувања на националниот простор, односно неговиот ефективен механизам за реалокација на капиталот и спроведувањето на промените. Самата динамика е поголема меѓу претприемачите со конципираната филозофија и системот на претприемништво. Општо земено, високиот профит или забразаниот раст не се цели на новото претприемништво, туку креирање нова организациона поставеност која ќе генерира постојан растеж. Аквизиција се спроведува преку подобрување на оперативноста и низ призмата на маркетингот, додека, организацијата и внатрешната скала на вредности обезбедува мотивација за спроведување на идејата во рамките на претпријатието.

## МОРАЛНИТЕ ВРЕДНОСТИ И ЗАШТИТАТА НА ИНФОРМАЦИИ

Често поставувано прашање е дали развиените економии, нивните водечки компании поседуваат и посебни морални вредености и атрибути што ги прават супериорни во однос на конкуренцијата. Моралните вредности претставуваат специфичен феномен со кој се занимаваат и социолози, психолози, дизајнери, инженери, политиколози, музиколози, економисти, претприемачи, културолози. Самата сложеност и специфичност, комплексност и множество меѓусебно поврзани уверувања и начини на живеење упатуваат дека моралните атрибути многу е полесно да се препознаат отколку да се дефинираат. Моралот во една земја претставува колективна референтна рамка преку која што се толкуваат широк спектар прашања и проблеми. Таа определува на кој начин поединците ги доживуваат, односно ги перцепираат симболите, звуците, сликите и однесувањето, а влијае врз социјализацијата, моделите пријателството, социјалните институции, естетика и врз јазикот.

Успехот во бизнисот во различни земји со различна етичка „обоеност", несомнено бара и „писменост„ и разбирање на различните култури. Под писменост во повеќе култури подразбираме разбирање на тоа како разликите во културата во различни земји или во рамките на една иста земја можат да повлијаат врз начинот на кој се практикува бизнисот. Во ова време на глобални комуникации, брз транспорт и светски пазари, кога ерата на глобалното село се чини дека само што не пристигнала,

---

[81] Амети, Н.: *Претпреимништво и бизнисот.* Во Претприемништво - проблеми, дилеми и перспективи: реферати и дискусии од научен собир. Скопје: Економски институт, 2007. стр. 186-187.

[82] Mark Casson: *"Entrepreneurship*" University of Reading, London, 1990.

[83] Поповска, Златка [et all.]: Менаџерството и претприемништвото во Македонија. Скопје: Центар за европски и стратегиски истражувања: Економски факултет, 1993. стр. 32.

лесно е да се заборави колку навистина се различни разните култури. Под тенкиот површински слој на модерност, често остануваат длабоките културни разлики.

Колку во профилот на претприемачот се содржани одредени „траги„ или нишки од културниот идентитет. Поттикнувачка страна на претприемништвото, способноста за раст и трансцеденција, за успехот кој води кон новите потфати, е иницирана од различни културни средини и насочени кон различни национални култури, претставува примарна дарба на креативната природа на претприемништвото, онаа дарба која ја поттикнува човековата имагинација и постојано го охрабрува за постојано докажување и постигнување. Во тој поглед ќе ја спомeнеме изјавата на К.Х. Олсен (K.H.Olsen), основач и претседател на компанијата Digital Equipment Corporation: предизвикот со кој се соочувам денес е дека постојат повеќе од 100.000 луѓе од различни нации и култури, кои работат заедно во еден ист правец, а сепак, го задржуваат духот на претприемништвото.

Денес најголемиот извор на информации лесно се трансферираат преку иоинтернет технологијата. Но интернетот е отворена, ранливо дизајнирана мрежа. Но, во првобитната проекција на Интернетот, не се очекуваше тој да биде дизајниран за да биде глобален пазар со милијарда корисници и со тренд на понатамошна експанзија. Виртуелниот криминал станува значаен проблем и за организациите и за потрошувачите. Нападите во форма на DDoC (Distributed Denial of Services)[84], „Тројанците„, кражбите на финансиските податоци (на измамнички налин се собираат финансиски информации за жртвата, вообичаено преку е-пошта), кражбите на податоци, на идентитет, измамата со кредитните картички, шпионирањето, се само дел од заканите коишто ги исполнуваат насловите на дневните весници и медиумите.

Главна причина за загриженост при справување со приватноста on-line се однесува на регулирање на информациите кои ги собираат компаниите што работат со онлајн транскации. Практиката на сместување датотеки наречени „кукис„ (coockies) и интернет багови од страна на онлајн компаниите во комјутерот на корисникот во текот на неговата посета е доста вообичаена работа. Овие датотеки прибираат информации за време на размената меѓу клиентот и серверот. Преку ваквите „кукис„ се собираат инфрормации, како што се: времето поминато on-line, времетраењето на посетите, типот и името на употребуваниот механизам за пребарување, купените производи, одговорите на промоциите и историјата на управувањето.

Најчеста мета за хакирање се банкарските компании. Во летото 2014 е направен најголем упад во банкарските системи. Станува збор за банката ЈПМорган Чејс (JPMorgan Chase), кога се пробиени сметките на околу 76 милиони корисници и седум милиони мали компании во таа банка. Што значи дека еден од основните параметри за успешно електронско деловно работење на една модерна компанија е имплементација на квалитена и високо функционална компјутерска мрежа, која преставува основен предуслов за деловното работење на модерен информатизиран деловен систем. Брзиот развој на технологијата бара константно следење на нови продукти и имплементација на сè подобри и побрзи решенија. Тоа се задачи кои се поставуваат на секој денешен ИТ менаџер, кои бараат големо знаење и искуство во подрачјето на компјутерските мрежи. После имплементацијата на една функционална мрежа се поставува прашање за нејзината сигурност и заштита од разни видови „напади“ и „пречки“ од поблиското и подалечното опкружување на деловниот систем. Решение наоѓаме во користење на криптографијата и криптографските алгоритми, односно нивните методи и протоколи.

Непобитен е фактот дека зад секоја одлука во идното планирање за секоја компанија или проект од национален или меѓународен карактер треба да биде и заштитата на информација. Тоа е и етичко прашање, иако некои етичари ги согледуваат етичките предизвици на нерегулираниот интернет простор. Но треба да се има предвид дека нарушување на приватноста, пиратеријата на интелектуалната своина и ширење на лажни информации добиваат огромна димензија на интернетот. Но самата технологија не ги изменила или подобро речено не ги разрешила историските етички прашања. Затоа вредностите за кои расправа етиката се вонвременски и не се менуваат со новите технологии. Најспосле, новите технологии би требало да се прилагодуваат кон етичките кодекси.

Во светот на глобалните информациони системи, една од важните задачи во поглед на подобрувањето на бизнис поврзувањето и јакнењето на претприемничкиот дух е и ќе биде универзалната достапност на информациите преку интернет технологиите. Универзалната достапност на информациите преку интернет комуникацијата претставува можност за најопшта достапност до бизнис опкружувањето од секое место и во секој момент кога тоа му е потребна на корисникот. Користењето на научните и

[84] DDoC (Distributed Denial of Services - Дистрибутивно одбивање на услуги) - користат голем број на компјутери за напад на целна мрежа од голем број на точки на лансирање ( „река„ од барања за услуги од необично голем број на странски интернет адреси,т.н. зомби комјутери)
Лаудон, К.К., Травер, К.Т: *Електронска трговија: бизнис.технологија. општество.* Скопје: Арс Ламина, 2010. 281.стр.

технолошки информации се важен предуслов за совладување на туѓите и создавање сопствени технологии, како и за максимално искористување на научниот и технолошкиот потенцијал, кој ги користи информациите не само за секојдневните, тековни задачи, туку и поттик за нови креации.

## ЗАКЛУЧОК

Живееме во свет богат со информации и технологија  каде секојдневно огромни количини на информации се зголемуваат рапидно во сите сфери на современото живеење. Во оваа ера на глобализација, безжична технологија, иновации и зголемената конкуренција, се чини дека контролата на информации е креативната сила. Но, како да се пренасочи информацијата во креативност. Креативност е ментален и социјален процес кој се користи за генерирање на идеи, концепти и здруженија кои водат кон експлоатација на нови идеи.

Индивидуалната иницијатива, преземањето ризик и одговорност, придонесуваат кон креирање на потфати за сопствена корист и за корист на претпријатието, подобрување на неговата стабилност и ефикасност, воедно ефикасност и стабилност на стопанството и целото општество. Ваквите карактеристики даваат пошироко и универзално значење на претприемчивоста кои се придвижуваат кон воведување новини, создавање идеи и обезбедување здружен капитал за придвижување и реализација на идеите. Во тој поглед ќе ја споменеме изјавата на К.Х. Олсен (K.H.Olsen), основач и претседател на компанијата Digital Equipment Corporation: предизвикот со кој се соочувам денес е дека постојат повеќе од 100.000 луѓе од различни нации и култури, кои работат заедно во еден ист правец, а сепак, го задржуваат духот на претприемништвото. И навистина централно прашање кое денес се поставува, е вбризгување претприемнички дух во општественото културно ткиво на индивидуата, она претприемништво кое теоријата и практиката го земаат како универзална вредност на секое општество.

Секоја општествена заедница треба да обезбеди услови за слободен и непречен проток на информациите што би претставувал механизам за мотивираност во општиот цивилизациски развој. Во тој контекст резултатите од интелектуалниот труд на луѓето треба да бидат сопственост на целото општество во идниот технолошки развој. Користењето на научните и технолошките информации е важен предуслов за совладување на туѓите и создавање на нови сопствени технологии, како и за максимално искористување на научниот и технолошкиот потенцијал, кој ги користи информациите не само за секојдневните тековните задачи туку и како поттик за нови креации. Без научните и технолошките информации една средина се доведува до интелектуална изолација која води до индифирентен однос на заедницата кон таа средина.

## ЛИТЕРАТУРА:

[1] Амети, Н.: *Претпреимништво и бизнисот.* Во Претприемништво - проблеми, дилеми и перспективи: реферати и дискусии од научен собир. Скопје: Економски институт, 2007. стр. 186-187.
[2] Drucker Peter F.: Innovation and Entrepreneurship, Publisher: Harper Paperbacks, 2006, стр. 49
[3] Hill, Charles W. L,*"International business: competing* in the global marketplace", 6th Edition, McGraw-Hill/Irwin, 2007, 90-91
[4] Лаудон, К.К., Травер, К.Т: *Електронска трговија: бизнис.технологија. општество.* Скопје: Арс Ламина, 2010. 281.стр.
[5] Mark Casson: *"Entrepreneurship"* University of Reading, London, 1990.
[6] Поповска, Златка [et all.]: *Менаџерството и претприемништвото во Македонија*. Скопје: Центар за европски и стратегиски истражувања: Економски факултет, 1993.
[7] Темјановски Р.: *Претприемнички маркетинг менаџмент*. Скопје: ЕУРМ, 2008.
[8] Темјановски Р.: *Е-бизнис*. Штип: Универзитет „Гоце Делчев", 2012.
[9] Van Maanen, Barley: *Cultural Organization: Fragments of a Theory*. In Organization Culture, 1985. p.38
[10] Фити Т.: *Современите макроекономски концепции и економските политики*. Скопје: Економски факултет, 2001.стр. 62.

# CONTINUOUS LEARNING AS A CONDITION FOR ORGANIZATION DEVELOPMENT

**Ph.D. Shekjerinka Ivanovska**
Private Higher Education Institution "International Slavic University" Sent Nikole, R. Macedonia sekerinka.ivanovska @ slavinst.edu.mk
**Slavoljub Ivanovski**
Student, Medical Faculty, Skopje, Republic of Macedonia
**Natasha Kurteska**
Student, Medical Faculty, Skopje, Republic of Macedonia

# КОНТИНУИРАНОТО УЧЕЊЕ КАКО УСЛОВ ВО РАЗВОЈ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ

**Проф. Д-р Шеќеринка Ивановска**
Приватна високообразовна установа "Меѓународен Славјански Универзитет", Св. Николе, Р. Македонија sekerinka.ivanovska@slavinst.edu.mk
**Славољуб Ивановски**
апсолвент, Медицински факултет, Скопје
**Наташа Куртеска**
апсолвент, Медицински факултет, Скопје

**Abstract**: Identifying the needs of continuous learning and organizational development is based on formal, non-formal and informal learning and assessment. Above all, it means the application of different types of skills, attitudes, behavior and knowledge, and current and anticipated deficiencies that provide information about decisions and the benefits of learning in terms of individuals, teams and organizational levels. According to some studies done in area continuous (permanent) learning, they identify it as new transitional form, training, skills, and role to help the employees and the organization.

Today, continuous learning is often compared to "Lifelong learning" (LLL). LLL represents the total cumulative learning throughout the life of the individual, which aims to improve the knowledge, skills and competencies in terms of personal, social and professional reasons, primarily organizational development and social contribution.

The demand for continuous learning and development of talent, the organization should promptly identify to expect quick benefits. HR professionals and specialists in this area have a major role in identification and implementation analysis of the necessity of continuous learning.

**Key words:** continuous learning, lifelong learning, talent, organizational development, organization.

**Апстракт:** Идентификација на потребите од континуирано учење и организациски развој е базирано на формално, неформално и информално учење и проценување. Пред сé, тоа значи примена на повеќе видови на способности, ставови, однесување и знаење, и тековни и антиципирани недостатоци кои овозможуваат информации за одлуките и придобивките од учењето од аспект на поединци, тимови и организациски нивоа.

Според одредени истражувања направени во областана на континуираното (постојано) учење, го идентификуваат како нова транзициска форма, тренинг, функција и улога за помош на вработените и на организацијата. Денес, континуираното учење често се споредува со "доживотно учење" (Lifelong Learning - LLL). ЛЛЛ го претставува вкупното кумулативно учење во текот на животот на поединецот кое има за цел подобрување на знаењето, компетенциите и вештините од аспект на лични, општествени и професионални причини, а пред се организациски развој и општествен придонес.

Потребите од континуирано учење и развој на талентот, организацијата треба благовремено да ги идентификува за да очекува брзи придобивки. Професионалците за човечки ресурси и специјалисти во оваа област имаат главна улога во идентификација и спроведување анализа за неопходноста од континуирано учење.

**Клучни зборови:** континуирано учење, доживотно учење, талент, организациски развој, организација

## 1. ВОВЕД

Чистата и јасна идентификација на потребата за учење и развој на вработените претставува клуч за ефективни придобивки од континуирано учење како услов за развој на организациите. Потребите од учење и развој, организацијата треба благовремено да ги идентификува за да очекува брзи придобивки. Професионалците за човечки ресурси и специјалисти во оваа област имаат главна улога за идентификација и спроведување анализа за неопходноста од континуирано учење.

Според одредени истражувања направени во оваа област, Л&Д (Learning and development – L&D) практиката во современите услови се идентификува според правилата и политиките како нова транзициска форма, тренинг, функција и улога за помош на вработените и на организацијата. Исто така,преку овие истражувања се идентификува нов чекор и ново место на интеграција на учењето, талентот и промените во организацискиот развој.

Идентификација на потребите од учење и развој на талентот, е базирано на формално и неформално проценување. Пред се, тоа значи примена на повеќе видови на способности, ставови, однесување и знаење, и тековни и антиципирани недостатоци кои овозможуваат информации за одлуките и придобивките од учењето од аспект на поединци, тимови и организациски нивоа.

## 2. ПОТРЕБАТА ОД КОНТИНУИРАНО УЧЕЊЕ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ

Она што претставува посебен предизвик во трудов е како да се идентификува потребата од континуирано учење и за развој во организациите. Во изборот на постапката за анализа на потребата од учење и тренинг на вработените, организацијата развива сопствена стратегија. Секоја стратегија има јасна претстава дека ваквите вложувањата се исплатливи, а потребата од континуирано учење и развивање на способностите на вработените има заеднички бенефит како за организацијата така и за вработените. Ваквите тврдења се основани затоа што: [85]

- Организациските извршувања се зависни од постоењето на квалитативни и квантитативни карактеристики на човечкиот капитал;
- Преку промовирање на можностите за учење се овозможува јакнење на личните и кариерните цели, а со тоа се создава раст на вложувањата во работата на вработените;
- Имањето јасна претстава кои се потребите од учење и кои се очекувањата од вложувањата во организацијата преку придобивките на развојот се демонстрира способност за компактност со стратегија за развој и учење во организацијата (L&D);
- Доброто планирање на потребите од постојано учење овозможува квалитетна имплементација на организациската стратегија која има влијание на можностите за идентификација, одржување и развој на талентот во организацијата.

За да се идентификува потребата од учење и развој на талентот во организацијата потребно е да се направи анализа на повеќе нивоа:[86]

1. *На организацијата во целина* – за дасе разбере вкупноста, целовитоста на потребата од сите видови и типови на учење.
2. *По пооделни специфични департмани, оддели и проекти во работата* – нови проекти и можности бараат нови начини на работа и реорганизација која ја менува и реструктурира улогата на промената во иднина.
3. *За поединците* – тоа е линкот помеѓу потребите и можностите на поединците и потребите и можностите на организациите.

Анализата на потребата од учење – ЛНА (Learning Need Analysis - LNA)може да инволвира една адхок вежба или проект кој е базиран на проценување на знаењата и можностите, или да заземе форма на тековна активност која може да се добие од реализираните извештаи и извршувања во тековниот период, или пак, може да претставува комбинација на двата вида или методи. Анализата, исто така, треба да води сметка да бидат земени во предвид споменатите три нивоа на анализирани очекувања од потребата за учење.

Во денешно време кога бизнис окружувањето брзо и постојано се менува организацијата треба да биде доста внимателна во процесот за идентификување на потребите од учење. ЦИПД за оваа намена има изготвена сопствена анализа наречена РАМ правила - важност, план, проценување (RAM – Relevance, Alignment, Measurement).

*Важност (значење).*Се тргнува од определување на значењето на определено учење со идните и очекувани можности и промени на организацијата.

*План (порамнување).* Се подготвува план на активности според кој доколку се планираат промените на повеќе групи во организацијата во кои се вклучени клучните менаџери и други значајни групи и тимови се конципира стратегија која треба да е во корелација со останатите стратегии, финансиската, маркетинг и другите димензии на организациска стратегија.

*Проценка.* Претставува критична основа која се прави од аспект на функциите на менаџмент на човечки ресурси и значи проценка и евалуација на активностите и интервенциите. Во оваа фаза на помош се голем број методи за проценка и евалуација за инвестициони вложувања.

---

[85]"Talent Forward Part 1: Tackling the new global talent realities", factsheet, CIPD, 2012, p. 4.

[86]"Preparing for a learning needs analysis", CIPD, Factsheet, 2012, p. 2.

Во истражувања од областа на учење и развој на талентот големо искуство има ЦИПД од Лондон – Институт за развој на поединецот (Chartered Institute of Personnel Development). ЦИПД веќе 15 години (од 1998 година) се занимава со истражување на континуирано учење и равој, и располага со објективни и сеопфатни податоци од истражувањата. Во периодот 2009 до 2014 година во областа Л&Д, реализирани се бројни истражувања и утврдени се повеќе законитости кои се темелат на интервјуирани организации од сите видови на јавен, приватен, и непрофитен сектор, различни по големина.

Помеѓу останатите начини и форми на современо учење на поединции и тимови во органзиациите тестирани се и новите форми на е-учење, менторства и други форми на подучувањаза унапредување на способностите и можностите.

При анализата на овие истражувања може да се констатираат следните заклучоци:

1. Во услови кога организациите сеуште се соочуваат со проблемите на рецесијата, и намалени извршувања, во нивните буџети сепак се издвојуваат средства за покривање на трошоци за континуирано усовршување и учење на вработените. Во овие активности значајно место имаат: надворешни курсеви и конференции-95%, обезбедување надворешни консултанти и тренери – 81%, книги, тренери и други споредни материјали и помагала -80%, Во повеќето од буџетите на организациите се издвојуваат средства за обезбедување нови технологии за тренинг и обуки на вработените кои се застапени кај повеќе од половината на организациите, 57%.

2.Во однос на висината на средства за развој и обуки на вработените се забележува намалување на средствата. Додека 2011 година, се издвојувале 350£ по вработен, се забележува намалување на средствата - 276£ во 2012 година, 303£ во 2013 година и и 286£ во 2014 година. Драматичен пад на висината на средствата се забележува особено во јавниот сектор.

3.Од аспект на рангирање на трите најчесто употребувани и третман на најефективни видови на начини на учење и развојни практики во организациитесе истакнуваат следните: 1- примена на развојни програми внатре во организацијата; 2- учење од линиските менаџеерри; и 3- тренинзи во работата. Споредувани во периодот од 2009 год до 2014 година трите наведени видови на практики забележуваат доминантно растење во учеството над останатите видови на применето учење. Се забележува раст во проценти кај тренинг во работата од 27% -39% во 2012; учење од линиските менаџери 47% -53% во 2011; развојни програми во организацијата 48% -56% во 2010год.

4.Според добиените податоци од истражувањето електронското учење(е-учење) и користењењето на аудио, видео и други слични методи на учење рангирани се најдолу на скалата како најмалку ефективни начини на учења во работата. За нив се смета дека иако се во пораст во практиката и секојдневието не може да се сметаат за замена на одредени форми на учење, па затоа се ставаат на ниво на учења кои треба да се применат во знаења за секојдневни практики, одржување на хигиена, чување и заштита на здравјето, заштита на податоците и сл. Повеќето менаџери сметаат дека овој вид на учење сеуште не може да се сметаат како замена за тренинзи и учења како што се лице влице и обуките и учење во училница.

## 3. СРЕДСТВА И МЕТОДИ ЗА КОНТИНУИРАНО УЧЕЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Во табела број 1, претставени се податоците за просечно ниво на буџетот кој се издвојува за подобрување на знаењето на вработените во сите видови на сектори во периодот од 2011 до 2014 година.

**Табела бр. 1**: Среден годишен буџет за тренинг-обука по вработен (врз база на испитаници на В.Британија)

| Години | Сите заедно £ | Производствен сектор £ | Приватен сектор £ | Јавен сектор £ | Непрофитен сектор £ |
|---|---|---|---|---|---|
| 2011 | 345 | 349 | 417 | 311 | 350 |
| 2012 | 276 | 314 | 313 | 167 | 298 |
| 2013 | 303 | 316 | 336 | 250 | 303 |
| 2014 | 286 | 255 | 372 | 238 | 314 |

**Извор:** Annual survey report, CIPD, Learning and Development, April 2014, p.33.

При анализа на табелата на испитаници по сектори може да се констартира дека во иднина Л&Д ќе се соочи со нови предизвици кои бараат усогласување со бизнис потребите. Секако, тоа зазема нова димензија на сметка на развојот на новите технологии, индустриски трендови и новите сознанија преку формите на континуирано учење и развој на вработените. Засега, специјалистите и професионалци во оваа област имаат способност да водат низ промените и да направат спој од двата методи - традиционалните и најсовремените методите во развој способности и вештини.

**Табела бр.2:** Методи кои најчесто се користат за развој на знаењето

| Р.бр. | Методи за развој на знаењето | Во % |
|---|---|---|
| 1 | Читање книги, списанија, арикли и други публикации | 83 |
| 2 | Надворешни конференции, воркшоп и други настани | 69 |
| 3 | Е-учење методи | 41 |
| 4 | Развој преку Формално образование | 40 |
| 5 | Интерни настани за развој на знаењето | 39 |
| 6 | Тренинг во работата | 39 |
| 7 | Кооперативно и социјално учење и развој | 34 |
| 8 | Учење преку интерни колеги, менаџети | 33 |
| 9 | Учење од надворешни специјалисти | 30 |
| 10 | Развојни програми на организацијата | 28 |
| 11 | Тренинзи водени од инструктори во работата | 23 |
| 12 | Ротации во работата | 4 |
| 13 | Употреба на Неспецифични методи на учење | 2 |
| 14 | Други методи | 2 |

**Извор:** Annual survey report, CIPD, Learning and Development, April 2014, p.22.

Од приложената табела број 2, како најдоминантни методи во развојот на знаењето претставуваат методот: читање книги, списанија, арикли и други публикации кој учествува со 83%, потоа на второ место се надворешни конференции, воркшоп и други настани со 69%. На трето место се методите на е- учење со 41% и развој преку формално образование 40% и т.н. На последно се споменати методите како тренинзи водени од инструктори во работата со 23%, потоа се ротации во работата (4%) и употреба на неспецифични методи на учење со 2%.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Современите организации се соочуваат со голема дисперзија на транзициски промени и рецесија кои бараат од менаџерите и вработените огромни и дополнителни напори за континуирано учење и развивање на способностите и можностите. Континуираното учење и развој е предизвик на последната деценија и затоа експлоатацијата на умовите и знаењето Л&Д (Learning and Development – L&D) добива клучна улога во промоција на иновации, креативност и постојани промени од кои треба да се извлечат силните потенцијали во организацијата.

Во збирот на стратешките бизнис цели на секое вложување и инвестирање во учење, новите начини и методи во континуитет за развој на знаењето на вработените ги определуваат развојните функции за поддршка на менаџментот на промени во организацијата. Тоа бара огромна енергија и моќ од професионалците за човечки ресурси. Затоа, сите кои се вклучени во обезбедување на развој и континуирано учење преку формите на тренинзи и обуки на вработените, (преку формалното и неформално образование) треба секогаш да бидат подготвени за иновации и флексибилност во дизајнирање на нови програми. Издвојување на средства за тренинг интервенции кај вработените и кај специјалистите и професионалци во оваа област досега даваа отворени можности да водат низ промените и да направат спој од двата методи - традиционалните и најсовремените во развој на нови техники на континуираното учење.

## 5. РЕФЕРЕНЦИ:


(1) Annual survey report, CIPD, Learning and Development, April 2014.

(2) Beevers, K. and Rea, A., Learning and development practice,. London: Chartered Institute of Personnel and Development, 2014.

(3) Cannon,J.A. and McGee,R., Talent Management and Successing Planing, CIPD, London, 2012.

(4) Cheese.P, Thomas,R.J.,Grain,E. The Talent Powered Organization, Business & Economics, 2012.

(5) Dowling,P. International Human Resource Management: Managing People in a Multinational Context, Paperback, 5 Ed.2012.

(6) Lance A. Berger, Dorothy J.,Talent Management, Business & Economics,2012.

(7) Robson F.,Learning needs analysis. CIPD Toolkit. London: Chartered Institute of Personnel and Development, 2013.

(8) Vlad Vaiman, Charles M.Vance, Smart Talent Management, Business &Economics, 2010.

(9) Derven, M.Lessons learned: using competency models to target training needs. T+D. Vol 62, No 12, December. pp68-73, 2008.

(10) C.McCartney, Resourcing and Talent planning survey, Annual survey report, CIPD, 2011.

# KNOWLEDGE AND THE KNOWLEDGE WORKER IN THE ERA OF GREAT TECHNOLOGICAL DEVELOPMENT

**Marija Krsteva, MA**
Faculty of Philology, University "Goce Delcev" – Stip
marija.krsteva@ugd.edu.mk

## 1. INNOVATION AS THE LANDMARK OF TOMORROW

The *Landmark of Tomorrow* is what can largely be called the social, cultural and economic phenomenon of innovation. It is the leading power to new ideas, new vision and capacity to act. Innovation goes hand in hand with the age of expanding political and economic interdependence, or the concept of globalization. Events home have impact abroad and vice versa. Consequently, the relationship between states and people became more interdependent. Globalization 1.0 lasted from 1492-when Columbus set sail, opening trade between the Old World and the New World-until 1800. It shrank the world from size large to size medium. It is about countries and muscles, that is, it was the time when all corners of the world were becoming globally integrated. The preoccupying idea in globalization 1.0 is one of global competition. Opportunities and cooperation were introduced by globalization 2.0, which lasted from for two centuries, from 1800 to 2000 with the interruption by the Great Depression and World Wars I and II. It shrank the world from a size medium to size small. The driving power of globalization 2.0 was the integration of multinational companies. This was made possible by the technological inventions that triggered this era. In the first half, it was the steam engine and the railroad, while in the second half it was the diffusion of the telegraph, telephones, the PC, satellites, fiber-optic cable and the early version of the World Wide Web. This is the time when the market went global, and goods and labour could be transported from continent to continent. The key questions here were concentrated on the global economy and the global opportunities of collaboration. However, at the end of this second era, new development was triggered. It was globalization 3.0, starting from 2000 onwards. Its dynamic power is centered on individuals collaborating and competing globally. In conjunction with the achievements of the previous globalization 2.0, this new one is all about the software and people being able to communicate, compete and work on equal bases from any part of the world. This last, finest form of globalization shapes today's world picture. It gave birth to a whole new currency in human life and development. This ongoing process of change is made possible by nothing but innovation.

## 2. INNOVATION AND KNOWLEDGE

The term innovation as Drucker states, is based on the systematic, organized "leap into the unknown". Its aim is to give us new power for action through to a new capacity to see, a new vision. Its tools are scientific; but its process if of the imagination, its method the organization of ignorance rather than that of known facts. The impact of this new power on our lives is already great. It changes our technology and gives us new opportunities to make technological advance to order (Drucker 1957).

Peter Drucker's particular insight on people's place and individual role in the changing world draws pattern between knowledge and innovation in the 21st century. As the complete picture of human society changes, so does the work of its institutions. The government, the schools, the armed forces alongside with the business enterprises and research organizations have all taken up central place in the dissemination of innovation and knowledge. It is a combination of scientific facts and the work of the individual imagination and it always produces a new and upgraded version.

Nevertheless, innovation represents more than a new method. It is a new view of universe, as one of risk rather than of chance or certainty. It is a new view of man's role in the universe; he creates order by taking risks. And this means that innovation rather than being an assertion of human power is an acceptance of new responsibility (Drucker 1957).

The organized form of people being able to accomplish the roles of taking both risks and responsibility is that of research. It breaks new grounds and pushes the limits of both scientific discovery and power of imagination. Even though it does not change the permanent limitation of human existence it adds new dimensions. Social, economic and cultural development is becoming largely dependent on conducting research and producing knowledge.

Similarly, the most common current definition of innovation would be that it is a purposeful change by means of systematic inquiry we call scientific method and of the new knowledge gained thereby (Drucker 1957).

In this respect, scientific knowledge has become the tool for effective change. This relationship creates the system of organization between knowledge and its application. But how is such system to function in the new globalized world of digital technology?

## 3. THE KNOWLEDGE WORKER IN THE WORLD OF DIGITAL TECHNOLOGY AND INNOVATION

The main target of this process is the individual, or the knowledge worker. People across the globe would have to learn how to make their way through the sea of knowledge powered by the cutting-edge technologies. This inevitably implicates the complete work and function of the organizations. A strategy to deal with the innovation and knowledge dissemination is essential in the process of organization and management. In order for people to work both locally and globally, a personal and corporative management is necessary. It should be directed to active participation in the global technological innovations and processes. Knowledge and work on the global scene are becoming inextricably bound and the technological process is here to prove that. Scientific and social development become interdependent on a global level. This creates one of the biggest challenges of the 21st century as Drucker states, the productivity of the knowledge workers and their management. In order to raise their productivity, *knowledge has to be improved, challenged, and increased constantly, or it vanishes.* Getting the knowledge worker to engage in their personal management and the management of the whole group by following a strategy for their development will enable them to respond more successfully in their daily routine.

## 4. THE KNOWLEDGE WORKER AND THE BUSINESS MANAGEMENT

The task of the entrepreneur is *always to search for change, respond to it, and exploit it as an opportunity*.

When it comes to problem-solving or a case management the knowledge worker's response is the main instrument in the process of adapting to different circumstances. The main aspects to be considered involve goal-driven, knowledge intensive and highly collaborative working environment. The knowledge workers of the 21st century have the power no potential entrepreneur had before. It is today's knowledge that gives them the power and control to access and advancement. The knowledge worker has the access to information services 24 hours a day on a world wide web. This opportunity defines their map of work, internal and external sources, and communities of practice, web search and ultimate personal and corporate research. The system enables them to make immediate analyses and see the potential results. At the same time, the digital world provides constant interaction. It is an open source of communication that enables the workers to directly engage in the process of innovation, by providing solutions that have not been made or invented before. It is a process of both working and learning at the same time.

In the business department, this process of making knowledge sustainable asset means that a strategy for a proper distribution of expertise and mentoring should be made. In addition, emphasis should be given to the sector and role division so that different tasks would be performed successfully and on time. Inevitably technology is turning the knowledge worker into a skilled talent. The creation of a confident knowledge worker will create secure and stable business relations despite the uncertainties luring from the digital technologies. As Drucker said, the installment of computers to reduce the employment of clerks leads to more and more expensive clerks even though they call them 'operators' or 'programmers.' Additional challenge in the whole process is the constant demand for new trained people in all areas of management. A strong managerial knowledge base is necessary for the developing countires.

In my opinion, it is the purpose of business and entrepreneurship that will keep the innovation process running. As the global communication increases with the digital facilities so will the need of expert knowledge workers. While some boundaries will be overcome, other strongholds will be reinforced. Constant knowledge upgrade will lead to clearer objectives for the management and vice versa. The cut in the time and space costs will only add to that. In this way, the negative sides of the digital technologies can be tamed and neutralized.

## BIBLIOGRAPHY:

1. Drucker, Peter. Ferdinand. *Classic Drucker* (2006) Harvard Business School Publishing Corporation, Massachusetts
2. Drucker, Peter. Ferdinand. *Landmarks of Tomorrow* (1957) Transaction Publishers, Rutgers. New Jersey
3. Friedman, Thomas L., *The World is Flat, A Brief History of the twenty-first century,* (2005) Farrar, Straus and Gieroux, New York
4. How Knowledge Workers Get Things Done Ed. By Layna Fischer. (2012) Future Strategies Inc. Lighthouse Point FL, USA
5. *Living with America*, Ed. Giorcelli, Chrisitna; Kroes, Rob (p.5). (1997) VU University Press, Amsterdam
6. *The Global Transformations Reader, An Introduction to the Globalization Debate,* Ed. Held, David., McGrew, Antony. (2003), Polity Press in association with Blackwell Publishing Ltd., Cambridge

# GLOBALIZATION, KNOWLEDGE, EDUCATION AND TRAINING IN THE INFORMATION AGE

**Elena Doneva M.Sc.**
**Elena Mirchevska**
**elenadoneva1@gmail.com , emirchevska@gmail.com**

# ГЛОБАЛИЗАЦИЈА, ЗНАЕЊЕ, ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ВО ЕРАТА НА ИНФОРМАЦИИ

**Елена Донева**
**Елена Мирчевска**
elenadoneva1@gmail.com , emirchevska@gmail.com

**Abstract:** The world is more interdependent than it was a century ago, also the nature of world society is changed. Globalization has restructured very deep the way how we live. It is estimated that there are more scientists working in the world today than in the past. Globalisation is political, technological and cultural as well as economic. Today is an important role of knowledge, education and learning for the success of the global information society and the global information economy
**Key words:** globalization, knowledge, education, information, technology.

**Резиме:** Светот е многу повеќе меѓузависен отколку што беше тоа пред еден век, а се промени и природата на светското општество. Глобализацијата ги преструктуира начините на кои живееме, и тоа многу длабоко. Пресметано е дека повеќе научници работат во светот денес отколку што имало во целокупната претходна историја на науката. Глобализацијата е политичка, технолошка и културна како што е и економска. Денес значајна е улогата на знаењето, образованието и учењето за успехот на глобалното информатичко општество и глобалната информатичка економија.
**Клучни зборови:** глобализација, знаење, образование, информации, технологија.

## 1. ВОВЕД

Информатичка револуција и ерата на информации , се дефинирани од страна на континуираниот процес на економска, социјална и политичка глобализацијата. Додека поимот глобализација стана доста распространет, дури и во популарните медиуми, постојат збунети и често спротивставени дефиниции и концепти на овој феномен. Со цел овој концепт да одржи било каква аналитичка корист, дефинициите мора внимателно да се дефинирани и испитани за нејзиното влијание врз општеството, економијата, и светскиот систем. Глобализацијата е во врска со монументалните структурни промени кои се случуваат во процесите на производство и дистрибуција во глобалната економија. Овие структурни промени се одговор од повеќе глобални претпријатија кои се соочени со огромни притисоци и прекрасни можности презентирани од страна на зголемената примена и интеграција на напредните информатички и комуникациски технологии во нивните основни бизнис процеси (на пример, истражување и развој, производство, тестирање, операции , маркетинг , дистрибуција итн).
Овој аспект на глобализацијата , бара постоење и развој на напредна информатичка и комуникациска инфраструктура, заснована на мрежата на мрежи на телекомуникации, радиодифузија , компјутери и добавувачи. Оваа мрежа од мрежи – Глобална информатичка инфраструктура – моментално не постои. Од друга страна глобализацијата има влијание на сите оштествени, политички и економски структури и процеси кои произлегуваат од глобалното реструктуирање.Еден критичен проблем кој произлегува од сите овие процеси на реструктуирање е централната , главна улога на знаењето, образованието и учењето за успехот на глобалното информатичко општество и глобалната информатичка економија.Знаењето станува се повеќе важен фактор за производството. Некои аналитичари се согласиле дека знаењето е дури поважен и од земјата , работната сила и капиталот како фактори на производството. Според многубројни студии и истражувања , најголем акцент се става на влијанието на глобализацијата врз знаењето, образованието , учењето и ветувањата и предизвиците на глобалната информатичка инфраструктура и глобалното информатичко општество , се со цел за да се задоволат зголемувањето на потребите и барањата на граѓаните во светот.

## 2. ГЛОБАЛИЗАЦИЈА И ЕКОНОМСКО РЕСТРУКТУИРАЊЕ

Глобалната политичка економија се соочува со големи промени и фундаментални внатрешни и надворешни реструктуирања.Таа помина од динамичен систем кој произведуваше за некои „златна доба„ на капитализмот во 1950тите до систем кој се соочува со глобалната криза. Моменталната криза

е подигната во светот од страна на фундаменталните промени во основните структури на производството и дистрибуцијата во рамките на глобалната економија.
Глобалните корпорации , особено оние кои се натпреваруваат во преобразување на високо технолошките индустрии , имаат повеќе изразени тенденции да користат нови иновации како штое посредничкиот развоен модел и да ги истражат глобалните можности. Непрекинатиот технолошки развој на новата техно-економска парадигма , преобразувањето на телекомуникациите и компјутерите заедно со зголемениот притисок за глобална дерегулација , либерализација и пазарен пристап , ја имаат радикално изменето глобалната политичка економија и загрозено постоењето на меѓународните телекомуникациски режими.
Режим теоријата укажува на тоа дека постојат различни механизми во рамките на светскиот систем кои го олеснуваат развојот на специфични норми, принципи и вредности кои се однесуваат на проблематичната област и механизмите за спроведување на овие норми, принципи и вредности. Телекомуникациите се една проблематична област околу која се појавиле најстарите и најуспешните режими. Меѓународната унија за телекомуникации служела како централен дел од овој режим , со огромни бенефиции .
Глобализацијата и Информатичката револуција создаваат зголемување на пречките за националните држави за тоа како да ги направат своите избори во однос на тоа како да одговорат и да ги распределат своите ограничени ресурси за да се соочат со овој предизвик. Знаењето како фактор на производството во оваа нова информациско-интензивна економија , добива во значење во ерата на глобализација.Образованието и парадигмата на учењето во целиот свет е под зголемен притисок за подобро задоволување на барањата на оваа информатичко - интензивна глобална економија заснована на ново знање.
Постоечката литература за глобализацијата и информатичката револуција во голем степен е теоретска и премногу шпекулативна.Постои потреба за јасна теоретизација на глобализацијата и трансформацијата кои се случуваат во глобалната економија која се заснова на емпириски анализи на локалните реланости (факти) , вклучувајќи го знаењето, образованието и учење на барањата во ерата на информациите.

## 3. ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА ВРЗ ЗНАЕЊЕТО, ОБРАЗОВАНИЕТО И УЧЕЊЕТО

Со оглед на зголемената економска глобализација и реструктуирање во светските политички и економски системи, како и барањата за знаење и информации во рамките на тој систем , образовните потреби (во однос на структурата, функцијата, наставниот план и пристапот) на сите нивоа особено во високото образование се имаат променето. Овие образовни пореби се исклучително значајни за идната работна сила. И покрај тоа развиените системи за неформално образование , посебно за возрасни ученици за вклучување во доживотно учење се исто така важни.
Постојат значајни разлики помеѓу знаењето , образованието и учењето. Образованието генерално се гледа како формален процес на настава заснован на теорија за пренесување на формално знаење ( на еден или повеќе студенти). Било како , процесот на учење може да се случи со или без формално образование. Стекнувањето на знаење и вештини за употреба на информациско комуникациските технологии (ИКТ) се случува надвор од традиционалните институции на формално образование.
Знаењето не треба да биде ограничено за одбирање на неколку.Како, продавница на знаењето проширена низ целиот свет , сите луѓе во светот треба да имаат колку што е можно повеќе пристап до истата. Било како формалните образовни институции кои постојат денес , па дури и оние во фаза на планирање во развиените земји, стануваат се помалку соодветни на барањата на веќе постоечките општества на знаење. Mansell и Wehn тврдат дека овие земји мораат активно да ги преструктуираат нивните образовни системи на начини кои се во согласност со нивните национални приоритети. Овие национални приоритети потребно е да ги земат во предвид и фундаменталните промени кои се случуваат во основните структури на глобалната економија како и новите стратегии за постигнување на конкурентна национална предност.
Улогата на знаењето во економијата води кон цел ланец од нови индустрии и нов развој во биотехнологијата , нови научни материјали , информатика , компјутерска наука итн. Во оваа нова рамка на знаење , образование и учење , постојат најмалку десет компоненти кои треба да бидат вклучени и/или подобрени. Овие компоненти се следниве:
1) *Фокусирање на апстрактни концепти*
1) Какво е претходното искуство на извозно кредитната агенција со странскиот купувач? Од сопствената архива и документи со кои што располага извозно кредитната агенција, најнапред се проверува какво искуство има извозно кредитната агенција со купувачот. Ова е важно за да се утврди вкупната потенцијална изложеност на извозно кредитната агенција, вклучувајќи ја апликацијата во разгледување. Негативните информации и искуство, се знак на претпазливост, а доброто искуство подразбира давање на поддршка.

2) Какво е претходното искуство на извозникот со странскиот купувач? Ова е исто така многу значаен елемент при проценката на купувачот. Ако извозникот претходно успешно соработувал со купувачот и доколку се работи за приближно иста вредност со претходната апликација за кредит, постои силна индикација дека купувачот е способен да продолжи да ги плаќа своите обврски кон извозникот. Доброто искуство од претходните плаќања е веројатно најдобриот индикатор дека и идните плаќања ќе бидат без одложување. Исто така нормално е извозникот да има значајни информации за купувачот и за бизнисот на купувачот, кои може да бидат корисни при носењето на одлука за одредување на висината на кредитниот лимит. Меѓутоа, често информациите добиени од извозникот, извозно кредитните агенција ги споредуваат со информации и од други извори.

3) Колку време купувачот го работи својот бизнис? Должината на времето во бизнисот е важен елемент при проценувањето на кредитоспособноста на купувачот. Одредени позитивни претпоставки се носат во врска со компанијата што била во бизнис и функционира повеќе години и што ефикасно работи, за разлика од ново формираните или пак компании кои што функционираат само неколку години. За компаниите кои работат подолго време, извозно кредитните агенции нормално претпоставуваат дека имаат ефикасен и успешен менаџмент, веројатно е да имаат позитивни извештаи за плаќањата кон кредиторите и се во индустрии кои се доволно стабилни за остварување на бизнис проекциите. Кога се работи за ново основана компанија или компанија која функционира само неколку години, неопходно е да се посвети поголемо внимание при кредитната проценка, особено во поглед на адекватната капитализација и квалитетот и искуството на менаџментот.

4) Дали директорите и менаџерите на компанијата купувач имаат доволно искуство и дали се успешни во својата работа? Знаеме дека квалитетот на менаџментот е критичен елемент за успех во бизнисот, особено во индустриите и економиите каде што постои силна конкуренција и каде за опстанок на пазарот е неопходен ефикасен менаџмент. Како резултат на тоа, извозно кредитните агенции се фокусираат на идентитетот на менаџерите и нивното професионално искуство. Доколку постои нов недокажан менаџмент, во тој случај претпазливо ќе бидат одобрени кредитните лимити.

5) Дали се случиле промени во менаџментот или пак во сопственичката структура на компанијата? Доколку се случиле какво е влијанието врз бизнисот? Во компании каде што се случиле битни промени во менаџментот, извозно кредитните агенции посветуваат поголемо внимание во носењето на претпоставки базирани на претходната трговска работна историја на компанијата. Се настојува да се добијат информации за искуството и работната историја на новиот менаџмент. Каде што имало промени во сопственоста, се води грижа за утврдување дали се случиле негативни промени во политиката на компанијата, како што е зголемување на задолжувањето, продолжување на роковите за плаќање кон кредиторите или повисоки исплати на дивиденди.

6) Дали е купувачот диверзифициран или работи со еден или неколку производи. Ако работи само со еден или неколку производи, каков е бизнис циклусот во неговата дејност? Многу индустрии се под влијание на бизнис циклуси кои може да предизвикаат високо ниво на банкротства, како што е градежната индустрија или трговијата со некои видови на стоки.

7) Дали компанијата има историја на задоцнети плаќања? Ова е критичен елемент при носењето на одлука за осигурување на извозни кредити. Ако постои историја на неплаќања или значајни задоцнувања во плаќањето на долговите, покривањето е оспорливо, освен ако постои оправдана причина дека минатото однесување нема да се повтори во иднина. Оправдана причина може да биде промена во менаџментот или промени во сопственичката структура на претпријатието, со цел да се постави таква организираност на менаџментот што ќе ги извршува трговските долгови, или пак друга причина е да се инјектираат средства во претпријатието кое што функционира со помало од потребното ниво на обртен капитал. Секоја компанија која има историја што се карактеризира со неплаќање или продолжено неплаќање, се оспорува при добивање согласност за финансирање или осигурување. Мало внимание се посветува за побарувањата на извозникот, кога постојат специјални односи помеѓу извозникот и купувачот, што подразбира дека долговите кон извозникот ќе бидат фаворизирани пред останатите.

8) Дали е адекватен обртниот капитал на компанијата должник? Адекватноста на обртните средства на едно претпријатие е критично прашање при носењето на одлука за осигурување на извозни кредити. Компанијата може да има бројни долгорочни проблеми, како што се повисоко ниво на долгови од вообичаеното, или постепено опаѓање на профитабилноста. Ова би било загрижувачко за инвеститорот или за кредиторот на долг рок и секако дека ќе се рефлектира во одреден дефицит на обртни средства. Обртните средства или обртниот капитал (working capital) се дефинира како разлика помеѓу тековните средства и тековните обврски, каде во тековни средства се вбројуваат паричните средства во готовина, побарувањата и залихите, а во тековни обврски спаѓаат долговите, долгови со втасаност за плаќање на карток рок, односно за период до 12 месеци. Од обртниот капитал зависи дали компанијата ќе може да ги исполни своите тековни обврски како што тие доспеваат за наплата. Адекватноста на обртниот капитал се мери и е условена со „current ratio“ (тековниот однос) кој се добива како количник помеѓу тековните средства и тековните обврски. Јасно е дека компанија со бавна реализација на средствата од побарувањата и со навремена отплата на долговите не може да има прифатлив кредитен ризик, освен ако постои надворешена поддршка од акционерите, директорите и банката на купувачот. Меѓутоа, спорно е прашањето што да се смета за адекватно ниво на обртен капитал. Генерално „current ratio“ од 1,5 до 1 се смета за солиден од страна на извозно кредитните агенции. Осигурителите ги прифаќаат купувачите и со понеповолно ниво на тековен сразмер од пропишаното и може да им одобрат кредити на купувачите доколку вкупните информации индицираат дека не се работи за сериозен проблем. Исто така корисна информација (доколку е достапна) е да се види и просекот на „current ratio“ на индустријата во која работи должникот-купувачот.

9) Дали е купувачот профитабилен? Бидејќи извозно кредитните агенции се загрижени за профитабилноста на должникот, од аспект на краткорочните трговски кредитирања, најбитната работа што осигурителите ја проверуваат е дали купувачот е профитабилен и дали постојат трендови кои укажуваат на опаѓање на неговата профитабилност. Два релевантни индикатори што се користат за оваа цел се: принос од продажбите (нето профит после оданочувањето/нето продажбите), и принос од имот (нето профит после оданочувањето/вкупниот имот). Тешко е да се одреди кое е прифатливо ниво на профит од аспект на ризиците при краткорочното кредитирање. Нормално треба да се види просекот во индустријата во која работи должникот, доколку е достапен таков податок. Не е добро ако компанијата во последниот период направила загуби, освен ако причината е оправдана и краткотрајна, а резервите се доволни за да овозможат континуирана трговија. Во случај да постои опаѓање на профитабилноста или ако компанијата е изложена на реални загуби, но и покрај тоа се проценува како добра за краткорочни трансакции, кредитното одобрување е најчесто лимитирано во време, за да се овозможи навремена ревизија на состојбата.

10) Дали нето вредноста на компанијата е на задоволително ниво? Нето вредноста претставува разлика помеѓу вкупните средства и вкупните обврски на компанијата и таа го претставува износот расположлив за акционерите на компанијата и износот употреблив за покривање на загубите. Колку е поголема нето вредноста, толку се помали изгледите за инсолвентност. Но, не треба да се полага голема доверба во износот на нето вредноста, туку побитно е да се провери квалитетот на средствата и способноста на компанијата да ги конвертира средставата во готовина, со кои ќе може да ги плати краткорочните обврски. Но, кредитите не се одобруваат единствено врз основа на нето вредноста, особено кога има изгледи дека компанијата е во финансиски потешкотии, и постојат сомневања во квалитетот или ликвидноста на средствата.

11) Дали купувачот е во фаза на експанзија, контракција или рамнотежа? Ако бизнисот брзо се шири, некои елементи од билансите на компанијата, треба внимателно да се следат. Премногу брзата експанзија може да биде опасна ако ресурсите на компанијата се на граница. Најважниот елемент што треба да се провери кај една компанија која е во експанзија е позицијата и трендот на обртниот капитал. Другите битни елементи се профитабилноста и сервисирањето, односно отплатата на долговите. Компанија со историјат од кој се гледа оперативна профитабилност и ефективност, и е во фаза на врамнотеженост на своите активности се рангира со поволен кредитен ризик. Меѓутоа, ако бизнисот е во опаѓачка фаза, извозно кредитните агенции се загрижени за квалитетот на менаџментот како и за надворешните економски фактори кои може да влијаат на трговските операции на купувачот, како на пример дерегулацијата која може да го зголеми нивото на конкуренцијата во индустријата на купувачот или да влијае на нивото на бизнис циклусот во индустријата на купувачот. За да се одреди трендот на компанијата треба да се извршат анализи на финансиските извештаи за последните неколку години.

12) Дали кредитот е обезбеден и соодветно структуриран? Дали има промени во должничкиот профил на купувачот? Ова може да се утврди преку „debt/equity ratio“ на купувачот, што всушност претставува количник помеѓу вкупните долгови и акционерскиот капитал. За да се одреди значењето на „debt/equity ratio“ неопходно е да се земе во предвид просекот во индустријата во која работи купувачот. Некои индустрии (дејности) како што е банкарството имаат повиск debt/eqity ratio, но ова се должи на природата на бизнисот. Постои општо начело дека за производствените и трговските

компании е својствено да имаат debt/equity ratio не повеќе од 2:1. Доколку debt/equity ratio е повисок од просекот во дејноста, други фактори ќе треба да се анализираат и проучат, како што се нивото на обртниот капитал и сервисирањето на долговите. Долговите што се соодветно структурирани овозможуваат сервисирање во време кое што е најпогодно согласно паричните текови на должникот. Извозно кредитните агенции често наидуваат на ситуации каде купувачот е зависен од обртни средства и има потреба од краткорочно пречекорување на лимитот. Купувачот во ваква ситуација може потполно да зависи од спремноста на банката да му одобри краткорочни позајмувања. Во вакви случаи извозно кредитнитната агенција мора да употреби разумност и добра проценка. Многу компании тргуваат со вакви услови, и не би било реално да се одбие кредитирање базирано на вакви факти. Во случаи кога постои влошување на финансиските околности, извозно кредитните агенции може да побараат од купувачот да им обезбеди пишани потврди за продолжена поддршка од банката.

13) Дали постојат негативни елементи како што се спорови, судски постапки или политички настани што неповолно би влијаеле на купувачот или на пазарите на купувачот? Осигурителот треба да биде свесен за настаните и околностите што може да имаат негативно влијание врз способноста на купувачот да плати. Споровите, судските процеси или владини мерки сериозно влијаат на увозникот-должникот, и затоа тие се истражуваат детално од извозно кредитните агенции за да се утврди дали претставуваат закана за извршување на плаќањата од трговските трансакции.

14) Дали е квалитетен кредитниот извештај (credit report) и дали ја препорачува, одобрува трансакцијата според износот и условите за плаќање? Осигурителот се обидува да провери и утврди дали се квалитетни информациите во извештајот, или се работи за непотврдени изјави од сопствениците или менаџментот на претпријатието купувач. Квалитетот на извештајот зависи од изворот на информациите во него, особено ако постои независна проверка на извештаите за плаќањата на купувачот. Треба да постои добра причина, прецизно објаснета доколку во кредитниот извштај постои негативна препорака за финансирање или осигурување.

15) Дали извозникот е компанија со соодветен бонитет? Квалитетот на извозникот може да биде исто толку значаен индикатор како и квалитетот на купувачот. Повеќето извозно кредитни агенции внимателно проверуваат за да се осигураат дека извозникот има искуство во извозните работи. Извозно кредитните агенции исто така го испитуваат квалитетот на системот на кредитната контрола на извозникот, како и неговите извештаи за наплата на извозните побарувања. Ако е очигледно дека се работи за извозник со висок квалитет, големо значење треба да се даде на мислењето што извозникот го има за купувачот. Добрите извозници често се наградени со тоа што им се дава надлежност, да направат сопствена проценка на комерцијалните ризици, нормално во границите на претходно воспоставената рамка од извозно кредитната агенција.

## ЗАКЛУЧОК

Долгорочниот успех на извозно кредитните агенции зависи од нивната умешност за реална проценка на комерцијалните и политичките ризици, од разбирањето на можностите за наплата на индивидуални трансакции, како и од наплатата на соодветен надомест за покривање на сите трошоци (во кои секако дека е вкалкулиран и разумен профит) за извршените услуги на финансирање, гарантирање и осигурување на извозни кредити. Програмите на извозно кредитните агенции се создадени првенствено за намалување на ризиците со кои се соочуваат извозниците во надворешно трговското работење, но секако и за олеснување на нивниот пристап до банките кои го финансираат извозното работење. На овој начин, извозниците можат да им одобрат кредити на нивните странски партнери под услови што се поконкурентни од оние понудени од извозниците од други земји. Доколку работата и програмите на извозно кредитните агенции ги охрабрат извозниците од една земја, ќе следува соодветно подобрување и на платниот биланс на земјата, под претпоставка дека увозот нема да расте со поголема стапка од претходниот период. Логично, зголемувањето на извозот ќе резултира со зголемување на производството што подразбира нови вработувања и подобра искористеност на производните капацитети. Меѓутоа, при вршењето на својата функција извозно кредитните агенции се соочуваат со тековни и потенцијалните трошоци поврзани со извозните кредити, гаранциите и програмите за осигурување кои им ги нудат на извозниците од нивните земји. Превземањето на ризици може да предизвика потенцијално големи загуби за извозно кредитните агенции и за комерцијалните банки поради неспособноста на купувачите да ја платат увезената стока во договорениот рок. Одобрувањето на голем број кредити за продажба на стока наменета за странските купувачи може да резултира во помалку расположливи кредити за домашни потреби.

## ЛИТЕРАТУРА

[1] Gianturco, E. D., Export Credit Agencies - The unsung giants of international trade and finance, Westport, CT, USA Quorum Books, 2001.

[2] The Arrangement on Guidelines for Officially Supported Export Credits, Washington DC, OECD, 1998
[3] Berne Union Agreements, Understandings and Obligations in the Export Credit Insurance Field, London, Berne Union, 1989.
[4] Export Credit Finansing Systems in OECD Member Countries and non-member economies, Paris, OECD, 2006.
[5] Николовски, А., Петрушева Н., Економика на осигурување, Скопје, ФОН Универзитет, 2011.
[6] Наумовски В., Манаковски С., Бислимовски В. и Петрушев Ѓ., Ризична класификација на претпријатијата во кредитна анализа, Скопје, 2002.

# PRODUCT DEVELOPMENT AND INNOVATION PRODUCTION PROGRAM AS A GENERATOR OF ORGANIZATION

**Ružica Stojanović MSc**

**Ljiljana Mihajlović PhD**

High School of Proffesional Applied Studies, Vranje, Republic of Serbia

# RAZVOJ PROIZVODA I INOVIRANJE PROIZVODNOG PROGRAMA KAO GENERATOR RAZVOJA ORGANIZACIJA

**M-r Ružica Stojanović,**
**D-r Ljiljana Mihajlović,**
Visoka škola primenjenih strukovnih studija, Vranje, Srbija

**Abstract:** The Company can not long retain the same production line not introducing any changes. A company may in many ways to come up with new products and include them in your marketing strategy. What it can do its own scientific research, buying licenses, joint ventures, integration with enterprise - innovator. The concept of the new product has three basic meanings. The new product can be:
Brand new product - is a completely new market and offering innovative benefits (for example, used to be a VCR or personal computer);
Modified an existing product - is a modified version of an existing product in terms of: quality, functional properties, benefits or safety of products, styles, but the modified product is totally innovative and is not significantly differentiated in relation to the existing product;
Imitative product - is new to the company but it is already known to the market (the copied product competition).
**Keywords**: product, market, marketing, consumers

**Apstrakt:** Preduzeće ne može dugo da se zadrži na istom proizvodnom programu ne uvodeći nikakve izmene. Preduzeće može na različite načine da dođe do novih proizvoda i uključuje ih u svoju marketing strategiju. Ono to može da učini sopstvenim NIR-om, kupovinom licence, zajedničkim ulaganjima, integracijom sa preduzećem-inovatorom.Pojam novi proizvod ima 3 osnovna značenja. Naime, novi proizvod može da bude:
Potpuno novi proizvod – predstavlja potpun novitet za tržište i nudi inovativne koristi (na primer, nekada je to bio videorikorder ili personalni računar);
Modifikovani postojeći proizvod – predstavlja modifikovanu verziju postojećeg proizvoda u pogledu: kvaliteta, funkcionalnih svojstava, pogodnosti ili sigurnosti proizvoda, stila; no modifikovani proizvod nije potpuno inovativan i nije bitno diferenciran u odnosu na postojeći proizvod;
Imitativni proizvod – nov je za preduzeće ali je već poznat tržištu (kopirani proizvod konkurencije).
**Ključne reči:** proizvod, tržište, marketing, potrošači

## UVOD

Razvoj proizvoda je jedan od najvažnijih procesa u svakom preduzeću. Proizvod je osnov opstanka preduzeća, tj. razmenom proizvoda preduzeće obezbeđuje neophodna sredstva za opstanak. Cilj svakog preduzeća je da razvije proizvod koji će najbolje zadovoljiti potrebe kupaca i biti bolji od konkurencije.
Prilikom razvoja prisutni su brojni rizici. Mnogi proizvodi ne uspeju da prođu fazu lansiranja. Neki od rizika su: top menadžment ne može da utiče da se loša ideja pretvori u proizvod, proizvod nije dobro dizajniran, tržište nije prihvatilo proizvod, konkurencija je razvila proizvod bolji od matičnog i mnogi drugi. Uloga marketing u procesu razvoja je da smanji neizvesnost uspeha novog proizvoda kod kupaca. Marketing je u početku imao marginalnu ulogu u krajnjim fazama razvoja, međutim danas obuhvata celokupan proces razvoja proizvoda i zauzima jedno od ključnih mesta.

## 1. KOMPARACIJA RELACIJA IZMEĐU POJMOVA: Potrebe, želje, zahtevi, vrednost i zadovoljstvo

Ljudske potrebe predstavljaju tenziju ili nezadovoljstvo koje osoba želi da ublaži ili otkloni. Potreba je nedostatak nečega što se smatra neophodnim i korisnim. Potrebe nisu plod ni socijalnog ni tržišnog okruženja. Uloga marketinga je da otkrije koje to potrebe proizvod treba da zadovolji kod kupaca!

Ustaljena je podela na:Definisane potrebe – potrebe koj kupci osećaju i razumeju; Nedefinisane potrebe – potrebe koje kupci osećaju a ne razumeju.

Odziv samo na definisane potrebe bio bi poguban po proizvod, što dovodi do zaključka da se dobrim razumevanjem potreba može otkriti sasvim nov način zadovoljenja određenih potreba, a samim tim i otvaranje novog tržišta.

Želje se definišu kao osećanje težnje, žudnje, poriva, apetita i dr. koje osoba doživljava kao usmerene prema nekom predmetu ili objektu. Želje zavise od socijalnog i tržišnog okruženja. Želje se mogu upravljati marketing aktivnostima. Potrebe se moraju zadovoljiti, a želje mogu imati alternative.

Potrebe se ispunajvaju zahtevima i tražnjom potrošača za proizvodima i uslugama na tržištu, čijom kupovinom bi ublažili ili otklonili tenziju i ostvarili željeni nivo blagostanja.

Da li će kupac kupiti naš proizvod, ili proizvod neke druge kompanije zavisi od toga ko će bolje zadovoljiti njegove potrebe! Zadovoljenjem potreba kupca bolje od konkurencije stiče se konkurentska prednost na tržištu!

Proces kupovine započinje kada kupac prepozna potrebu ili problem. Tada započinje prvo pasivno a onda aktivno traženje informacija o proizvodima. Kada je prikupio dovoljno informacija kupac pristupa procesu evaluacije alternativa, i upoređuje proizvode prema vrednosti koju on ima za njega. Na kraju, donosi konačnu odluku o kupovini.

Kupac će dakle, kupiti proizvod koji za njega ima najveću procenjenu vrednost. Vrednost je kupčeva procena o kapacitetu proizvoda da zadovolji njegove potrebe. Kupac vrednost određuje kao razliku totalne vrednosti za kupca i totalnih troškova za kupca.

**Totalna vrednost za kupca** – skup dobiti koje kupac ima kupovinom proizvoda. Obuhvata vrednost proizvoda, vrednost usluge, vrednost osoblja, vrednost imidža.

**Totalni troškovi za kupca** – skup troškova koje kupac treba da plati korišćenjem proizvoda. Obuhvata utrošak novca, utrošak vremena, utrošak energije, psihički utrošak.

## 2. MARKETING PLANIRANJE RAZVOJA NOVOG PROIZVODA

Razvoj novog proizvoda, kao odgovor na zahteve tržišta, počinje od informacija koje se prikupljaju iz okruženja. Na osnovu njih definiše se strategija, koja predstavlja integracioni faktor funkcija u preduzeću i faktor usklađivanja ciljeva sa ciljevima preduzeća. Da bi se dostigli marketing ciljevi potrebno je definisati marketing strategiju.Marketing strategija – treba da obuhvati selekciju i analizu ciljnog tržišta, kao i kreiranje odgovarajućeg marketing miksa i zadovoljenje potreba kupaca u ciljnim tržištima. Ona obuhvata izvor jednog ciljnog tržišta i razvoj odgovarajućeg miksa koji će zadovoljiti potrebe kupaca na tom tržištu.

Marketing strategija treba: da zadovolji potrebe i zahteve kupaca na ciljnom tržištu; da bude realna u odnosu na organizacione resurse; da bude u saglasnosti sa organizacionom misijom i ciljevima.

Konkurencija se može pobediti ako se poseduje proizvod boljeg kvaliteta, boljih karakteristika, i niže cene, tj. ako je proizvod konkurentniji!

Najvažnije za jednu kompaniju je da uskladi svoje mogućnosti sa odgovarajućim mogućnostima na tržištu. Svaka konkurentska prednost mora da zadovolji četiri kriterijuma:

1. Da bude vidljiva za kupca;
2. Da ne bude slična kao rešenje druge kompanije;
3. Da ne može lako da se kopira od drugih firmi;
4. Da obezbeđuje profitabilnost, a ne gubitke;

Konkurentska prednost se može ostvariti iz mnoštva internih i eksternih izvora.

**Eksterni izvori:**

- Povezanost sa kupcima,
- Pravni aspekti,
- Povezanost sa dobavljačima.

**Interni izvori:**

- Prednosti vezane za 4P Marketing miska,
- Prednosti vezane za osoblje kompanije.

## 3. PROCES RAZVOJA NOVIH PROIZVODA

Proces razvoja novih proizvoda je proces transformacije tržišnih zahteva i potreba, tehničkih ideja i tržišnih mogućnosti u novi proizvod. Ovo je osnovni proces od koga zavisi opstanak jednog preduzeća. Ako proces transformacije nije uspešan, preduzeće može ugroziti svoj rad.

Najvažniji činioci koji dovode do neuspeha procesa razvoja proizvoda su:Nedostatak detaljnih analiza potrebnih pre samog procesa razvoja proizvoda; Nepostojanje jake veze i diskontinuitet između marketinške i istraživačke funkcije; Nepostojanje same marketing strategije u fazi razvoja proizvoda

Poslednja stavka dovodi do toga da se marketing strategija razvija tek kada je proizvod završen u prototipskom odeljenju i spreman za probnu proizvodnju. Dolazi do pojave u kojoj marketing funkcija «ne oseća» proizvod, i da proizvod ne može da se identifikuje sa mark. strategijom.

Proces počinje istraživanjem radi generisanja što više ideja, od kojih treba izdvojiti samo one koje će zadovoljiti ciljno tržište i biti u skladu sa strateškim elementima preduzeća. Tada se može pristupiti poslovnoj analizi isplativnosti razvoja takvogproizvoda, kako bi se donela konačna odluka da li se ulazi u razvoj. Ako se donese pozitivna odluka ulazi se u razvoj proizvoda, a sam razvoj obuhvata projektovanje proizvoda i svih njegovih sklopova, podsklopova i delova sa inženjerskog stanovišta. Da bi se utvrdilo da li je proizvod odgovorio na zahteve potrošača, potrebno je sprovesti testiranje u laboratoriji i u realnim uslovima u kojima se koristi proizvod. Kada se utvrdi da proizvod zadovoljava postavljene zahteve, prelazi e na komericjalizaciju proizvoda.Sekvencialni procesi su se vremenom transformisali pod uticajem zahteva za smanjenjem vremena razvoja, povećanjem efikasnosti i smanjenjem troškova razvoja.Modifikovani procesi razvoja zasnivaju se na preklapanju faza prema određenim principima. Procesi sa preklapanjima su veoma složeni i preklapanje se može izvoditi na više načina. Može se izvršiti preklapanje procesa koji nisu međusobno zavisni, ali se može izvršiti i preklapanje faza prema funkcijama u preuzeću.Sledeća geenracija procesa bazirana je na neformalno definisanim fazama Posle određenih faza su definisani procesi ocenjivanja kako se ne bi desilo da loša ideja prođe u sledeću fazu. Definisana su mesta na kojima će se proces kontrolisati – kapije.Prednosti ovog procesa su:Nedostatak gubitaka uslef grešaka u ranima fazama razvoja proizvoda; Bolja alokacija resursa; Reciznije definisanje projekta razvoja i lakše praćenje odvijanja projekta.

## 3.1. RAZVOJNI TIM

U razvoj proizvoda uključeni su timovi različitih funkcija u preduzeću, koji koriste veliku količinu poataka i koji takođe i generišu veliku količinu podataka. Bitna je komunikacija izmađu ključnih činilaca procesa razvoja: marketinga, razvoja i proizvodnje.Interdisciplinarni timovi treba da obezbede:Širu bazu znanja; Smanjenje vremena do komercijalizacije; Smanjenje troškova; Veću brzinu rešavanja problema

Tim može biti sastavljen od jezgra tima sa vođom tima, a može biti sastavljen i od jezgra tima i proširenog tima. Jezgro tima ne treba da sadrži previše zaposlenih da se ne bi narušila konzistentnost.

Po pitanju vremena, potrebno je vreme da se zaposleni naviknu na rad u interdisciplinarnom timu. Najpre je bitno savladati nov način rada, komunikacije i razmene informacija.Najkritičnija komunikacija je između funkcija marketing i funkcija istraživanja i razvoja. Najvažnije barijere su:Predrasude, stereotipi o razlikama ovih funkcija; Kultura koja proističe iz različitih razvojnih okruženja; Organizacione barijere, različiti načini i metodi rada; Terminološke barijere, različiti načini definisanja elemenata poslovanja.

## 3.2. FAKTORI I RIZICI KOJI UTIČU NA RAZVOJ PROIZVODA

Prema istraživanjima koja su vršena, postoji deset ključnih faktora za uspeh proizvoda:Vrhunski proizvod koji će ponuditi jedinstvenu vrednost kupcu; Veoma dobro definisan razvoj proizvoda; Kvalitet u izvršenju tehničkih aktivnosti; Tehnološka sinergija; Kvalitet u izvršenju aktivnosti u procesu pre razvoja proivoda; Marketing sinergija; Kvalitet u izvođenju marketing aktivnosti; Atraktivnost proizvoda; Postojanje kompetitivnosti; Podrška top menadžmenta.

Nivo neizvesnosnti kod razvoja novih proizvoda zavisi od:Dinamičkog okruženja; Nekompletne informacije; Dvosmislene situacije; Nejasnoće ciljeva; Pritiska vremena; Umešanosti politike; Subjektivnosti rukovodstva.

Dobro definisan proces karakteriše se:Koordinacijom; Planom; Menadžmentom; Unapređenjem; Obezbeđenim kvalitetom.

Postoje brojne tehnike prikupljanja podataka, navešćemo neke:

*Morfološka analiza* – metoda koja se koristi prilikom identifikovanja strukturne dimanzije problema i njihove varijacije, kako bi se drugačijim povezivanjem definisao proizvod novih mogućnosti.

*Brainstorming* – tehnika stimulisanja kreativnog razmišljanja, izvodi se u grupi 5-10 ljudi. Grupa ima moderatora koji postavlja pitanja. Članovi grupe daju odgovore ali ne smeju kritikovati druge: tehnika može biti tiha (odgovori se zapisuju), ili glasna (odgovori se glasno govore).

*Fokus grupe* – koriste se kako bi se snimilo iskustvo korisnika u radu sa proizvodom. Fokus grupe se organizuju u specijalnim prostorima sa poluprovidnim ogledalima, koje su ozvučene i pod video nadzorom. Potrošačima se prikazuju proizvodi kako bi se utvrdile prednosti i nedostaci.

*Lista atributa* – metoda u kojoj treba navesti sve atribut jednog proizvoda. Tada se pristupa modifikaciji atributa kako bbi se izvršilo poboljšanje proizvoda. Generisanje novih kombinacija atributa ostvaruju se postavljanjem novih pitanja vezanih za atribute.

*Mišljenje eksperata* – naročito ako su oni korisnici proizvoda, i ukoliko su eksperti vodeći je veoma značajan resurs. Eksperti mogu biti iz okruženja ili unutar kompanije. Ekspertska znanja se najčešće prikupljaju intervjuisanjem.
Da bi prikupljanje informacija bilo što kreativnije potrebno je obuhvatiti veći broj ispitanika iz različitih grupa, jer različiti ljudi poseduju različita znanja i veštine, životne puteve, iskustva, i na osnovu toga imaju različite poglede na istu stvar. Važno je da se odluka o idejama ne donosi dok se ideje ne uobliče i dobiju strukturu, jer postoji opasnost odbacivanja dobre, odnosno prihvatanja loše ideje usled neinformisanosti.

## 4. ZAKLJUČAK

Faktori koji utiču na uspešnost prodaje novih proizvoda su sledeći: relativnaprednost, kompleksnost, usaglašenost, mogućnost probe, deljivost, ponovljivost, komunikativnost, prilagodljivost, troškovi, realizacija, rizik.Referentne grupe bitno utiču na proces prihvatanja proizvoda od strane kupaca. One utiču na aspiracije potrošača i način njihovog ponašanja. Za preduzeće koje lansira novi proizvod od značaja je da zna da li referentne grupe utiču na prihvatanje proizvoda, posebne vrste proizvoda istog tipa ili i na jedno i drugo. Preduzeće koje lansira novi proizvod mora raspolagati nizom informacija o potrošačima i tržištu uopšte, da bi stvarno i prilagodavalo prodaje proizvoda.

## 5. LITERATURA

[1] Kotler, F. (2001): Principi marketinga, Informator, Zagreb.
[2] Milisavljević, M. (1998): Marketing, Savremena administracija, Beograd.
[3] Stošić Mihajlović, Lj. (2013): Istraživanje marketinga, VŠPSS, Vranje.

# THE ROLE OF AUDIT IN IMPROVEMENT OF FINANCIAL REPORTING QUALITY

**Assist. Prof. Janka Dimitrova**
University Goce Delcev Stip, Republic of Macedonia, **janka.dimitrova@ugd.edu.mk**

**Prof. Dr. Risto Fotov**
University Goce Delcev Stip, Republic of Macedonia, **risto.fotov@ugd.edu.mk**

# УЛОГАТА НА РЕВИЗИЈАТА ВО ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ФИНАНСИСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ

**Доц. д-р Јанка Димитрова**
Универзитет Гоце Делчев Штип, Република Македонија, **janka.dimitrova@ugd.edu.mk**
**Проф. д-р Ристо Фотов**
Универзитет Гоце Делчев Штип, Република Македонија, **risto.fotov@ugd.edu.mk**

**Abstract:** Financial reporting is a key element for effective corporative management. Accountants and auditors are creators of financial information for all stakeholders. Financial information presented in financial reports should be prepared according to general accepted international standards for financial reporting, free from material misstatements. Misstatements in financial statements are usually result of fraud or errors, depending on њhether the error њas intentional or unintentional. Management has main responsibility for prevention and detection of any kind of fraud.
Auditor who conduct the audit in accordance with ISA is responsible for obtaining reasonable assurance that the financial statements as a њhole are free from material misstatement, њhether caused by fraud or error. In order to provide maximum professionalism and responsibility of auditors in performing the audit process, external quality control is introduced. This control should reassure all users of financial statements and other stakeholders that the audit of authorized auditors, audit companies and certified auditors - sole proprietors, meet the requirements of the basic principles of external quality control, as determined by the Audit Law and bylaws of IORRM, considering the basic international audit standards.
**Key words**: financial statements, auditor, fraud, misstatements, quality control

**Резиме:** Финансиското известување е клучен елемент за системот на корпоративното управување да функционира ефикасно. Сметководителите и ревизорите се основните даватели на информации на стеикхолдерите. Финансиските информации презентирани во финансиските извештаи треба да се подготвени во согласност прифатената законска рамка за финансико изветување ослободени од материјално погрешни прикажувања. Погрешни прикажувања во финансиските извештаи може да настанат поради измама или грешка. Разликата помеѓу измама и грешка е во тоа дали погрешното прикажување во финансиските извештаи е направено намерно или ненамерно. Основната одговорност за спречување и откривање на измама е на раководството. Раководството, треба да вложи максимален напор за спречување на измамата.Ревизор кој ја спроведува ревизијата во согласност со МСР е одговорен за стекнување разумно уверување дека финансиските извештаи земени како целина не содржат материјално погрешно прикажување било да е предизвикано од измама или од грешка. За да се обезбеди максимален професионализам и одговорност на ревизорите при вршењето на процесот на ревизијата воведена е институцијата надворешна контрола на квалитетот. Оваа контрола треба да ги увери и корисниците на финансиските извештаи и другите заинтересирани страни дека работата на овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци ги задоволуваат барањата од основните принципи за надворешната контрола на квалитетот, како што е утврдено со Законот за ревизија и со подзаконските акти на ИОРРМ, имајќи ги предвид меѓународните основни мерила.
**Клучни зборови:** финансиски извештаи, ревизор, измами, грешки, контрола на квалитет

## ВОВЕД

Корпоративното управување се базира на одговорни постапки на менаџментот при остварувањето на стратешките насоки и зацртаните цели на работењето, управувањето со ризиците и располагање на

ресурсите. Едно од важните начела на корпоративното управување е препознавање на важноста на информациите и нивното користење во бизнис процесите на компанијата. Корпоративно управување претставува систем со помош на кој компаниите се насочуваат и се контролираат.

Доброто корпоративно управување го промовира и поттикнува претприемачкиот дух, создава етичка и мотивирана работна средина, обезбедува подобар, соодветен и ефикасен однос кон човечките, материјалните и кон финансиските потенцијали. Исто така, овозможува поголема веројатност за пристап кон финансиски средства надвор од компанијата, зголемување на вредноста на друштвото, зголемување на довербата на јавноста кон компаниите, пазарот на капитал и националната економија. Постоечките акционери, потенцијалните инвеститори и другите корисници на извештаите сакаат да го намалат степенот на неизвесност во нивните одлуки преку барањето на информации кои ги сметаат за релевантни и доверливи.

Доброто корпоративно управување придонесува кон одржлив економски развој преку засилување на перформансите на компаниите и подигнување на нивото на нивен пристап до надворешни извори на капитал. Крајната цел е да се направат компаниите попрофитабилни и да се поддржува нивниот раст и развој.

Транспарентноста во работењето на компаниите во смисла на навремено и целосно обелоденување и известување со релевантни информации и податоци независно дали се тие од финансиски или од тековен карактер при редовното работење, треба да претставува предизвик за менаџментот на една компанија и е корпоративно начело без кое не може да се замисли функционирањето на една современа и развиена економија.

Ревидираните финансиските извештаи што се доставуваат во Регистарот на годишни сметки им овозможуваат на инвеститорите да ги проценат економските перформанси на едно друштво во минатото и неговата финансиска состојба во сегашноста. На тој начин се дава подобра проценка на ризиците и на бенефитите од вложувањата, како и заштита на сопствените интереси.

**ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Сметководствениот информативен систем на друштвото, обезбедува комплексна и комплетна информациска поддршка од квалитативна и квантитативна природа за оптимално деловно одлучување, којашто претставува интегрален процес на снимање, вреднување, собирање, подготовка и обработка на податоците, нивно генерирање во информации, за на крајот, истите да им се соопштат во пристапна форма на сите постојни и потенцијални корисници.

Сметководствените информации не служат само за потребите на деловното одлучување во рамките на деловниот субјект, туку со своите системски основи тие се користат и за планирање, контрола и регулирање на целокупното стопанисување, како на ниво на националните економии, така и пошироко. За да може да ги оствари своите цели во поглед на информираноста, сметководството ја следи состојбата и движењето на средствата во деловниот субјект, приходите и расходите што претставуваат основна содржина на информациите и на тој начин, тие стануваат инструмент на деловното одлучување.

Финансиските извештаи сочинуваат дел од процесот на финансиското известување. Целосен сет на финансиски извештаи вообичаено вклучува биланс на состојба, биланс на успех, извештај за промени на финансиската состојба (кој може да биде презентиран на различни начини, на пример, како извештај за паричните текови или како извештај за текот на финансиските средства) и белешки и други извештаи и објаснувачки материјали кои претставуваат составен дел на финансиските извештаи. Исто така, тие можат да вклучат и дополнителни прегледи и информации кои се очекува да бидат читани со ваквите извештаи.

Информациите, презентирани во финансиските извештаи во форма на квантитативни бројки, можат да се комбинираат, споредуваат, ставаат во соодност, за да се добијат показатели и коефициенти кои ќе значат повеќе од бројки, односно ќе се добијат квалитативни сознанија за работењето на компанијата.

Надворе{ните корисници немаат можност за добиваwе на целосни информации за работењето на деловните субјекти. Тие се потпираат на финансиските изве{таи. Токму затоа, во финансиските извештаи треба да се обелоденат сите информации кои се корисни за донесуваwе одлуки за инвестираwе и кредитираwе. Корисниците на финансиските изве{таи ги користат нив за да донесат некоја одлука. Инвеститорите се првите и нај~увствителните корисници, затоа {то тие се главни носители на ризик и ако финансиските извештаи ги задоволуваат нивните интереси, значи дека тие ќе бидат соодветни и за другите корисници.

**ИЗМАМИ ИЛИ ГРЕШКИ**

Финансиските извештаи мора да се подготвени во согласност со сите применливи МСФИ и интерпретации. Финансиското известување треба да обезбеди корисни информации за сегашните и

потенцијалните инвеститори, доверителите и за другите корисници, потребни за донесуваwе на рационални одлуки за инвестирање, кредитирање или слични одлуки. Информациите треба да бидат разбирливи за тие што имаат прифатливо разбирање на деловните и на економските активности и кои сакаат да ги проучат информациите со прифатлива анализа.

Одговорноста за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи во согласност на Меѓународните стандарди за финансиско известување што се во примена во моментот на известувањето е на менаџментот на деловниот субјект. Финансиските информации содржани во финансиските извештаи треба да бидат подготвени со максимално внимание, точност и врз основа на релевантна документација која се однесува на периодот на финансиско известување бидеј}и, врз основа на информациите {то ги даваат овие изве{таи се носат најразли~ни деловни одлуки. Овие информации можат да го добијат статусот “јавни исправи”, само доколку то~носта и веродостојноста на финансиските изве{таи биде на високо ниво.

Финансиските информации презентирани во финансиските извештаи треба да се подготвени во согласност прифатената законска рамка за финансико изветување ослободени од материјално погрешни прикажувања. Погрешни прикажувања во финансиските извештаи може да настанат поради измама или грешка. Разликата помеѓу измама и грешка е во тоа дали погрешното прикажување во финансиските извештаи е направено намерно или ненамерно. Основната одговорност за спречување и откривање на измама е на раководството. Раководството, треба да вложи максимален напор за спречување на измами и грешки, преку дизајнирање, имплементирање и одржување на систем на интерни контроли, што ќе резултира со подготвување и објективно презентирање на финансиски извештаикои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки и да примени соодветни сметководствени политики како и правење на сметководствени проценки кои се разумни во околностите.

## РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ПОДИГАЊЕ НА НИВНИОТ КРЕДИБИЛИТЕТ

Финансиските изве{таи, како основен извор на информации за работеwето на деловните субјекти, добиваат на тежина и веродостојност, односно го зголемуваат својот кредибилитет пред по{ироката јавност со ~инот на ревидираwе на истите. Со ревизијата, се зголемува кредибилитетот (веродостојноста) на податоците презентирани во финансиските изве{таи. Иако иднината е неизвесна, и не може да се предвиди со 100%-на сигурност, сепак, ако предвидуваwата се темелат на квалитетни и ревидирани информации, тога{ ризикот од ло{и одлуки ќе биде знатно минимизиран.

Зна~и, презентираните информации во ревидираните финансиски изве{таи имаат употребна вредност, како за менаxментот и сопствениците на компанијата при донесуваwе на одлуки за натамо{ното работеwе и развојни планови, така и за голем број на надворе{ни корисници како {то се: по{ироката јавност како потенцијални инвеститори, банките како кредитори, вработените, државата и т.н.. Токму затоа одговорноста на ревизорот е да изрази мислење дали финансиските извештаи се подготвени врз основа на општоприфатената рамка за финансиско известување и да ја спроведе ревизијата согласно Меѓународните стандарди за ревизија.

Меѓународните стандарди за ревизија бараат:

Да се почитуваат етичките барања и

Да се планира и изврши ревизијата на начин кој ќе овозможи да се добие разумно уверување дака финансиските извештаи не содржат материјално значајни пропусти и грешки.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од рассудувањето на ревизорот вклучувајки ја и проценката на ризиците од значајно материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на друштвото за да обликува ревизорски постапки кои се соодветни на околностите, но не за цел за изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.

Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ревизијата претставува независно испитување на финансиските извештаи на деловните субјекти, банки или други организации и врз основа на тоа испитување, давање независно мислење за веродостојноста на тие извештаи, а во согласност со барањата на поставената задача пред ревизорот, како и во согласност со соодветната законска и професионална регулатива.

**Со ревизијата се потврдува точноста на тврдењата во финансиските извештаи за сеопфатност, точност, постоење, случување, вреднување, мерење, права и обврски и презентирање и обелоденување.**

Во текот на ревизијата доколку се јави потреба (поради констатирани материјално значајни пропусти и грешки), ревизорот сугерира определени промени што менаџментот треба да ги вклучи во финансиските извештаи, така што менаџментот изработува прилагодени финансиски извештаи. Врз основа на извршената ревизија на финансиските извештаи, ревизорот формира (дава) мислење коешто може да биде:

- мислење без резерва - безусловно мислење;
- безусловно мислење со нагласување на одредено прашање;
- мислење со резерва;
- воздржување од давање мислење и
- негативно мислење.

Преку ревизорското мислење се зголемува употребната вредност на финансиските извештаи, и истите даваат поголема сигурност за актуелните и потенцијалните инвеститори, банките и другите корисници на финансиските извештаи на глобално ниво. Улогата на независната ревизија не се исцрпува со подобрувањето на квалитетот на финансиските извештаи, ами таа нуди и бројни информации и бенефиции за корисниците на презентираните информации и тоа на тој начин што директно ги штити и интересите на пошироката јавност.

**КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ ВО РЕВИЗИЈАТА**

Иницијалните чекори за унапредување на ревизијата во Република Македонија, се направени во Април 2009 година кога францускиот конзорциум составен од Compagnie Nationale Des Commissaires Aux Comptes (Институт на овластени ревизори) и Ordre Des Experts Comptables (Институт на овластени сметководители) почна да се спроведува Проектот "Контрола на квалитетот на овластените ревизори" во рамките на Проектот РЕПАРИС.

Фокусот на проектот е подобрување на довербата на финансиската заедница во финансиските извештаи на претпријатијата кај кои ревизија вршат овластени ревиозори во Република Македонија. Ефективниот режим за надворешна контрола на квалитетот ќе ги увери и корисниците на финансиските извештаи и другите заинтересирани страни дека стандардот на работата на овластените ревизори и друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци ќе ги задоволи барањата од основните принципи за надворешната контрола на квалитетот, како што е утврдено со Законот за ревизија и со подзаконските акти на Институтот на Оврастени Ревизори во Република Македонија (ИОРРМ), имајќи ги предвид меѓународните основни мерила.

Главната цел на проектот е да воспостави методологија и алатки за имплементација на системот на проверка на квалитетот на ревизорските услуги и да се објаснат сите дилеми околу пополнување на прашалниците Извештај за годишни активности (ГИА) за ревизија и Прашалник за прелиминирани податоци (ППП). Овие прашалници друштвата за ревизија ги пополнуваат секоја година најкасно до 15 – ти Јуни за извршените ревизии на финансиските извештаи за претходната година во тековната година. Истите се основа за избор на ревизорски ангажмани над кои ќе се врши контрола на квалитет од страна на овластени контролори на квалитет во ревизијата вработени во ИОРРМ.

Контролата на квалитет кај друштвата за ревизија опфаќа најмалку:

- проверка на системот за контрола на квалитет кај друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци;
- потврдување на независноста на овластениот ревизор од субјектот на ревизија;
- потврдување на усогласеноста на ревизорските процедури со ревизорските правила и стандарди;
- оценка на квалитетот во поглед на ангажирани ресурси и тоа: составот на тимот за ревизија и работните часови;
- проверка на наплатениот надоместок за ревизија и
- директна контрола на овластените ревизори преку проверка на целокупната ревизорска документација на најмалку еден субјект на ревизија во периодот од последната контрола.

Контролата на квалитет кај друштвата за ревизија се спроведува најмалку еднаш на три години според годишна Програма донесена од Институтот и/или на писмено барање на Советотза унапредување на ревизијата.

Овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци, подлежат на систем за контрола на квалитетот заради усогласеност на работењето на ревизорите со процедурите за вршење на ревизија пропишани со Меѓународните стандарди за ревизија, Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC и националното право.

Системот за контрола на квалитетот треба да ги исполнува следниве критериуми:

- да е независен од овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци кои се предмет на контрола на квалитетот,
- да подлежи на надзор од страна на Советот,
- да има обезбедено начин на финансирање и да е ослободен од какво било неповолно влијание од овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци и
- да е овластен ревизор кој е независен од ревизорите кои се предмет на контрола.

Институтот донесува интерни акти кои го вклучуваат системот за контрола на квалитетот во кој се наведени деталите за организациската и кадровската поддршка на контролата на квалитетот на ревизорите. Лицата одговорни за контрола на квалитетот во рамките на контролата на квалитетот вршат проверка на документацијата и ја оценуваат усогласеноста на извршената ревизија со пропишаните Меѓународни стандарди за ревизија, барањата за независност, износот на ревизорскиот надоместок и интерниот систем за управување со квалитетот на друштво за ревизија.

Датумот на контрола на квалитетот го одредува Институтот и за истиот ревизорот се известува најмалку 30 дена пред почетокот на контролата. Од моментот на известувањето до завршувањето на контролата на квалитетот, овластените ревизори и друштвата за ревизија немаат забрана за вршење на работи на ревизија согласно со овој закон. Овластените ревизори и друштвата за ревизија на лицето одговорно за контрола на квалитетот му доставуваат листа на субјекти на ревизија чии финансиски извештаи биле предмет на ревизија од страна на овластениот ревизор или друштвата за ревизија и на барање ја ставаат на располагање целокупната документација побарана од страна на лицето одговорно за контрола на квалитетот.

Лицето одговорно за контрола на квалитетот доставува извештај за извршената контрола на квалитетот до Комисијата за контрола на квалитетот во Институтот и Советот. Во извештајот за извршената контрола на квалитетот ги наведува сите идентификувани недостатоци и препораки за начинот и крајниот рок за нивно отстранување“ и резимиран извештај со оценка на ангажманот која може да биде Задоволително, Задоволително со потреба од натамошно разгледување и Незадоволително.

Осигурувањето на високи нивоа на квалитет во рамки на една ревизорска организација вклучува последователни детални чекори што мора да се преземат во одреден временски период. Всушност, тоа е бескраен процес на континуирано подобрување. Првиот услов е да се дефинираат стандардите за квалитет, а потоа да се воведат постапки за контрола на квалитетот коишто ќе се погрижат овие стандарди да бидат исполнети.

## ЗАКЛУЧОК

Во 21-от век е време на иновации и континуирани промени. Успешното корпоративно управување со деловните субјекти бара перманентна посветеност на менаџментот преку рационално користење на производните ресурси, перманентно усовршување на персоналот, креирање на иновативни производи и квалитетно финансиско известување со примана на општоприфатената рамка за финансиско известување. Со ревизијата на финансиските извештаи се подига кредибилитетот на презентираните информации во финансиските извештаи, кои се основа за носење на стратешки и инвестициски одлики од страна на сите стеикхолдери. Преку воведување на контрола на квалитет во ревизијата се осигурува високо нивоа на квалитет при вршењето на ревизијата на финансиските извештаи

## ЛИТЕРАТУРА

Ацески д-р Благоја, Трајкоски д-р Бранко: Интерна и екстерна ревизија, Економски факултет-Прилеп, 2004 година

Божиновска Лазаревска д-р Зорица: Ревизија, Економски факултет-Скопје, 2001.

Витанова д-р Гордана, Финансиски пазари и институции, Економски факултет, Прилеп, 2003.

Dimitrova, Janka and Fotov, Risto and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Todorovska, Marija (2014) Retrospective of Macedonian Capital Market for the Period 2004-2013. *International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 15 (2). pp. 289-309. ISSN 2307-4531*

*Доцент д-р Јанка Димитрова (2012)* Одговорноста на сметководителите, менаџментот и ревизорите за веродостојноста, квалитетот и кредибилитетот на финансиските извештаи. *In: Конвергенција на основите на финансиското известување во услови на економска криза и позиционирање на сметководствената професија во рамките на овој процес, 15-17.11.2012, Сојуз на сметководители на Република Македонија, Струга.*

*Доцент д-р Јанка Димитрова (2012)* Ревизорското мислење за финансиските извештаи во улога на глобален информатор. *In: ICBEF – From Liberalization to Gl*obalization, 13-15.09.2012, University “Goce Delcev”- Stip, Faculty of Economics.

Закон за ревизија *Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014 и 138/2014*

# ФИСКАЛНАТА ПОЛИТИКА И ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ

**Доц. д-р Илија Груевски**
Универзитет "Гоце Делчев" – Штип, Република Македонија ilija.gruevski@ugd.edu.mk

**Доц. д-р Стеван Габер**
Универзитет "Гоце Делчев" – Штип, Република Македонија stevan.gaber@ugd.edu.mk

# FISCAL POLICY AND ECONOMIC DEVELOPMENT

**Ass. prof. Ilija Gruevski PhD**
"Goce Delcev" Universiy – Stip, Republic Macedonia ilija.gruevski@ugd.edu.mk
**Ass. prof. Stevan Gaber PhD**
"Goce Delcev" Universiy – Stip, Republic Macedonia stevan.gaber@ugd.edu.mk

**Abstract:** Contemporary trends of fiscal reform indicate on the certain change in perception for the role and significance of fiscal policy. The financial crisis, collapses of financial markets, deep recessions, increasing rates of unemployment as well as the rise of social discontent represent signs that the time has come for crucial change in the priorities of general economic policy governed by the states. In that context, the fiscal policy which is considered as an integral part of the general economic policy, has undergone modifications of its role and overall objectives. Therefore, as one of the most fundamental roles of the fiscal policy, imposed by the present day's global transitions and trends, is the role for promotion and support of economic development, which is thought to be the safest route to maintain economic stabilization and overcame the economic crisis.
**Key words:** fiscal policy, economic growth, economic development, role, fiscal measures.

**Резиме:** Современите трендови на фискалните реформи полека, но сигурно упатуваат на промена во перцепцијата за улогата и значењето на фискалната политика. Имено, финансиските кризи, колапсите на финансиските пазари, големите рецесии, масовната невработеност и можноста од потенцијални социјални немири се сигурен знак дека е потребна промена во целите и приоритетите на економската политика што ја водат државите. Во тој контекст, и фискалната политика како составен дел на економската политика претрпува промени во рамки на своите задачи и цели. Така, како една од фундаменталните цели на фискалната политика, сѐ повеќе се наметнува промоцијата и забрзувањето на економскиот развој како најдобар пат за стабилизација и надминување на современите економски кризи.
**Клучни зборови:** фискална политика, економски раст, економкси развој, улога, фискални мерки.

## 1. ВОВЕД

„Free market economy could stay in a chronic condition of sub-normal activity for a considerable period without any marked tendency either toward recovery or toward complete collapse".

*(John Maynard Keynes, 1936)*

„The private economy is not unlike a machine without un effective steering wheel or governor. Compensatory fiscal policy tries to introduce such a governor or thermostatic control device."

*(Paul Samuelson, 1948)*

Наведените цитати на великаните на економската наука укажуваат на значењето на една доктрина, а тоа е фискалната доктрина која никогаш како сега, освен во времето на нејзиниот зенит, не го заслужувала вниманието на светската економска јавност. Уште од времето на големата депресија, авторите како Кејнз и нобеловецот Самјуелсон имаа критичен однос кон „семоќната" и „невидлива" рака на пазарот, како и кон Смитовиот принцип на „laissez – faire", притоа зборувајќи низ своите трудови за инхерентноста на капитализмот да воспостави макроекономска стабилност на долг рок. Наоѓајќи ја причината за нестабилноста во однесувањето на нерационалните инвеститори, според Кејнз, економијата може да остане во хронична состојба на намалена активност без позначајна тенденција на опоравување, или т.н. состојба или рамнотежа на „непотполна вработеност". Затоа, со цел да се промовира економски раст и развој, државата не треба да зазема неутрална, туку активна

позиција од аспект на економските активности, и тоа најчесто со водење активна фискална политика.[154]
Неоспорувајќи ја улогата што Кејнз ја имаше во зајакнувањето на фискалната доктрина, сепак, треба да се прави разлика за времето во кое тој живеел и времето на современите економски констелации. Во услови на глобализација и либерализација на економските односи во светот и забрзан техничко-технолошки развој, тешко може да се замисли доследна примена на принципите кои ги заговараше кејнзовата фискална политика од времето на големата депресија. Меѓутоа, она што остана како наследство на новите генерации политичари и економисти е токму значењето на фискалната политика и нејзината проактивна улога во промоцијата на економскиот раст и развој.

## 2. ПОИМ ЗА ЕКОНОМСКИ РАСТ И РАЗВОЈ

Иако најчесто, како што впрочем кажува и самиот термин, феноменологијата на економскиот раст се поврзува со економските варијабли, сепак, неговата природа има далеку поширок опсег. Економскиот раст, во основа, инволвира пораст на ресурсите ангажирани во производната функција, какви што се трудот, капиталот, природните ресурси и продуктивноста, која во интеракција со нив, овозможува да се креира финален аутпут. Со оглед на економскиот карактер на претходниве варијабли, економските истражувања доминираат на полето на теоријата за економскиот раст. Меѓутоа, самите економисти веќе подолго време не се во состојба да постигнат консензус по однос на целокупната проблематика на развојот, со оглед на комплексноста на неговата природа. Затоа, интересот по однос на ова прашање сè почесто излегува од доменот на економското резонирање и навлегува во доменот на интердисциплинарните студии.

**Потесниот опфат на економскиот раст.** Во литературата можат да се сретнат повеќе различни дефиниции за економскиот раст. *Според Зостак (Szostak, 2009), економскиот раст се дефинира како пораст на аутпутот на стоки и услуги во оптшетството.*[155] Меѓутоа, ваквиот израз воопшто не го прецизира начинот или интермедијарот преку кој би се квантифицирал прирастот на вкупниот аутпут. *Допрецизирање на претходниов израз нуди дефиницијата според која економскиот раст претставува квантитативен пораст на потенцијалниот бруто-домашен производ на една земја во период од една година.*[156] Од ова се гледа дека основно мерило за економската кондиција на некоја земја е токму вредноста на бруто-домашниот производ (БДП). Инаку, БДП претставува еден од најпознатите и најизвонредните макроекономски агрегати добиен како резултат на статистичка компресија, редуцирајќи го бескрајното и неуморното напрегање на националната економија во една единствена бројка, којашто расте со текот на времето.[157]

**Поширокиот опфат на економскиот развој.** Економскиот развој за разлика од економскиот раст, претствува комплексен и мултидимензионален поим кој веќе подолго време го привлекува вниманието не само на експертите со различен научен профил, како што се економистите, политиколозите, социолозите, туку и на политичарите, стопанствениците, вработените, но и на обичните граѓани. Неговата комплексност произлегува од неможноста за еднозначно дефинирање на неговиот поим. Така, на пример, развојот во суштина претпоставува подобрување и прогрес не само на индивидуите и разните групи кои живеат на дадено подрачје, туку многу пошироко, прогрес и напредок на претпријатијата, организацииите, институциите и воопшто на целтата општествено-економска заедница. Иако развојот како процес или феномен, претежно се поистоветува со економскиот развој, тој не треба да претставува ексклузивитет на економските димензии на развојот во смисла на пораст на стапката на БДП. Имено, економската ефикасност не може да биде одржлива на долг рок доколку, економската димензија на развојот се издигне над неговата социјална, морална, еколошка или било која друга димензија. Слично, развојот е мултидимензионален процес, бидејќи подобрувањето на животниот стандард треба да биде во паралела и во континуитет со унапредувањето на вкупниот квалитет на животот на луѓето и тоа не само во смисла на зголемување на доходот и потрошувачката, туку и во смисла на создавање на услови за развој на човековите права и слободи, самопочитта, дигнитетот и меѓусебната толеранција.

---

[154] Пошироко види: „The big three in economics“, Skousen M., Sharpe M.E. London, England, 2007.
[155] Szostak R.: „The causes of economic growth“, Springer, 2009, стр. 24.
[156] Фити Т.: „Макроекономија“, Економски факултет, Скопје, 2005.
[157] World Bank: „Strategies for sustained growth and inclusive development“, Commission on growth and development”, World Bank, Washington, 2008 стр.17.

## 3. ДЕТЕРМИНАНТИ НА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ

Синтетички гледано, во пошироката литература постојат многу класифицирања и набројувања на детерминантите на економскиот раст. Самата еволуција на теориите за економскиот раст, од нејзината генеза до денес, постепено откривајќи ја природата на самиот процес, континуирано ги надградува елементите коишто се битни за експанзијата на економскиот просперитет. Притоа, секоја од нив, во зависност од времето и околностите во кои егзистирала, придавала поголема или помала важност на одредени детерминанти. Без разлика на времето во кое се појавиле моделите, некои од нив ја докажаа својата безвременска димензија, станувајќи фундамент на современите погледи на економскиот раст. Една поширока интердисциплинарна класификација на причините на растот е направена од страна на Зостак (Szostak, 2009).[158] Според авторот, најрелевантните фактори кои директно доведуваат до манифестација на растот се т.н. типични економски фактори на растот, и тоа: **инвестициите**, **трговијата** (отвореноста на економиите и либералните услови за трговија) и **технологијата**. Како што може да се види од моделите на растот, скоро сите ги инкорпорираат нив како елементарни варијабли на растот. Инвестициите, толкувани како процес на акумулација или прираст на обемот на капиталните фондови во едно општество, претставуваат примарен елемент на развојот. Технологијата, како збир на производни вештини и знаења, обезбедува константно поместување на границата на производните можности, така што со ист обем на ресурси се овозможува поголем обем на производство. Отвореноста на економиите обезбедува слободен трансфер на капиталот и работната сила, со што се поттикнува конкуренцијата и натпреварувачкиот дух помеѓу земјите. **Географската местоположба** како фактор има две значења. Едното е во смисла на географска локација (излез на море, близина до големите економски центри, транспортни трошоци), а другото во смисла на расположливост на фактори на производството (природни ресурси, капитал, работна сила). **Институциите**, а особено оние задолжени за регулирање на сопственичките права, финансиските пазари и пазарите за работна сила, секако, претставуваат важни детерминанти на економскиот развој, затоа што, пред сè, обезбедуваат еден вид логистичка поддршка на системите. Популацијата и населението, или со еден збор, **демографските фактори** на растот, играат суштинска улога во промоцијата на развојот од аспект на генерирањето и конзумпцијата на доходот, акумулацијата на човечкиот капитал и слично. *Нивото на културата* (менталитет, компетитивни карактеристики, расположение и перцепција за инвестирање) и *здравствениот систем,* ги даваат *социјалните белези* на демографскиот фактор на растот. **Затекнатото ниво на економски развој** се смета за посебно важен фактор на развојот. Дали земјата е развиена или неразвиена, дали има ризици од „стапицата на сиромаштијата“, или пак, има поволности за конвергенција на растот, се прашања кои зависат од привременото ниво на аутпут во економијата. Посебен акцент се става и на **улогата и значењето на владата** и нејзините програми за развој на економијата. Индиферентниот став кон економските настани и промени можат само да доведат до стагнација не економскиот раст. За да се постигнат задоволителни резултати, потребно е да се води проактивна економска политика со соодветна примена на одредени фискални и други видови мерки и инструменти.

Еден друг попрактичен пристап кон детерминантите на економскиот раст е понуден од страна на *Комисијата за развој при Меѓународната банка за обнова и развој.* Имено, пред да ги истакнат есенцијалните компоненти кои најдиректно се поврзуваат со развојот, тие во својата елаборација на развојните политики поаѓаат од следниве категории: акумулација, иновација, алокација, стабилизација и инклузија.[159] Првиот сет на политики, кои би требало да бидат носечки во креирањето на растот, се однесуваат на **акумулацијата**. Мерките од инвестиционата политика, во придружба на јавните инвестициони вложувања, би требало да овозможат создавање на солидна инфраструктура и база за брз пораст на економијата. Втората палета на мерки се однесува на **иновацијата**, а според некои и **имитацијата**, како збир на нови производни вештини неопходни за забрзување на темпото на раст на економијата. Следниот сет се однесува на цените и нивната моќ за **алокација** на капиталот и работната сила. Слободно формираните цени обезбедуваат оптимална алокација на ресурсите во точките на нивната најефикасна употреба. Надоврзувајќи се на претходново, четвртиот сет на мерки треба да ги елиминира потенцијалните кризи и нарушувања на општото ниво на цените, фокусирајќи се врз **стабилноста на системите**. Како посебна препорака на Комисијата за развој, последниот сет се однесува на одредени мерки за **инклузија** на сите региони и сегменти на општеството во процесот на развојот. На тој начин растот станува интегриран, изедначен и рамномерен, а економските субјекти подеднакво го антиципираат.

---

[158] Пошироко види: Szostak R: „The causes of economic growth“, Springer, 2009.

[159] World Bank: „Strategies for sustained growth and inclusive development“, „Commission on growth and development“, World Bank, Washington, 2008 стр. 34.

Од ова произлегува дека „состојките“ за промоција на економскиот раст се разновидни и многубројни, меѓутоа, сепак тие се сведуваат на неколку фундаментални, кои имаат круцијална улога во економско-развојните процеси.

## 4. ПРОМЕНА НА ПЕРЦЕПЦИЈАТА, ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА СОВРЕМЕНАТА ФИСКАЛНА ПОЛИТИКА

Почнувајќи од осумдесеттите години на минатиот век па наваму, светот го зафатија низа реформи во фискалната сфера, поттикнати од новите правци и сфаќања во областа на јавните финансии, но исто така, и од новите приоритети и цели на фискалната политика. Сè дотогаш, на фискалната политика се гледаше како начин или средство за зафаќање на дел од расположливиот доход во одделните економии, со цел да се овозможи финансирање на јавните добра и државните служби, или пак, за прераспределба на тој доход за остварување на одредени социјални и економски цели преку системот на јавната потрошувачка. Друга препознатлива задача на фискалната политика беше да се остварат одредени стабилизациони цели, доколку постојат одредени нарушувања на макроекономската рамнотежа.

Меѓутоа, после 90-тите години од минатиот век настапи период на економска стабилизација, а паралелно со тоа и период на промена на карактерот на фискалните приоритети. Имено, со фискалните реформи кои се спроведоа ширум светот, се предвидуваа коренити промени во даночните политики, во чии рамки развојните го заседоа местото на стабилизационите цели. Како области на т.н. развојни цели на фискалната политика, според поширoката литература, можат да се систематизираат следниве: интензивирање на технолошкиот прогрес, зголемување на штедењето, инвестициите и економската ефикасност, минимизирање на даночната дисторзија, максимизирање на даночната неутралност, унапредување на мобилноста на капиталот, привлекување на странски директни инвестиции, зголемување на вработеноста и мобилноста на работната сила, реформирање на пензиските системи, стимулирање на штедењето кај населението и други. Исполнувањето на конкретната цел од споменатите подрачја на делување, поединечно или интегрално, води и кон постигнување на ултимативната цел, а тоа е промоцијата на економскиот раст и развој.

## 5. УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА ФИСКАЛНАТА ПОЛИТИКА ЗА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ

Улогата на фискалната политика за економскиот развој може да има две значења. Првото е *пошироко и се однесува на улогата на владата и политичките елити* за стимулирање на развојните процеси, а второто е *потесно, и се поврзува со конкретниот сет на политики и мерки*.

Низ економската литература, а особено низ страниците на литературата од јавните финансии, се провлекува вечната дилема за *улогата и значењето на државата*: дали е потребно таа да се меша и да интервенира врз слободните економски активности? Застапниците на економскиот либерализам протагонираат дека пазарот и неговите механизми вршат најефикасно регулирање на економските активности. Ризиците од можна даночна дисторзија би можеле да ги искриват одлуките на слободните субјекти и на тој начин да ги дестимулираат економските активности. Затоа, обемот на државната интервенција би требало да се сведе на минимум, а финансиската стабилност да се обезбедува преку релативно урамнотежена буџетска политика. Другиот дел од економистите, пак, се уверени дека пазарите во основа се имперфектни кога е во прашање нивната способност за ефикасна алокација на ресурсите. Поради тоа, се наметнува реална потреба од преземање на одредени мерки кои би претставувале коректив, но не и замена на пазарниот механизам. Креирањето на развојни стратегии, политики и акции треба да биде активна содржина на секоја влада, затоа што развојните процеси сами по себе можат да ги изгубат почетните импулси и на тој начин да стагнираат.

Како пример, за *разумна и одмерена употреба на фискалната политика* се споменува имплементацијата на т.н. **вашингтонски консензус**, кој многу години претставуваше водечки сет на принципи и политики, препорачувани од страна на Светската банка и ММФ, во соработка со неразвиените земји.[160] Во овој пакет на политики се содржеше преференцијата за минимизирање на обемот на државниот интервенционизам, каде што фискалната политика беше сведена на зголемување на фискалната дисциплина, намалување на јавната потрошувачка и реформи на даночниот систем. Притоа, емпириските резултати од нејзината примена покажаа дека оние земји, како што се, на пример, латиноамериканските земји, кои доследно се придржуваа кон неа, не покажаа задоволителни резултати од аспект на развојот. За разлика од нив, азиските земји, т.н. „азиски тигри“, кои имплементираа понезависна и активна фискална политика, спротивно на очекувањата, доживеаја доста солиден економски раст.

---

[160] Szostak R: „The causes of economic growth“, Springer, 2009, стр. 307.

Девизата за тоа дека *оданочувањето, односно даночниот систем е централна компонента на процесот на градење на современата држава*, е во голема мера поддржана од страна на аналитичарите на **современото развојно општество**. Дефинирајќи го градењето на државата како процес на зголемување на административните, фискалните и институционалните капацитети на владите, со цел да вршат интеракција со сегментите од општеството, како и да ги остваруваат јавните цели поефикасно, тие нагласуваат дека не само што даноците помогнале во создавањето на државите, туку помогнале и при нивното обликување.[161] Не негирајќи дека оданочувањето (фискалната политика) претставува унилатерална позитивна сила, тие потсетуваат на неговата голема важност за развојот на современите држави.

Во што конкретно се огледа значењето на фискалната политика за економскиот развој, одговор може да даде *анализата на дејствијата на мерките и политиките од потесен микро аспект.* Најпрвин, треба да се има предвид кон што се насочени инструментите на фискалната политика. *Знаејќи ги факторите и детерминантите од кои зависи економскиот раст, нејзините креатори утврдуваат низа расположливи мерки и инструменти, кои, директно или индиректно, би ги поттикнале оние фактори кои позитивно влијаат врз растот, и обратно, би ги редуцирале детерминантите со негативно влијание.*

Според ова, општо правило е развојните мерки да бидат насочени кон поддршка на ваквата тенденција на растот на доходот. Затоа, на *страната на јавните приходи потребно е да се конструира таква даночна структура, која, во најголема мера, ќе одговара на барањето на растот*. Хетерогеноста на даночната структура игра мошне важна улога во интерпретацијата на разликите во економските перформанси на земјите во светот. Употребата на некои даноци, во поголема мера успева да генерира раст во економијата, па дури и подолгорочен, особено оние кои позитивно влијаат врз инвестициите во човечки капитал, иновативните активности и претприемништвото. Во една емпириска студија е направен обид за рангирање на видовите даноци според степенот на негативност врз растот на БПД по глава на жител. Според истата, најнегативни последици врз економскиот раст имаат:[162] 1. корпоративниот данок на доход; 2. персоналниот данок на доход; 3. даноците на потрошувачка; и 4. даноците на промет на недвижности. Оваа студија укажува на потребата од преземање на одредени даночни реформирања во насока на замена на даноците на доход со даноците на потрошувачка, пред сè поради помалите дисторзивни ефекти кои се штетни за растот.

Освен на страната на јавните приходи, и *инструментите на страната на расходите мораат да бидат усогласени со развојните цели*. Најпрвин, потребата од финансиска консолидација се наметнува како неопходна појдовна точка на макроекономската стабилизација, затоа што, во целина, големите буџетски дефицити го уназадуваат економскиот раст. Во емпириските истражувања растот на економиите секогаш се асоцирал со урамнотежени до умерени дисбаланси на буџетот. Обемот и квалитетот на јавната потрошувачка, исто така, се битни елементи во проекциите на развојната фискална политика. Умерените зафаќања на буџетот до една третина од БДП се сметаат за толерантни од аспект на развојот.[163] Квалитетна јавна потрошувачка подразбира квалитетна наменска структура на расходите, со помал обем на тековни трансфери, а поголем за капитални. Соодветните социјални трансфери, мерките за намалување на сиромаштијата и мерките за зголемување на вработеноста играат есенцијална улога во економскиот систем за редуцирање на нееднаквоста и разликите на доходот на населението. Инвестициите во образованието и образовниот процес даваат придонес во акумулацијата на човечкиот капитал, а повратно, и врз техничкиот прогрес. Субвенционираното финансирање на извозот може поволно да влијае врз надворешно-трговските перформанси на одделните стратешки сектори и целокупната економија, воопшто, итн.

Аналогно на тековните промени во пристапот на јавните финансии, се поставува прашањето за средствата, методите и инструментите кои ги користи фискалната политика при реализацијата на поставените цели и задачи. Традиционално, фискалната политика преку употребата на даночните инструменти зафаќа дел од расположливиот национален доход, а потоа истиот го „канализира“ во одредени целни насоки преку системот на јавната потрошувачка. Меѓутоа, на тој начин, со обемното зафаќање и прераспределбата на доходот, се појавуваат ризици од нарушување на степенот на фискалната одржливост и рамнотежата на националните буџетски сметки. Во последно време, како релативно ново средство, метод или инструмент на даночната или воопшто, фискалната политика, кое добива сè поголема популарност помеѓу државите во светот, се јавуваат и **даночните стимулации**, кои важат за една од најинтригантните теми од областа на јавните финансии. Како алтернатива на

---

[161] Пошироко види: Brautigam D.A.: „Introduction: Taxation and state-building in developing countries“, Cambridge, 2008, стр. 2.
[162] OECD: „Goiing for growth 2009: Economic policy reforms“, OECD, Paris, 2009 стр. 146.
[163] World Bank: „Fiscal policy and economic growth: Lessons from Eastern Europe and Central Asia“, 2007. стр.18.

класичните фискални мерки на економскиот раст, специфичноста на **даночните стимулации** се состои во тоа што тие не претставуваат ниту одредено даночно зафаќање од една страна, ниту пак одреден трансфер на средства, од друга страна. Токму во ова се огледа и поволноста за нивната примена од аспект на непотребното оптоварување на буџетските расходи.

## ЗАКЛУЧОК

Фискалната доктрина и фискалната политика како една од најважните делови на економската политика, мора да се адаптира на современите економски трендови. Таа ќе го задржи и зголеми своето значење единствено ако служи како инструмент во рацете на владата за корекција и надополнување, а не и замена на пазарниот механизам. Само доколку фискалната политика успешно ги поддржува економските процеси и текови и во таа насока го промовира економскиот просперитет, развој и благосостојба, тогаш може да се каже дека и во современи услови навистина го заслужува кредибилитетот на времето од Џ.М.Кејнз.

## ЛИТЕРАТУРА

[1] Brautigam D.A.: „Introduction: Taxation and state-building in developing countries“, Cambridge, 2008;
[2] OECD: „Goiing for growth 2009: Economic policy reforms“, OECD, Paris, 2009;
[3] Szostak R.: „The causes of economic growth“, Springer, 2009;
[4] Skousen M., Sharpe M.E.: „The big three in economics“, London, England, 2007;
[5] World Bank: „Fiscal policy and economic growth: Lessons from Eastern Europe and Central Asia“, World Bank, Washington, 2007;
[6] World Bank: „Strategies for sustained growth and inclusive development“, Commission on growth and development”, World Bank, Washington, 2008;
[7] Фити Т: „Макроекономија“, Економски факултет, Скопје, 2005;

# ВЪЗДЕЙСТВИЕ НА ФИНАНСОВАТА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЯ ВЪРХУ ИКОНОМИЧЕСКИЯ РАСТЕЖ В СТАРИТЕ СТРАНИ ЧЛЕНКИ НА ЕС

**Николай Патонов**

# IMPACT OF FISCAL DECENTRALISATION ON ECONOMY GROWTH IN THE OLD MEMBER STATES OF THE EUROPEAN UNION

**Nikolay Patonov**

**Abstract** The goal of this paper is to analyze the impact of fiscal decentralization on economic growth in the old member states of EU. The empirical investigation is based on regression analysis using the GDP growth rate as a dependent variable and fiscal decentralization's indicators as independent variables. Results support the conventional understanding among scientists and politicians for positive influence of the fiscal decentralization on economic growth.

**Key words**: fiscal decentralization, local expenditures, local revenue, economic growth, old member states

**1. Въведение**

Последните две десетилетия от съществуването и развитието на Европейския съюз се характеризират с ясно изразен стремеж на всички страни-членки за засилване на децентрализацията на държавното им управление. Целта е да бъде създадена такава организация на децентрализирания модел, която да съдейства максимално за повишаване степента на ефективност на цялостния управленски процес. Това следва да има като резултат максимизиране на ефектите и въздействията от страна на правителствата върху социално-икономическите процеси по места.

От гледна точка на максимизиращото ползите поведение, би следвало да се очаква упражняването на определени приходни правомощия и извършването на публични разходи на субнационално ниво да доведе до по-голяма ефективност в производството на публични блага, вследствие на отчитането на местните особености и предпочитания. Така се създават условия и предпоставки за повишаване на цялостното социално-икономическо развитие, както и за по-висока степен на управление на икономическия растеж и засилване неговата устойчивост в рамките на определената територия.

„Основният икономически довод в подкрепа на финансовата децентрализация се опира на две допълващи се допускания: 1) в резултат на информационното си преимущество местните власти се позиционират по-добре от централното правителство в предоставянето на публични услуги, поради което децентрализацията ще повиши икономическата ефективност, и 2) мобилността на населението и съревнованието между местните власти за предоставянето на публични услуги ще осигури съответствие на предпочитанията на местните общности и местните органи на самоуправление."[164]

Всичко това намира израз в осъзнатата необходимост в общоевропейски мащаб от съвместни (наднационални) действия за засилване на децентрализацията в управлението на държавите от Общността. Във всички правни актове и инициативи в тази насока специално внимание се отделя на финансовата децентрализация, която е необходимо условие за самоуправлението в изградените самоуправляващи се единици и ефективното изпълнение на предоставените правомощия в политическата и административната сфери.

Някои автори[165] отбелязват, че тъй като няма унифициран модел за разпределяне на функциите в публичния сектор, основното изискване е да бъде осигурена яснота и стабилност при определянето на разходни отговорности на местните власти. Същото важи в не по-малка степен за приходните правомощия. Те изтъкват, че липсата на ясен механизъм за разпределението на функциите в публичния сектор води до институционална нестабилност, неефективно осигуряване на населението с публични блага или производство на по-малко от необходимото количество блага, което се получава в резултат на поставяне на производството на публични блага в зависимост от наличните финансови ресурси на всяко равнище на управление, вместо в зависимост от публичния избор. Ето защо редица икономисти започват да изследват по емпиричен път отношението между финансовата децентрализация и икономическия растеж. Три са причините, които правят тази връзка обект на анализ: 1) растежът се схваща като цел на финансовата децентрализация и ефективността в разпределението на ресурсите в публичния сектор; 2) редица правителства изразяват намерение да възприемат политики, които водят до устойчиво нарастване в дохода на човек от населението; и 3)

---

[164] Davoodi, H. and H. Zou (1998), **Fiscal Decentralization and Economic Growth – A Cross-Country Study**, Journal of Urban Economics 43, 244-57, стр. 244

[165] Стоилова Д., **Финансова децентрализация в България**, София 2010, стр. 64

доходът на човек от населението е по-лесен за измерване и интерпретиране в сравнение с другите показатели за макроикономически резултат[166].

Въпреки предвижданията на конвенционалната икономическа логика за позитивно въздействие на финансовата децентрализация върху икономическия растеж, първите опити за емпиричен анализ не водят до ясно и недвусмислено потвърждение на тези предвиждания. В една група изследвания - Оейтс (1995), Йълмаз (1999), Уолър и Филипс (1998), Лин и Лиу (2000), е измерено позитивно и статистически значимо въздействие. В други изследвания е измерена статистически значима отрицателна взаимовръзка - Чжан и Зу (1998), Ксе, Зу и Дейвуди (1999). В изследването на Дейвуди и Зу (1998) е открита отрицателна, но незначима връзка за слаборазвитите страни, както и липса на въздействие в държавите със силно развити икономики. В емпиричните анализи на Тийсен (2000 и 2003) е измерена позитивна и статистически значима нелинейна връзка. Съществуват и изследвания върху различни географски райони, в които се измерва различен характер на взаимовръзката за различните райони. Пример за такъв резултат е изследването на Чжан и Зу (2001), в което е измерена отрицателна и значима взаимовръзка за Китай и позитивна и значима за Индия. В редица коментари върху извършената работа по емпиричния анализ на въздействието на финансовата децентрализация върху икономическия растеж се поставя акцент върху различни причини за недостатъчната убедителност на емпиричните резултати. Едни автори[167] изтъкват, че причината се корени в голямата хетерогенност на изследваните съвкупности от държави, т.е. големите различия между отделните държави в степента на социално-икономическо развитие, структура на публичния сектор, културни различия и т.н. В други изследвания[168] се подчертава, че развиващите се страни и държавите в преход не следва да се включват при анализите на взаимовръзката между финансовата децентрализация и икономическия растеж, защото при тях се наблюдават специфични социално-икономически проблеми, което води до изкривяване на резултатите. И така, от особена важност е да се измери въздействието, което финансовата децентрализация оказва върху икономическото развитие на страните от ЕС. При избиране на подход за достигане на поставената в настоящото изследване цел следва да се отчете препоръката за подобряване на аналитичната работа по изследваната проблематика, дадена в изследването на авторския колектив с ръководител Фелд фон Ларс. Според тези автори, емпиричните анализи трябва да бъдат ограничавани само до икономически развитите страни[169]. Следователно, в условията на Европейския съюз, анализът следва да бъде фокусиран върху страните от групата на старите членки (ЕС-15), тъй като те се характеризират с устойчиви пазарни стопанства, от една страна, и традиции в практиката по децентрализация на държавното управление, от друга. В случая като база следва да се възприеме нарастването на брутния вътрешен продукт, реализирано вследствие на повишената ефективност в публичния сектор, която, от своя страна, допринася за нарастване на националностопанската ефективност. Това може да се осъществи посредством методологията на регресионния анализ.

**2. Аналитична рамка и методология на емпиричния анализ**

Като аналитична рамка за моделиране на въздействието на финансовата децентрализация върху икономическия растеж, в повечето изследвания се възприема ендогенния растежен модел на Бъро[170], съгласно който производствената функция има две входни – частния капитал и публичните разходи. Първите емпирични анализи[171] върху това взаимоотношение се отклоняват от възприетия за основа модел, като се прави допускането, че публичните разходи се извършват на три управленски нива – федерално, щатско (провинциално) и местно. При по-нататъшното развитие на ендогенния модел се достига до извода, че в дългосрочен план нормата на нарастване на произвеждания продукт на човек от населението е функция на данъчната ставка и дела на разходите, извършени от различните

---

[166] Zhang, T. and H. Zou (2001), **The growth impact of intersectoral and intergovernmental allocation of public expenditure: With applications to China and India**, *China Economic Review* 12(1), pp. 58-81. p.60

[167] Fritz Breuss, Markus Eller, **Fiscal decentralisation and economic growth: is there really a link?**, „CESifo DICE Report, Journal for Institutional Comparisons“ Volume 2, №1, Spring 2004, pp. 3-9

[168] Von Lars P. Feld, Horst Zimmermann, Thomas Döring, (2003), **Föderalismus, Dezentralität und Wirtschaftswachstum**, Vierteljahrshefte zur Wirtschaftsforschung 72 (2003), 3, DIW Berlin, S. 361–377, s. 373

[169] Von Lars P. Feld, Horst Zimmermann, Thomas Döring, (2003), **Föderalismus, Dezentralität und Wirtschaftswachstum**, Vierteljahrshefte zur Wirtschaftsforschung 72 (2003), 3, DIW Berlin, S. 361–377, s. 373

[170] R. Barro, **Government spending in a simple model of endogenous growth, Journal of Political Economy**, 98, S103- S125 1990

[171] Davoodi. H, Zou. H, **Fiscal decentralization and economic growth: A cross-country study**, Journal of Urban Economics 43 (1998) 244–257

равнища в структурата на държавното управление[172] (т.е. управлението на публичния сектор – бел. авт.).

Регресионното уравнение, с което се изразява зависимостта между растежа на БВП и финансовата децентрализация, има следния вид:

$$(1)\ y_{it} = b_1 + b_2\theta_{it} + b_3\tau_{it} + b_4X_{it} + b_5D_{it} + \varepsilon_{it}$$

където: $y$ е нормата на нарастване на БВП за всяка страна и година, $\theta_{it}$ е измерител за финансова децентрализация за всяка страна и година (в случая за измерител на финансова децентрализация е възприет дела на разходите на местните власти от консолидираните бюджетни разходи), $\tau_{it}$ са приходите на местните власти, представени като процент от БВП за всяка страна и година, $X_{it}$ включва за всяка страна и година: 1) инвестициите на частния сектор, представени като дял от БВП, 2) процент на инфлацията, 3) процент на нарастване или намаление на населението. $D_{it}$ е фиктивен предиктор - качествена променлива, с която са означени годините, през които съответната страна членува в Еврозоната. Нейните стойности са единица за съответната година, в която е налице членство, и нула за годините, през които не е. Параметрите на регресионното уравнение са: $b_1$, $b_2$, $b_3$, $b_4$, $b_5$, които се изчисляват по метода на най-малките квадрати. С $\varepsilon_{it}$ се отчита компонента на регресионното уравнение, отразяващ "шума в системата", грешките в разпределението на случайните величини, а също и действието на неотчетените фактори, които имат отношение към изменението на зависимата променлива.

За целите на настоящия емпиричен анализ са използвани както годишни, така и тригодишни средни данни за съответните променливи за периода 2000-2010 г. Източник на данните е Евростат.

**3. Резултати от регресионния анализ**

Резултатите от прилагането на емпиричната методология върху панел от годишни данни за групата на страните от ЕС-15 за периода 2000-2010 г. са представени в Таблица 3.1. В Таблица 3.2. са представени резултатите прилагане на емпиричната методология върху панел от тригодишни средни данни.

В Таблица 3.1. са представени резултатите от изчисленията, извършени с използване на годишни данни за групата на страните членки на ЕС. Обяснителната сила на модела във всеки един от вариантите на спецификация не е висока. Стойностите на коригирания коефициент на детерминация варират от 0.107141 до 0.217652 за различните варианти.

В тази група също са налице близки параметри на социално-икономическата среда, но в стойностите на променливите, възприети при регресионния анализ се наблюдава значителна вариация както между отделните държави, така и между отделните години в рамките на анализирания период. Това произтича от различията както в институционалната структура, така и в особеностите на административно-управленската традиция във всяка една държава. Знаците и равнищата на статистическа значимост на регресионните коефициенти за тази група изцяло подкрепят постановките на теорията и потвърждават предвижданията на конвенционалната икономическа логика.

*Таблица 3.1. Резултати от регресионния анализ при използване на годишни данни за страните от ЕС-15 за периода 2000 - 2010 г.*

| Предиктор | Модел 1 | Модел 2 | Модел 3 | Модел 4 | Модел 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| **(Константа)** | -1.732<br>(-1.273) | -2.379*<br>(-1.736) | -2.441*<br>(-1.791) | -2.491*<br>(-1.781) | 1.280***<br>(2.994) |
| **Дял на местните разходи от КБР (%)** | 0.162**<br>(2.461) | 0.180***<br>(2.701) | 0.194***<br>(3.108) | 0.244***<br>(3.945) | 0.276***<br>(4.452) |
| **Дял на местните приходи от БВП (%)** | -0.307**<br>(-2.496) | -0.331***<br>(-2.633) | -0.357***<br>(-3.055) | -0.454***<br>(-3.936) | -0.531***<br>(-4.642) |
| **Инвестиции (% от БВП)** | 0.157**<br>(2.100) | 0.126*<br>(1.660) | 0.134*<br>(1.805) | 0.205***<br>(2.826) | |
| **Инфлация (%)** | 0.459**<br>(2.385) | 0.558***<br>(2.886) | 0.581***<br>(3.083) | | |
| **Годишно нарастване на населението (%)** | 0.375<br>(0.855) | 0.255<br>(0.570) | | | |
| **Членство в Еврозона** | -1.233***<br>(-2.816) | | | | |
| **R-squared** | 0.246275 | 0.208457 | 0.206837 | 0.159714 | 0.118029 |
| **Adjusted R-squared** | 0.217652 | 0.183565 | 0.187008 | 0.144056 | 0.107141 |
| **Durbin-Watson stat** | 1.522371 | 1.466257 | 1.465607 | 1.502605 | 1.517953 |

[172] Xie, D., H. Zou and H. Davoodi (1999), **Fiscal Decentralization and Economic Growth in the United States**, Journal of Urban Economics 45, 228-39.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **F-statistic** | 8.604240 | 8.374674 | 10.43099 | 10.20047 | 10.83978 |
| **Prob(F-statistic)** | 0.000000 | 0.000000 | 0.000000 | 0.000003 | 0.000038 |
| **Наблюдения (бр.)** | 165 | 165 | 165 | 165 | 165 |

Източник: Изчисления на автора по данни от Евростат
Бележка: резултат от t-тест в скобите
*** значим при ниво 1%; ** значим при ниво 5%; * значим при ниво 10%

Коефициентите за дела на разходите на местните власти от консолидираните бюджетни разходи, изразен в проценти, във всички варианти на спецификация на модела приемат положителен знак, което потвърждава допусканията за позитивна взаимовръзка между финансовата децентрализация и икономическия растеж. Според резултатите от изчисленията, с увеличаването на дела на извършваните на по-ниски нива на управление публични разходи с 1% се постига като резултат нарастване от 0,16 до 0,27% на произведения БВП, съответно при различен дял на обяснена от модела девиация на зависимата променлива. Възможното обяснение на сравнително ниските стойности на коефициентите е, че икономичският растеж в тази група не е във висока степен зависим от разходите на държавата, което предполага, че повишената по пътя на децентрализацията ефективност при извършването им не е в състояние да окаже силно въздействие върху нарастването на БВП. В тази връзка показателен е изводът, до който се стига в изследването на Дейвуди и Зу (1998), че в най-силно развитите страни няма връзка между финансовата децентрализация и икономическия растеж.

Равнището от 1%, при което коефициентите са значими, се явява основание за приемането им като надеждно емпирично доказателство за позитивното въздействие на финансовата децентрализация върху икономическия растеж за страните от групата на старите членки на ЕС. Резултатите за посоката на влияние на обема на приходите на местните власти, измерен като процентен дял от БВП, върху икономическия растеж в старите страни членки са в съответствие с постулатите на теорията. Във всички спецификации на модела коефициентите приемат отрицателен знак, което означава негативна връзка, т.е. увеличаването на обема на приходите води до забавяне на икономическия растеж. Иззетата по данъчен път ликвидност от икономическите агенти води до забавяне на инвестиционната активност на бизнеса. Сравнително ниските стойности на получените коефициенти показват, че производството в старите страни членки реагира на увеличението на обема на иззетите и акумулирани в публичните фондове средства със слабо свиване. Този резултат подкрепя конвенционалната икономическа логика, че в по-силно развитите в икономическо отношение държави производството е по-устойчиво на повишаващите се размери на трансферите към държания бюджет. С изключение на първата спецификация на модела, в рамките на която коефициентът е статистически значим при ниво от 5%, получените коефициенти при останалите варианти са значими при ниво от 1%, което ги превръща в надеждно доказателство.

В Таблица 3.2. са представени резултатите от регресионния анализ, извършен с използване на тригодишни средни за групата на старите страни членки. Обяснителната сила на модела значително се повишава, като коригираният коефициент на детерминация приема стойности в границите от 0.459744, при първия вариант на спецификацията, до 0.218702 - при последния. Това повишаване на обяснителната сила се дължи на елиминирането на формираните трендове в стойностите на отделните променливи през анализирания период. Знаците пред коефициентите, които показват посоката на влияние на отделните фактори върху изменението на резултативната променлива, остават непроменени. Във висока степен непроменени остават и нивата на значимост на коефициентите.

*Таблица 3.2. Резултати от регресионния анализ при използване на тригодишни средни за страните от ЕС-15 за периода 2000 - 2010 г.*

| Предиктор | Модел 1 | Модел 2 | Модел 3 | Модел 4 | Модел 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| **(Константа)** | -2.566*<br>(-1.802) | -2.985**<br>(-2.062) | -2.985**<br>(-2.082) | -3.608**<br>(-2.282) | 0.788<br>(1.531) |
| **Дял на местните разходи от КБР (%)** | 0.175**<br>(2.372) | 0.193***<br>(2.558) | 0.193***<br>(2.739) | 0.276***<br>(3.722) | 0.323***<br>(4.183) |
| **Дял на местните приходи от БВП (%)** | -0.323**<br>(-2.356) | -0.347**<br>(-2.475) | -0.347***<br>(-2.662) | -0.502***<br>(-3.663) | -0.606***<br>(-4.301) |
| **Инвестиции (% от БВП)** | 0.145*<br>(1.733) | 0.110<br>(1.308) | 0.110<br>(1.324) | 0.244***<br>(2.920) | |
| **Инфлация (%)** | 0.729***<br>(2.772) | 0.908***<br>(3.575) | 0.908***<br>(3.742) | | |
| **Годишно нарастване на населението (%)** | 0.159<br>(0.324) | -0.002<br>(-0.004) | | | |
| **Членство в Еврозона** | -0.923**<br>(-2.005) | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **R-squared** | 0.514685 | 0.477863 | 0.477863 | 0.344944 | 0.245186 |
| **Adjusted R-squared** | 0.459744 | 0.429517 | 0.439889 | 0.309852 | 0.218702 |
| **Durbin-Watson stat** | 1.599129 | 1.695745 | 1.695852 | 1.832779 | 2.157384 |
| **F-statistic** | 9.367913 | 9.884235 | 12.58409 | 9.829639 | 9.257668 |
| **Prob(F-statistic)** | 0.000001 | 0.000001 | 0.000000 | 0.000026 | 0.000330 |
| **Наблюдения (бр.)** | 60 | 60 | 60 | 60 | 60 |

Източник: Изчисления на автора по данни от Евростат

Бележка: резултат от t-тест в скобите

*** значим при ниво 1%; ** значим при ниво 5%; * значим при ниво 10%

Коефициентите за влиянието на дела на разходите отново са с положителен знак и са статистически значими при ниво 1%, с изключение на първата спецификация, където значимостта е при ниво 5%. Това означава, че те също могат да бъдат приети за надеждно доказателство. Влиянието на дела на приходите от БВП се изразява с отрицателния знак на регресионния коефициент. Статистическата значимост на коефициентите при различните спецификации е висока.

**4. Заключение**

Чрез извършения емпиричен анализ се потвърждават допусканията на конвенционалната икономическа логика за нарастващата ефективност от извършването на публични разходи в условията на разширяване на степента на децентрализация при вземането на решения относно изпълнението на разходни програми в страните с развити пазарни стопанства и високи нива на доход на човек от населението. Потвърждават се също допусканията за неблагоприятно въздействие на увеличенията в обема на акумулираните средства в публичните фондове върху икономическата активност на бизнеса.

**Използвани източници**


1. Стоилова Д., **Финансова децентрализация в България**, София 2010
2. Barro, R., **Government spending in a simple model of endogenous growth**, Journal of Political Economy, 98, S103- S125 1990
3. Davoodi H., and H. Zou (1998), **Fiscal Decentralization and Economic Growth – A Cross-Country Study**, Journal of Urban Economics 43, 244-57.
4. Fritz Breuss, Markus Eller, **Fiscal decentralisation and economic growth: is there really a link?**, „CESifo DICE Report, Journal for Institutional Comparisons“ Volume 2, № 1, Spring 2004, pp. 3-9
5. Lin, J.Y. and Z. Liu (2000), **Fiscal Decentralization and Economic Growth in China**, Economic Development and Cultural Change 49(1), 1-23.
| | 1 | 2 | 3=2-1 | 4=3/1 | 5=4*100 |
| 1.Prihodi od prodaje | 367 | 218 | -149 | -0,41 | -41% |
| I.Ukupni poslovni prihodi | 367 | 218 | -149 | -0,41 | -41% |
| II.Finansijski prihodi | 3 | 1 | -2 | -0,67 | -67% |
| III.Ostali prihodi | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| IV.Vanredni prihodi | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| UKUPAN PRIHOD | 370 | 219 | -151 | -0,41 | -41% |

U tabeli br. 4 zabeležen je pad ukupnih poslovnih prihoda za 149.000,00 dinara odnosno -41%. Finansijski prihodi su takođe zabeležili pad od 2.000,00 dinara ili -67%. Filijala Vranje i u ovom periodu nema ostalih i vanrednih prihoda. Zaključak je da je ukupan prihod u 2010.godini u odnosu na 2009.godinu smanjen za 151.000,00 dinara ili -41%.

## 5. ANALIZA RASHODA REPUBLIČKOG FONDA PIO – FILIJALA VRANJE ZA PERIOD 2008-2010.GODINE

Sva namenska i nenamenska trošenja u preduzeću predstavljaju rashod. Reč je o bespovratnom izdavanju novca, materijala i stvari. Troškovi su onaj deo rashoda koji se može ukalkulisati u cenu koštanja gotovih proizvoda. Cilj svakog preduzeća je da njegovi rashodi budu što manji, jer povećanje troškova dovodi do smanjenja dobiti u odnosu na dati prihod. U narednim tabelama biće prikazana analiza rashoda po vrstama i u sukcesiji perioda za 2008., 2009. i 2010.godinu.

Tabela br.5 Analiza rashoda po vrstama i u sukcesiji perioda za 2008. i 2009.godinu

u hiljadama dinara

| Vrste rashoda | 2008.godina | 2009.godina | Promena | Koef. promene | Stopa promena |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3=2-1 | 4=3/1 | 5=4*100 |
| 1.Troškovi materijala | 12 | 8 | -4 | -0,33 | -33% |
| 2.Troškovi zarada | 163 | 72 | -91 | -0,56 | -56% |
| 3.Troškovi A, | 11 | 0 | -11 | -1,00 | -100% |
| 4.Ostali poslovni rashodi | 177 | 273 | 96 | 0,54 | 54% |
| I.Ukupni poslovni rashodi | 363 | 353 | -10 | -0,03 | -3% |
| II.Finansijski rashodi | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| III.Ostali rashodi | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| IV.Vanredni rashodi | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| UKUPAN RASHOD | 363 | 353 | -10 | -0,03 | -3% |

Analiza rashoda za 2009.godinu u odnosu na 2008.godinu pokazuje sledeće: Ukupni poslovni rashodi su opali za 10.000,00 dinara ili -3%, pri čemu i troškovi materijala beleže pad od 4.000,00 dinara ili 33%, troškovi zarada 91.000,00 dinara ili u procentima -56% i troškovi Am pad od čak 100% ili 11.000,00 dinara. Jedini rast su ostvarili ukupni poslovni rashodi od 96.000,00 dinara ili 54%. Finansijskih, ostalih i vanrednih rashoda nema.

Tabela br.6 Analiza rashoda po vrstama i u sukcesiji perioda za 2009. i 2010.godinu

u hiljadama dinara

| Vrste rashoda | 2009.godina | 2010.godina | Promena | Koef. promene | Stopa promena |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3=2-1 | 4=3/1 | 5=4*100 |
| 1.Troškovi materijala | 8 | 9 | 1 | 0,125 | 12,5% |
| 2.Troškovi zarada | 72 | 274 | 202 | 2,805 | 280% |
| 3.Troškovi A, | 0 | 8 | 8 | 0 | 0% |
| 4.Ostali poslovni rashodi | 273 | 247 | -26 | -0,095 | -9,52% |
| I.Ukupni poslovni rashodi | 353 | 538 | 185 | 0,524 | 52,40% |
| II.Finansijski rashodi | 0 | 1 | 1 | 0 | 0% |
| III.Ostali rashodi | 0 | 0 | 0 | 0 | 0% |
| IV.Vanredni rashodi | 0 | 0 | 0 | 0 | 0% |
| UKUPAN RASHOD | 353 | 539 | 186 | 0,524 | 52,7% |

U 2010.godini u odnosu na 2009.godinu situacija je sledeća: troškovi materijala su povećani za 1.000,00 dinara ili 12,5%, troškovi zarada su zabeležili rast od čak 280% ili 202.000,00 dinara, dok su ostali poslovni prihodi opali za 26.000,00 dinara ili -9,52%. Ukupni poslovni rashodi su ostvarili rast od 185.000,00 dinara ili 52,40%. Zaključak je da je u 2010.godini u odnosu na 2009.godinu ostvaren porast ukupnih rashoda od 186.000,00 dinara ili u procentima 52,7%.

## 6. ANALIZA DOBITI REPUBLIČKOG FONDA PIO – FILIJALA VRANJE ZA PERIOD 2008-2010.GODINE

Ukupna dobit predstavlja razliku između ukupni ostvarenih prihoda i ukupno ostvarenih rezultata.

*Bruto dobit = Ukupni prihodi – Ukupni rashodi*

U tabelama 7. i 8. prikazana je analiza dobitka-gubitka Republičkog fonda PIO –filijala Vranje.

Tabela br.7 Analiza ostvarenog dobitka (gubitka) u 2009. u odnosu na 2008.godinu

u hiljadama dinara

| Redni broj | Elementi | 2008.godina | 2009.godina | Promena | Koef. promene | Stopa promene |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3=2-1 | 4=3/1 | 5=4*100 |
| I. | Ukupni prihodi | 363 | 370 | 7 | 0,02 | 2% |
| II. | Ukupni rashodi | 363 | 353 | -10 | -0,03 | -3% |
| III. | Bruto dobitak (gubitak) I+II | 0 | 17 | 17 | 0 | 0 |
| IV. | Porez | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| V. | Neto dobitak (gubitak) III-IV | 0 | 17 | 17 | 0 | 0 |

U 2008.godini ukupni prihodi jednaki su ukupnim rashodima, tako da u tom perioda filijala Vranje ne beleži ni dobitak ni gubitak. U 2009.godini u odnosu na 2008.godinu došlo je do povećanja ukupnih prihoda za 7.000,00 dinara ili 2%, ali su zato ukupni prihodi smanjeni za 10.000,00 dinara ili -3%. U ovom slučaju nema rashoda na ime poreza i u 2009. u odnosu na 2008.godinu ostvaren je dobitak od 17.000,00 dinara.

Tabela br.8 Analiza ostvarenog gubitka (dobitka) za 2010. u odnosu na 2009.godinu

u hiljadama dinara

| Redni broj | Elementi | 2008.godina | 2009.godina | Promena | Koef. promene | Stopa promene |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3=2-1 | 4=3/1 | 5=4*100 |
| I. | Ukupni prihodi | 370 | 219 | -151 | -0,41 | -41% |
| II. | Ukupni rashodi | 353 | 539 | 186 | 0,53 | 53% |
| III. | Bruto dobitak (gubitak) I+II | 17 | -320 | -337 | -19,82 | -1982% |
| IV. | Porez | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| V. | Neto dobitak (gubitak) III-IV | 17 | -320 | - | - | - |

U 2010.godini situacija je drugačija. Ukupni prihodi su opali za 151.000,00 dinara ili 41%, dok ukupni rashodi beleže porast od 53% ili 186.000,00 dinara. Filijala Vranje je u 2010.godini u donosu na 2009.godinu poslovala sa gubitkom od 320.000,00 dinara. Razlog za to je ostvaren gubitak u 2010.godini.

## 7. EKONOMSKI PRINCIPI I POSLOVNI USPEH PREDUZEĆA

Princip produktivnosti je parcijalni ekonomski princip reprodukcije, pored principa ekonomičnosti i rentabilnosti. Princip produktivnosti se primenjuje zajedno sa ostalim ekonomski principima reprodukcije. Definiše se kao zahtev da se proizvodnja ostvarenog proizvoda ostvari sa što manjim utrošcima radne snage. Produktivnost merena kao poslovni prihod po zaposlenom u 2009.godini u odnosu na 2008.godinu smanjena je za 184,47 dinara po zaposlenom ili -3%. Broj zaposlenih je povećan za 4%, a poslovni prihodi za 4.000,00 dinara ili 1%. U 2010.godini poslovni prihodi su smanjeni za 149.000,00 dinara ili 41%.

Princip ekonomičnosti je parcijalni ekonomski princip reprodukcije. Može se definisati kao zahtev za ostvarivanjem određene vrednosti uz minimalne troškove reprodukcije. Filijala Vranje je zabeležila porast ekonomičnosti u 2009. u odnosu na 2008. za 5%. U 2010.u odnosu na 2009.godinu ukupan rashod je veći od prihoda. Filijala Vranje je u ovom periodu zabeležila pad ekonomičnosti za 62%.

Ekonomski smisao principa rentabilnosti je na optimiziranju efekata koji se ostvaruju po osnovu ulaganja u reprodukciju u obliku angažovanja sredstava. S obzirom da je filijala Vranje u posmatranom periodu poslovala sa gubitkom, onemogućena je analiza rentabilnosti tako da se ona svodi samo na teorijsku obradu.

Iz analize pokazatelja uspešnosti poslovanja filijale Republičkog fonda PIO zaključujemo da je ova javna institucija najbolji rezultat ostvarila u 2009.godini. Filijala Vranje će i dalje nastaviti da uspešno obavlja dva najvažnija zadatka:

- da donosi sva rešenja 60 dana od dana podnošenja zahteva i
- da vrši isplatu penzija u roku i to dva puta mesečno: 5. i 25.

## 8. LITERATURA


1. Bilansi stanja Republičkog fonda PIO – Vranje,
2. Bilansi uspeha Republičkog fonda PIO – Vranje,
3. Grozdanović, D., „Ekonomika preduzeća!, Niš, 2002.god.,
4. Interna dokumenta Republičkog fonda PIO – Vranje,
5. Krstić, B., Sekulić, V., „Upravljanje performansama preduzeća“, Niš, 2007.
6. Nikolić, M., Malenović, N., Pokrajčić, D., Paunović, B., „Ekonomika preduzeća“, Ekonomski fakultet, Beograd, 2000.
7. Statistički aneks Republičkog fonda PIO - Vranje

## SECURITY

# ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОБЛАСТА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ

**Проф. д-р Марјан Николовски**
Факултет за безбедност-Скопје
mnikolovski@fb.uklo.edu.mk
**Проф. д-р Фросина Ташевска Ременски**
ftremenski@gmail.com
**Проф. д-р Владимир Пивоваров**
МИТ-Универзитет-Скопје
pivovarov_vladimir@yahoo.com

**Abstract:** One of the basic characteristics of activity of organized criminal groups prevention financial benefit to the commission of serious crimes. Dealing with revenues originate from this type of crime is an effective way to combat organized and serious crime.
When talking about detection criminal acts of organized crime is necessary to mention the concept slightly and integrated financial investigations. Financial investigations are conducted parallel a criminal investigation in order to identify material benefit acquired trough actual crime, identify the assets of suspects, their closest and third of wich is possible confiscation, as would enable the ultimate confiscation trough implementation of interim measures (security, seizure).
One of the priorities of national legislation is modern implementation of mechanisms freeze and blockade. System to combat illicit enrichment is considered one of the basic mechanisms that guarantee the security of citizens.
**Key words**: organized crime, corruption, organized crime groups, freezing, blockade, confiscation

**Апстракт:** Една од основните карактеристики на делување на организираните криминални групи е стекнување на финансиска корист со извршување на сериозни кривични дела. Утврдувањето на приходите кои потекнуват од тој тип на кривични дела и нивно конфискување е ефикасен начин за борба против сериозниот и организираниот криминал.
Кога зборуваме за расфетлување на кривични дела од областа на организираниот криминал потребно е да се спомене концептот на интегрирани финансиски истраги. Финансиските истраги се спроведуваат паралалено со кривичната истрага, со цел да се идентификува трасира материјалната корист стекната преку конкретното кривично дело, да се идентификува имотот на осомничените лица, нивните најблиски како и трети лица од кои е возможна конфискацијата, како би се извршила крајната конфискација преку имплементација на привремените мерки (обезбедување, запленување).
Еден од приоритетите на современите национални законодавства е имплементирање на механизмите “замрзнување“ и “блокада“. Системот за борба против незаконито богатење се смета за еден од основните механизми со кои се гарантира безбедност на граѓаните.
**Клучни зборови:** организиран криминал, корупција, организирани криминални групи, замрзнување, блокада, конфискација

## 1. ВОВЕД

Еден од главните мотиви за организиран криминал е финансиската добивка. Организираните криминални групи го инвестираат нелегално стекнатиот профит во понатамошни илегални активности или спроведуваат перење на пари за негово легализирање и инфилтрација со цел да се стекнат со економско влијание во општеството. Конфискацијата на приходи стекнати од криминал се повеќе е признаено како ефикасен начин за борба против организираниот криминал.Замрзнувањето и запленувањето на приходите стекнати од криминал е ефикасен пристап во борбата против тешкиот и организиран криминал при што главниот мотив е да се стекне некаква корист.Република Македонија е помеѓу првите Балкански земји која ги имплементираше мерките за конфискација на приходи стекнати од криминал и ја воспостави законската основа за конфискација на приходи при што главниот предизвик е нејзината практична имплементација. Агенцијата за управување со одземен имот основана со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во делот на конфискацијата презема широк спектар на мерки со кои треба да ја задржи вредноста на

имотот преку забрана за негово отуѓување, преку негово поставување во соодветен магацински простор, продавање или раководење со замрзнатиот имот. Мерката зависи од природата на имотот (пари, акции, добра, возила, подвижен имот, компанија, недвижности, итн.)[198]

## 2. ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ

За да можеме да зборуваме за конфискација на имот стекнат со извршување на кривични дела од област на организираниот криминал, најпрво потребно е да се изврши определување на поимите организиран криминал и конфискација.

За дефинирањето на организираниот криминал во литературата постојат поголем број дефиниции. Тие не се исти ниту меѓу соседните, транзициските земји, кои што се многу слични по култура, менталитет и традиција. Ако причините не се исти, тогаш логично е дека и типовите, појавните облици на организираниот криминал нема да бидат исти меѓу земјите.

Според Проф. Миодраг Лабовиќ под организиран криминал како генерички поим се подразбира: [199]

*„Организиран криминална активноср на група составена од три или повеќе лица, која што делува подолг временски период за извршување на сериозни кривични дела, со различен степен на организациска структура, со или без директна инволвираност на државно- политички структури во криминалната организација, со мешање на легалнот и нелегалниот бизнис преку инвестирање на криминални приноси во легални бизниси или други легални трансакции, со влијание врз правосудството, полицијата, државната администрација, кошто во определени ситуации се наоѓаат под целосна контрола на организираниот криминал, се до целосно контролирање или влијание врз определени медиуми и невладини организации, при што методите на насилство се користат доколку перфидните методи на притисок и корупција не дадар очекуван исход. Целта на организираниот криминал е стекнување финансиска и/или друга имотна корист и/или стекнување и/или одржување на политичка и/или општествена моќ.“*

Целта на делување на организираните криминални групи е извршување на сериозни кривични дела со стекнување на високи профити. Финансиските средства од извршување на тој тип на инкриминации се вложуваат во легалните системи т.е. се врши нивно претворање од нелегални во легални.

Кривичната истрага го утврдува кривичнто дело и сторителот, како и собирање на докази за кривичната постапка. За да зборуваме за успешна борба во справување со организираниот криминал, не е доволна успешна кривична истрага, туку е потребно спроведување на финансиска истрага која ќе зерултира со конфискација на приходот стекнат со криминал.

Самиот поим конфискација е дефиниран во Членот 97 од Кривичниот законик на Република Македонија. [200]

Донесување на одлука на судот за конфискација има за цел да неможе никој да се збогатува со криминални активности. Како имотна корист прибавена со кривично дело треба да се третира секој имотен ефект што претставува противправна добивка за сторителот без оглед на тоа дали се состои во зголемувањето на неговиот имот или во спречување тој да се намали.

Како имотна корист треба да се третира и наградата што сторителот ја добил од трети лица за извршување на делото и сл.

Покрај горе споменатите видови на **непосредна** и **посредна** конфискација, во нашето законодавство предвидена е и **проширена** конфискација. Со измените во Кривичниот законик на Република Македонија од 2009 год.[201] воведен е нов Член. 98-а каде е вградена одредбата за т.н. “*проширена конфискација*“ , според која од сторителот ќе се одземе имотна корист остварена не само со конкретното кривично дело за кое се осудува, туку и за онаа што тој со такво дело ја стекнал определен период пред пресудата. За извршување на проширената конфискација е потребно исполнување на неколку претпоставки: *Прво,* таа е резервирана само за случаи на осуда за кривични дела од определен вид на тежина: кривично дело сторено во рамките на злосторничко здружение, за кое е пропишана казна затвор од најмалку 4 години, кривични дела во врска со тероризмот од чл.313,394-а, 394-б, 394-в и 419, за кои е пропишана казна затвор над пет или повеќе години., како и кривично дело поврзано со перење на пари, за кое е пропишана казна затвор од најмалку четири

---

[198] Закон за управување со кофискуван имот, имотна корист и одземени предмети (Службен весник бр.98/08)

[199] Лабовиќ М. Николовски М “Организиран криминал и корупција“ Факултет за безбедност, Скопје, 2010, стр. 59

[200]“ Никој не може да ја задржи имотната корист прибавена со кривично дело“ конфискацијата се однесува како на непосредната така и на посредната имотна корист

[201] В.Камбовски Кривичен законик-интегрален текст, Сл. Весник, 2011,

години. *Второ* временскиот период пред пресудата, на кој се протега проширената конфискација, го определува судот и тој не може да биде подолг од пет години пред сторувањето на делото. *Трето,* судот треба да е основано уверен дека имотот на сторителот ги надминува неговите законски приходи и дека потекнува од такво дело. Исто така, ваквиот имот ќе се конфискува и од трети лица за кои е остварен со извршувањето на кривичното дело, од членови на семејството на сторителот врз кои е пренесен, кога е очигледно дека не дале противнадоместок што одговара на неговата вредност, како и од трети лица, ако не докажат дека за предметот или имотот дале противнадоместок што одогвара на нивната вредност.

## 3. ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОБЛАСТА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ

Целта на делување на организираните криминални групи е стекнување на високи профити. Кога зборуваме за расфетлување на кривичните дела од областа на оргазнизираниот криминал треба да се напомене да со кривичната истрага се утврдува кривичното дело и сторителот/те, како и обезбедување на докази за кривичната постапка, додека целта на финансиската истрага (која оди паралално со кривичната) е да се конфискуваат приходите стекнати со криминал.

Пред воведување на мерките на конфискација, имаме повеќе примери каде се осудени организирани криминални групи, пред се во недозволена трговија со дрога. Дрогата се одзема, возилото со кое е транспортирано исто така, лицата се осудени и затворени на издржување на казна затвор, но огромниот имот што го имаат стекнато со предходните инкриминации продолжуваат да го уживаат останатите членови на криминалната организација или членовите на семејството. Од тој аспект од огромна важност е воведување на мерката конфискација на имот стекната со инкриминирани дејанија.

Во “Стратегија на Европската Унија за превенција и контрола на организриоаниот криминал на почетокот на новиот милениум“[202] се констатира да главен мотив на најголемиот дел на организираниот криминал е стекнување на финансиска корист. Поаѓајќи од тука и ефикасна превенција и сузбивање на организиран криминал мора да се базира на пронаоѓање и замрзнување, привремено и трајно одземање на имтот стекнат со извршување на кривични дела.

Потребно е паралелно со кривичната истрага да се превземаат активности на проверка на утврдување на имотната состојба на сторителите, како и откривање на финансиски трансакции заради утврдување и пронаоѓање на незаконско стекнатиот имот.

“Финансиската истрага е постапка која се спроведува паралелно со кривичната истрага и има зе цел да се разоткријат приходите од криминал, да се идентификува поседот кој може да се конфискува и привремено да се обезбеди ( заплени) имотот на обвинетиот со цел да се овозможи идната конечна конфискација“ [203]

Спроведувањето на финансиските истраги се базира на проверки во евиденција : Централниот регистер, Управа за јавни приходи, пазарна инспекција, царина, судови, банки, осигурителни компании и др. На кој начин се доаѓа до податоци со каков имот извршителот на кривичнот дело располагал пред извршување на кривичното дело, со каков имот се стекнал по извршување на кривичното дело.

Табела бр. 1

***Фази на конфискација*** [204]




[202] Службен лист на Европската заедница од 3-ти Мај 2000 година

[203] Финансиски истраги и конфискација на приходи стекнати со криминал, КАРДС регионална програма за 2002/2003 година стр. 9

[204] Лабовиќ М. Николовски М. “Организиран криминал и корупција“, Факултет за безбедност-Скопје, 2010, стр. 373

Системот на конфискација и постапките можат да се поделат во три фази:

1. **Истражна фаза** во која се идентификуваат и лоцираат приходите стекнати од криминал како и се собираат доказите за нивните сопственици( информации за нивниот имот)
2. **Судска фаза** во која обвинетиот е осуден (или ослободен) во која одлуката за конфискација е конечна
3. **Фаза на одземање** во која во согласност со законите имотот е всушност конфискуван и одземен од страна на државата. [205]

**Директните и индиректните** приходи од криминал можат да бидат конфискувани, туку и легалиот имот со соодветна иста вредност кога приходите нема да можат да бидат конфискувани.[206]

За успешно спроведување на кофискционата постапка потребно е преземање навремени мерки на идентификување, следење и брзо да се замрзне или заплени имотот кој е подложен на конфискација за да не се случи негово отуѓување, размена и сл. за да може истото да се реализира неопходен е увид во банкарската документација. По извшениот увид во банкарската документација, банките не смеат да го информираат клиентот дека полицијата вршела увид, дека во тек е финансиска истрага и сл. До колку организираните криминални групации имаат инволвирани свои луѓе во финансиските институции постои реална можност за провалување на активностите на институциите и поголема претпазливост кај ОКГ[207] при вршење на инкриминациите.

Со истраги на посед се врши систематско анализирање на податоците со цел да се идентификуваат таквите индивидуални поседи.

Кога се зборува за примена на мерката конфискација треба да се зборува за меѓусобно поврзан и заеднички настап на кривичната и финансиската истрага.

Различните законодавства можат да претставуваат сериозна пречка за вршење на ефикасна и успешна борба против меѓународниот организиран криминал. Потребно е да се усвојат одреден број законски мерки кои ќе овозможат да се лоцираат, замрзнат, запленат и конфискуваат приходите стекнати со криминал и да се овозможи меѓународно гонење и судска соработка во кривичното гонење. Во наредниот дел ќе се обидам да дадам една анализа на различните приоди во примена на мерката конфискација во некои од Европските држави како и Соединетите Американски Држави.

## 4. МЕЃУНАРОДНИ ИСКУСТВА

Имплементација на меѓународните стандарди во националната легислатива зависи од правниот модел, традициите и останатите специфични околности на државата, затоа националната легислатива во Европа е различна.

Постојат разлики во фундаменталната природа на конфискацијата во поглед на кривичното право, граѓанското или административното право. Режимите на конфискацијата можат да бидат дел од постапката за донесување на пресуда за обвинетиот. Во тој случај пресудата обично е неопходна. Во одреден број држави приходите можат да бидат конфискувани во граѓанските постапки на запленување, независно или паралелно со кривичните постапки.

Разликите исто така можат да се увидат и во темите како префрлување на обврската на докажување во поглед на природата на конкретниот капитал, во барањето за директна врска меѓу кривичниот фактор и запленувањето на имотот или во принципот на калкулација на профитот. Разликите се јавуваат и во правниот карактер на конфискацијта, стандардите на доказот и опсегот на конфискацијата.

Според **континенталниот правен систем** , правниот карактер на конфискацијата при кривичата постапка генерално е инцидентна последица или мерка, а само неколку држави ја толкуваат кофискацијата како вистинска казна (Франција).

Во системот на **општото право** (Италија), конфискацијата има воглавно превентивна функција.

Во многу европски држави **стандардите за докази** се намалени. Врската меѓу гонетото кривично дело и имотот (кој може да се утврди дали е нелегален), може да биде лабава (Германија, Австрија, Холандија). Обвинителот не е должен заедно со кривичниот стандард да ја докаже врската меѓу гонетото кривично дело и сите поседи – имот за кои се предпоставува дека се нелегални. Во таков случај, во дополнение на приходите од гонетото дело, друг имот можат да бидат конфискувани дури и кога се стекнати од некое друго кривично дело кое е предмет на разгледување (проширена конфискација).

---

[205] Isto. str.13

[206] Ramkovna odluka na Sovetot500/2001, od 06.06.2001 godina, za perewe pari, identifikuvawe, sledewe, zamrznuvawe, zaplena i konfiskacija na instrumentite i prihodite od kriminal

[207] ОКГ – Организирана криминална група

Целосната префрлена обврска за докажување се имплементира само во неколку европскио држави (Ирска, Велика Британија, Италија и Швајцарија).

**АНГЛИЈА**

Системи на конфискација на имот со криминално потекло во рамките на обичајното право се фокусираат на обвинителот, кој се повикува на судот во врска со големината на материјалната корист која лицето ја прибавило со криминална активност. Во случаи кога се работи за кривични дела поврзани со недозволена трговија со дрога истрагата може да се прошири и надвор од границите на конкретното кривично дело на сите кривични дела поврзани со дрогата. Во тој случај истрагата има за цел да се наметне на осуденото лице правна обврска да плати на државата сума која е одредена како вредност на материјалната корист.

Во текот на 2002 година Англија го донела **Законот за средства од криминално потекло** со што ја воведе можноста на граѓанско-правна заплена во случај предметите за кои се утврди дека нема да бидат кривично гонети. За таа цел формирана е и **Агенција за повраток на средства** која работи исклучиво по судска одлука.

**БЕЛГИЈА**

Во текот на 2002 година во Белгија донесен е закон со кој се дава можност за проширување на заплената. Усвоена е можност за заплена на вредност: ако некое лице стекнало средства со извршување на кривично дело кое е под истрага, и тие средства не можат да се пронајдат, Јавен обвинител и Истражен судија можат да извршат процена на износот на тие средства и зпленат било кој дел од наследениот имот на осомничениот до соодветниот износ. Односот меѓу запленетиот дел од наследениот имот и кривичното дело не треба да се воспоставува.

Она што ја карактеризира Белгија е формирање на Централна канцеларија за заплена и конфискација формирана од Јавниот обвинител со надлежности на целата териотрија на Белгија.

**СОЕДИНЕТИ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ**

**А**мериканските закони дозволуваат и административна заплена од страна на федералните агенции. Тој концепт на **граѓанско-правна заплена** бил и уставно оспруван од страна на Врховниот суд на САД, но сепак истиот отанува на важност.

Во текот на 2000-та година американскиот систем на граѓанско-правна заплена е моделиран, на кој начин би се обезбедило поголема заштита за невините сопственици на тој начин што е воведен "**стандард на голема несразмерност"** за да се утврди дали е примената на конкретно граѓанско-правната заплена спротивна на уставот.

## 5. ПРИМЕНА НА МЕРКАТА КОФИСКАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Од особено значење за афирмација како конфискацијата како мерка се меѓународните конвенции чија потписничка е нашата држава како аспирант за влез во Европската унија, а со тоа и прилагодување на нашето законодавство со западно европското законодавство. Оваа мерка е предвидена посебно во Казнената конвенција против корупција 1998година и Цивилната конвенција за корупција од 1999 година на Советот на Европа во која е предвидено како ообврска на државите потписнички да преземаат мерки кои се неопходни за овозможување конфискација или одземање на инструментите и на приходот од делата. Конфискацијата на имот исто така е предвидена и со Конвенцијата на ООН за транснационален организиран криминал- Конвенцијата од Палермо Италија од 2000 година и со најновата Конвенција за перење пари, потраги, замрзнување и конфискација на имотна корист на Советот на Европа од 2005 година.

Конфискацијата на имот е реафирмирана со Новелата на Кривичниот законик на Република Македонија од 2004 година. **Конфискацијата на имот и имотна корист во Кривичниот законик е пропишана како посебна казнено правна мерка, што се состои во одземање на непосредна и посредна имотна корист прибавена со кривично дело.**[208]Конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети во македонското кривично- правно законодавство е издвоена мерка од системот на санкции, со чие што изрекување присилно се одзема посредната и непосредната имотна корист прибавена со кривично дело. Конфискацијата на имот се врши од сторителот на кривичното

[208] Глава 7 Конфискација на имот и имотна корист и одземање предмети во КЗ на РМ, Службен весник бр. 19/04 во членовите 97- 100-а

дело и може да се конфискуваат пари, вредносни предмети, имот или имотна корист прибавена од извршено кривично дело.

Имотната корист се конфискува и од лицата на кои им е пренесен имотот ако тие знаеле, можеле да знаат или биле должни да знаат дека имотот е прибавен со извршено кривично дело. Бидејќи во нашето кривично законодавство е воведена одговорност и за правните лица , предвидена е и конфискација на имот од правно лице. Имотната корист се конфискува и од правното лице кога тоа се јавува како сторител на кривично дело или пак кога за него е прибавена имотна корист со кривично дело кое го сторило друго лице. Законски е предвидено во случаите кога од правното лице не може да се конфискува имот или имотна корист поради престанок на неговото постоење пред извршување на конфискацијата, основачот или основачите на правното лице односно кај трговското друштво акционерите или содружниците, солидарно ќе се обврзат да платат паричен износ што одговара на прибавената имотна корист. Се работи за решение втемелено врз принципот тој што ја влече користа од криминалното однесување во работењето на правното лице треба солидарно да ја вратат стекнатата противправна имотна корист прибавена со криминални однесувања кои ѓи имаат обележјата на кривични дела. Вредноста на имотот и имотната корист што треба да се конфискува најчесто се утврдува со вештачење. Во постапка кога се работи за криминални однесувања каде се стекнати огромни богатства а сторителите имотот го имат пренесено на други лица, со цел да се утврдат финансиските трансакции, договорите за пренесување на имот со фиктивни купопродажни договори потребна е соаботка помеѓу повеќе државни органи и институции се со цел да се докаже висината на противправна имотна корист. Во нашето законодавство се воведе и закон за за проширена конфискација како дел од реформите во кривичниот законик со што им ги одврза рацете на судиите да конфискуваат имот. Цел на проширената конфискација е да се олесни борбата против организираниот криминал. Но, како што појаснува академик Владо Камбовски, за постапката да биде фер на обвинетиот треба да му се даде можност да покаже дека имотот, сепак, е стекнат од законски извори. Проширената конфискација стапи на сила на 22 март, 2010 година, а со неа се предвидува лицето кое е обвинето за учество во организиран криминал да му се замрзне целиот имот стекнат во последните пет години, а не само оној за кој е обвинет.

Со донесување на Законот за конфискација и управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, од 2008 година па навака реализирани се повеќе пресуди на одземен имот:

**Студија на случај број 1**

На едно лице му е изречена казна затвор во времетраење од 1 година за перење пари. Согласно со одлуката на судот, на обвинетиот му е изречена мерка конфискација (имотна корист стекната спротивно на интересите на РМ) на средства во вредност од 9 милиони евра.

Бидејќи обвинетиот не успеал да ја изврши исплатата, со цел да се спроведе одлуката на судот, беше извршена конфискација на недвижен имот и на хартии од вредност.

Од обвинетиот беше одземено следното:

- Вила со вкупна површина од 236 м2;
- Куќа со вкупна површина од 270 м2, која беше конфискувана од mala fide трето лице кое ја стекнало во 2003 година од обвинетиот без соодветен надомест, иако тоа знаело и било обврзано да знае дека куќата била стекната како принос од кривично дело;
- Деловен простор со вкупна површина од 106 м2.

Покрај тоа, конфискација е извршена на хартии од вредност во банките и во акционерските друштва кои биле купени со пари стекнати до кривично дело, меѓу другото: на пример 3.120 акции во (...) - во износ од 7,4 од вкупниот капитал; 13544 акции во (...) - во износ од 43,64% од капиталот; 8.662 акции во (...) - во износ од 6,4% од капиталот; 12.778 акции во (...) - во износ од 33 % од капиталот и 921 акција во (...) - во износ од 2,73% од капиталот; 23.970 акции во (...) - во износ од 4,04% од капиталот и 564 акции во (...) - во износ од 32,86% од капиталот; хартии од вредност од компанијата (...), на која обвинетиот бил сопственик и директор; 132.948 акции во (...) - во износ од 36,15% од капиталот.

**Студија на случај број 2**

Со правосилна одлука на основниот суд, лицето - сопственик на компанијата - беше осудено за злоупотреба на службената должност и, согласно со одлуката на судот, обвинетиот требаше да врати околу 58 милиони денари.

Обвинетиот беше обврзан во рок од 15 дена од правосилноста на одлуката да изврши надомест за незаконски стекнатата имотна корист; меѓутоа тој не успеа да го направи тоа. Конфискацијата на долу наведениот имот беше извршена со цел да се спроведе одлуката на судот:

- Семејна куќа во КО (...) со вкупна површина од 511 м2:
- Вила во КО (...) во негова сопственост, дадена на трето лице, со вкупна површина од 234 м2.

**Студија на случај број 3**

Со правосилна одлука на основниот суд, две лица беа осудени (на првото лице му е изречена казна затвор во траење од 7 години, додека, пак на второто лице му е изречена казна затвор во траење од 4 години и 10 месеци) заради сторена „злоупотреба на јавна функција“ и „фалсификување на службеното овластување“. Судот пресуди дека обвинетите треба да платат надомест за нанесената штета во износ од 103.575.167,00 денари.

Беше конфискуван следниот имот:

- Стан во (...) со вкупна површина од 119 м2;
- Деловен простор со површина од 202 м2;
- Зграда со површина од 540 м2;
- Стан во (...) со вкупна површина од 74 м2.

**Студија на случај број 4**

Со правосилна одлука на основниот суд, две лица беа осудени на казна затвор во траење од 5 години за „трговија со деца“. Беше конфискуван следниот имот:

- Ресторан со вкупна површина од 65 м2;
- Кафе бар со вкупна површина од 120 м2.

**Студија на случај број 5**

Со правосилна одлука на основниот суд, обвинетиот беше осуден на казна затвор во траење од 6 години за „злоупотреба на јавна функција“. Судот одлучи дека обвинетиот треба да и исплати на РМ износ од 97.612.997,00 денари.

Бидејќи обвинетиот не успеал да го исплати наведениот износ, конфискација беше извршена на следниов имот: акции во две компании, во вкупен износ од околу 200.000 евра.

**Студија на случај број 6**

Со правосилна одлука на основниот суд, вкупно 21 лице беа осудени за извршена „злоупотреба на службена должност, измама и перење пари“.

Беше извршена конфискација на различни износи на пари, како и наведениот имот: недвижен имот во (...) со вкупна површина од 1.035 м2; недвижен имот во (...) со вкупна површина од 708 м2; недвижен имот и зградав о (...) со вкупна површина од 179 м2. Согласно со пресудата, од обвинетите во корист на РМ се одземаат повеќе катастарски парцели и недвижен имот - земјиште со вкупна површина од 178.218 м2.

Вкупниот имот на конфискуваните хартии од вредност и на имотот во овој предмет досега е со вредност од околу 20.000.000 евра.

Што може да се заклучи од презентираните примери?

За релативно краток временски период државните институции успејаа да одземат куќи, станови,деловни облјекти, хартии од вредност што одговараат на вредност на пресудата за конфискација. Мерките за конфискација имаат за цел преку одземањето на физичката или финансиската моќ на едно лице се намали неговата моќ или неговите можности за продолжување со определено однесување; да се спречи можноста за неоправдано богатење на сторителите на кривични дела, по пат на елиминирање на предностите или погодностите кои ги стекнале со нивните нелегални активности; криминалците да се одвојат од криминалот, со намалување на можностите за стекнување профит, и да се заштити Заедницата, со запирање на циркулирање на забранетите предмети. Но во нашата држава за спроведување на оваа мерка недостига правна регулатива, институции и практика во однос на идентиификувањето воопшто на имот кој е остварен на криминален начин, кој не може да опфати само казнено- процесни норми, туку и комплементарни норми од областа на банкарството, финансиите, прометот со недвижности и други подрачја. Мерката конфискација е неоправдано запоставена во судската практика од причини што судовите одбегнуваат да се впуштат во постапка за утврдување имотна корист прибавена со кривично дело, поради слабата подготовка на обвиненија во тој дел и непостоење на ефикасни инструменти за идентификација и потрага по криминални приноси пред започнување или во тек на казнената постапка.

Во сите случаи се истакнува значењето на соработката помеѓу финансиските истражители и јавните обвинители, што има суштинска важност за рано и крајно прецизно идентификување на средсвата од самиот почеток на постапката.

Може да се каже да за успешно управување со конфискуваниот , имот со хартиите од вредност удели акции, или фирми и затоа е неопходна натамошна едукација на кадрите во агенцијата за управување со одземен имот.

Од друга страна, тоа има клучна улога за успешно завршување на еден предмет за конфискација, бидејќи на овој начин се унапредува донесувањето прецизни пресуди од страна на судиите, а оттаму и последователното полесно извршување на налогот.[209]

## 6. ЗАКЛУЧОК

Во последните години во европските законодавства започнува трендот на реафирмација на конфискацијата на имот како мерка што за предмет го има имотот на сторителот заедно со **специјалната конфискација што се состои во одземање на предметите што се употребени, настанале или се објект на криминален напад. Се работи за нова тенденција на криминалниот прогон во смисла на потрага не само по делото и сторителот, туку и по криминалниот приход создаден со нелегални активности, како најефикасно средство во борбата против организираниот криминал, односно економскиот криминал кој ги има обележјата на организиран криминал**.

Упорното откривање, замрзнување и конфискација на сиот криминален приход како и на сите предмети што настанале со извршените криминални дејствија или пак предмети што се употребени за криминален напад треба да го зацврсти предупредувањето кон сторителите кои имаат службени овластувања, или пак вршат одговорни функции во рамките на приватните претпријатија како и нивните сопственици кои најчесто се потикнувачи на криминалоот дека **КРИМИНАЛОТ НЕ СЕ ИСПЛАТУВА**.

Многу од европските држави веќе ги имаат воведено формите на префрлување на теретот на докажување на потеклото на имотот на обвинетите. Институциите се обврзани да докажат на некој начин да имотот е стекнат со криминална активност, или пак да обвинетиот не е во можност да го стекне имотот, на основа на законските приходи.

Примената на меѓународните стандарди во домашното законодавство зависи од правниот модел и традицијата и други околности специфични за државата. Постојат разлики во суштинска природа на законските прописи на одземање во врска со кривично право или граѓанско право.

Во предходното излагање можеме да констатираме да судската практика, се судрува со одредени проблеми, при утврдување на износот на противправна имотна корист. Иако проблемот на конфискацијата посеопфатно е третиран во Новелата н а КЗ од 2004 година, измените на ЗКП и Законот за изменување и доплнување на КЗ од 2009 година, ипокрај релативно крткиот временски – период инплементацијата можеме слободно да ја оцениме како незадоволителна. Може да се констатира да недостика правна регулатива и практика во однос на идентификувањето на имотот кој е остварен на криминален начин, со тоа не може да се опфатат само казнено-правните норми туку и пропратните услови во областа на банкарството, финансиите, прометот со недвижности и др. Иако е формирана и Агенција за управување со одземен имот (од Февруари 2009 година) од нејзинот формирање до денес резултатие од нејзината работа се уште не се чувствуваат доволно во праксата.

Во нашето законодавство потребно е да се пристапи на донесување на таква законсак регулатива која ќе овозможи одземање на целокупниот имот за кој постои сомневање дека е нелегално стекнат, без оглед дали е итврдено во текот на кривичната постапка дали е во директна врска со кривичното дело за кое некое лице е осудено.

На таков начин се овозможува зголемување на ефикасноста во броба против организрианиот криминал, како и осовременување на нашето законодавство и негово приближување до современите европски текови како неопходен услов за влез на Р.Македонија како полноправна членкана Европската заедница.

## 7. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:


- Лабовиќ М., Николовски М., *Организиран криминал и корупција*, Факултет за безбедност, Скопје, 2010
- Марјановиќ Ѓ *Мекедонско кривично право-општ дел* 2009
- Камбовски В. Марјановиќ Ѓ. *Корупцијата најголемо општствено зло- закана за правната држава*
- Сулејманов З. *Кривично право-општ дел*, Скопје, 2004 година,


[209] Спроведување на конфискација на приноси од кривични дела по реформите на Кривичниот Закон од 2009 год.- Барбара Ветори, Владо Камбовски, Бобан Мисовски.

- Камбовски В. *Казнено право –општ дел*, Култура , Скопје, 2004 година
- Barbara Vettori: *Tough on Criminal Wealth*
- Камбовски В. Мисовски Б. Ветори Б. *Спроведување на конфискација на приноси од кривични дела по реформите на Кривичниот Закон* од 2009 год

**Нормативни акти:**

- United Nations Convention agains Corruption
- Vienna Convention on the Law of Treaities
- Кривичен законик 1996, 2004;
- Закон за изменување и дополнување на кривичниот законик 2009 година
- Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка

Нацрт стратегија за реформа на казнено право 2007, Министерство за правда

-Рамковна одлука на Советот (2003/577/ЈХА) за спроведување во Европската Унија на наредби за замрзнување на имотот или доказите, О Ј Л 196 , 02/08/2003.

-Конвенција за перење, истрага, заплена и конфискација на приходите стекнати од криминал, Стразбур, ЕТС 141, 8.11.1990.

-Конвенција за перење, истрага, заплена и конфискација на приходите стекнати од криминал и за финансирање на тероризмот, ЦЕТС 198, 16.5.2005

- Спроведување на конфискација на приноси од кривични дела по реформите на Кривичниот Закон од 2009 год.- Барбара Ветори, Владо Камбовски, Бобан Мисовски.

Интернет:

- http://sitel.com.mk/dnevnik/makedonija/proshirenata-konfiskacija-ne -funkcionira
- google-konfiskacija
- http://worldinbalance.net/agreements/1969-viena-lawoftreaties.php

# CRIMINAL-LEGAL FRAMEWORK FOR THE PROTECTION OF THE UNIVERSAL HUMAN RIGHTS AND BASIC FREEDOMS OF THE REFUGEES AND INTERNALLY DISPLACED PEOPLE

**Aleksandar Donchev, PhD**
MIT Univerzitet, Skopje, Makedonija,
alekdoncev@yahoo.com

**Abstract:** The human freedoms and rights are foremost the basic content of the modern constitutional matter. However, the theoretical interest for this subject arose long before the first written documents. This interest comes form the human nature to be a social and political being that is active in the social community.

The human rights protected by international instruments, represent specific standards of conduct and public legal behaviour between the individual and the state, whereby the realisation of their basic values and principles is guaranteed.

The processes developed in the nineties of the XX century brought on radical changes on regional and national level, changes for which theoreticians and politicians claim to be part of the so called global state.

The global world represent mutually dependant, and not unified political systems on international plan. The point is that each country must adapt to the new reality.

**Key words:** globalisation, human rights and freedoms, international standards, humanitarian intervention, refugees

## 1. CRIMINAL-LEGAL FRAMEWORK FOR THE PROTECTION OF THE UNIVERSAL HUMAN RIGHTS AND BASIC FREEDOMS OF THE REFUGEES AND INTERNALLY DISPLACED PEOPLE

The idea of human rights, especially in international- legal frames, is one of the most impressive ideas and tendencies in international law after the II World War. It is a reflection of the emancipated consciousness of people throughout the whole world regarding the minimal standards of civilized behaviour.

As part of the process of legal regulation, the rights go through several stages:

- Creating new legal norms;
- Legalising the rights and obligations (legal behaviour);
- The stage of fulfilling the rights and obligations in social practice through factual behaviour of subjects; and
- The stage of legal protection through the enactments with state-legal character with indispensably inclusion of judicial bodies.

As a reaction to globalisation, the inefficient governments faced with brutal economy, are faced with problematic society, whose members are turning to ethical, religious and other already standardised entities. People are starting to find alternative values and emotions within the frames of the old and new religions. Sometimes these types of reactions are constructive, but they sometimes generate conflicts in the so-called society of discords. [210]

The issue of appropriate ratio between the safety and freedom in contemporary society was opened again in the new safe environment after the Cold War, and in the light of the changed concepts of safety and universal human rights and basic freedoms. While this ration in distant past (in the early communities in the so called natural state) came in the form of absolute freedom of the individual on the account of his safety, with the emergence of modern (sovereign) states, the absolute freedom of the individual became subordinated to the legal order of the state (the absolute freedom was replaced with common good, which should be provided by the state for all its citizens).

The country as political organisation of society has a double role:

- ❖ provides inner order and peace and defence against foreign attacks; and
- ❖ represents a basic regulator in the guarantee of social- economic, political, educational and other functions in the society.

---

[210] Braun, L., Planet Condition, New York, 1990.

In the same time, the state is also a political force that represents a possible source of threats for the safety of its citizens. Therefore, with the development of the international community in the direction of global society, also strengthen is the normative and legal frame protecting the basic human rights and freedoms against abuse, i.e. threats by the contemporary state.

The legal composition of human rights and the humanitarian right is an integral part of the international law aimed toward protecting the individual, as well as his collective freedoms and rights. Human rights, as universal human destination, are also protected in times of trouble, or armed domestic or international conflicts, with the application of the norms of international humanitarian right.

The basic legal norms protecting the individual against the power of the state are part of the UNO system. Among more significant international documents related to human rights, we can mention: The Charter of the United Nations (CUNO), the Universal Declaration of Human Rights (1948), the International Convention for the Protection of Children's Rights (1979); International Covenant on Civil and Political Rights; European Convention of Human Rights; Helsinki Final Act.

Additional to the general instruments for the protection of human rights, some regional have been passed as well, such as; The African Charter of Human Rights (1981), adopted by the Organisation of African Unity; Inter-American human rights system, Charter of the Organisation of American States (OAS) (1948); American Convention of Human Rights (1967); European Convention for Human Rights and Fundamental Freedoms Protection, adopted by the Council of Europe (1950); Regional arrangement of the Charter of UN though the Pact of the Arab League (1952), which are compulsory based on the international legislation for the protection of human rights.

Within this frames, for the first time in the history of modern international society the actions of the state toward its citizens were normative and legally limited. Today, it cannot be contested that the governments of contemporary states are controlled by the governments of other countries, the non-governmental organisations and the international organisations. [211]

It should be emphasized that the regiment of human rights within the UNO mechanisms in the Cold World period was significantly limited, mostly because:

- ❖ the opposing positions between the members of the United Nations Security Council that were causing constant blockade, and
- ❖ the importance of the generally accepted attitude that the use of force for the protection of victims from mass violation of human rights would represent violation of the UNO Charter. The same would allow the states to use force only in the case of self-defence.

The United Nations Security Council has clear authorities (chapter 7 from the General Charter of UNO), i.e. the right to decide on applying force in order to preserve "international peace and safety" but in the GC of UNO there are no clear provisions on decisions regarding interventions in the case of humanitarian disasters within the state itself.

At the end of the Cold War (1985-1990) the members of United Nations Security Council increased their political will to participate in resolving international conflicts, as well as conflicts within the countries themselves (for example., the war between Iraq and Iran, Afghanistan, Angola, Namibia).

Во Италија П.Л.Виња (P.L.Vigna), поранешен главен обвинител на Националното биро за антимафија на Италија (D.N.A), изјави дека бројот на кривични дела извршени од организираните криминални групи во Италија (мафијата) е најголем и дека нивните кривични дела се најсериозни, односно најтешки кривични дела.

## 3. ЗАКЛУЧОК

Од погореизложеното може да се заклучи дека основни организациски единици на мафијата претставуваат:

- Семејствата (familija) структуирани на начин кој потсетува на средновековните општества.

- На врвот на организациајта се наоѓа водач наречен Капо (Capo), Бос (Boss) или Падре (Padre), кој има свој заменик (Underboss). Меѓу главниот и неговиот заменик се наоѓа советник наречен consigliere. Советникот покрај советодавната улога има задача да ги остварува контактите со надворешниот свет и да ги застапува интересите на организацијата. Непосредно под заменикот се наоѓаат повеќе капетани (caporegima), од кои секој под своја команда има повеќе војници (soldati).

- Внатрешните хиерархиски односи се поставени на тој начин што контактите се можни само меѓу членовите на слоевите кои се допираат, што има за цел одржување на тајноста на организацијата. Оттаму, откриениот и фатен војник најчесто (дури и тоа и да го сака) не може да открие повисока личност од структурата на организацијата, освен свој капетан од кого непосредно ги прима наредбите за вршење криминални дејности.

- Откривањето на злосторниците од овој вид е уште повеќе отежнато поради постоењето на т.н. Закон за молчење (omerta) кој му се заканува со смрт на секој член на организацијата што ќе го прекрши со откривањето на каков било податок што е насочен против организацијата. Во таа смисла дејствува и целосната интегрираност на членовите од семејствата.

- Постоењето на групните норми на солидарноста кои владеат во нив и оттаму произлезеното чувство на заштитеност се зајакнати и со гаранцијата што им ја дава организацијата дека ќе се добие голема помош доколку некој биде лишен од слобода. Главните напори на здруженијата од организираниот криминалитет сепак се насочени кон тоа нивниот член да не се појави пред органите на прогонот. Тоа се обезбедува со примена на постапка на т.н. „заташкување на случајот“ (The Fix). Имено, кога ќе се случи да биде фатен некој член на организацијата, таа најпрвин се обидува да го заташка случајот на тој начин што ќе ги поткупи полицајците, обвинителите или судиите. Доколку во тоа не се успее, следниот чекор е организирање, нивно фаќање во случајни или наместени компромитирачки ситуации. Потоа полицијата, обвинителите или судиите го ослободуваат престапникот поради ветената компензација дека нема да бидат обелоденети нивните тајни од приватниот живот.

## 4. ЛИТЕРАТУРА


1. Гроздан М.Цветковски- “Влијанието на организираниот криминал врз креирањето политика во периодот на транзиција, со посебен осврт на состојбите во Република Македонија”, Скопје, 2006 год. стр.23
2. Јован Јовчев- “Специјалните истражни мерки во кривичното законодавство на република Македонија”, Скопје 2009 год. стр.103
3. Сулејманов Зоран- “Организиран криминалитет”, Судска Ревија – Здружение на судии на РМ, март 2000 год. стр.71

4. Ferdinando Buatierde Mongeot- “Организираниот криминал и неговите форми на транснационалниот план”, Судска Ревија бр.2 од месец септември 2006 год. стр 54-55
5. Изјава дадена на Лондонската конференција од 2002 год. (Ministerial Conference, London, 25.11.2002) во која присуство имаат земено претставници на европски влади, а која конференција е одржана за расправање во врска со опасноста од транснационалниот организиран криминал.

# DISASTER PREPAREDNESS

**Shaban Saliu, PhD**
**Maja Timovska, PhD**

Protection and Rescue Directorate, Republic of Macedonia shaban.saliu@dzs.gov.mk, maja.timovska@dzs.gov.mk

# ПОДГОТВЕНОСТ ЗА КАТАСТРОФИ

**д-р Шабан Салиу**
**д-р Маја Тимовска**

Дирекција за заштита и спасување, Република Македонијаshaban.saliu@dzs.gov.mkmaja.timovska@dzs.gov.mk

**Abstract:** The system of protection and rescue related process of successive and interrelated activities: prevention, reducing the impact, preparedness, response and recovery that are properly processed and represented in all segments and phases of planning and response at the local, national, regional and international level. Investing in prevention and preparedness, multiple effects and reduce the funds needed for response and recovery, in this context, and in order to streamline operations to improve the efficiency of the single system of protection and rescue, the ability to shape the willingness of protection and saving an important part of the content of the new regulation is based on education for disaster. Past experience has confirmed that preparedness is essential for timely and appropriate response and dealing with disasters, and therefore the main objective of this paper is to initiate all entities dealing with disaster preparedness. Fundamental to the system of protection and rescue have education, training and empowerment of citizens and members of the protection and rescue teams, protection from natural disasters and other accidents.
**Key words:** preparedness, protection and rescue, disasters

**Резиме:** Системот за заштита и спасување е поврзан процес на последователни и меѓусебно поврзани активности и тоа: превенција, намалување на последиците, подготвеност, одговор и закрепнување, кои се соодветно обработени и застапени во сите сегменти и фази на планирање и одговор на локално, национално, регионално и меѓународно ниво. Вложувањето во превенцијата и подготвеноста, повеќекратно ги намалуваат последиците и средствата потребни за одговор и закрепнување, во тој контекст, а со цел да се насочат активностите за подобрување на ефикасноста на единствениот систем за заштита и спасување, можноста за обликување на подготвеноста на Дирекција за заштита и спасување претставува значаен дел од содржината на новата регулатива која се заснова на едукација за катастрофи. Досегашните искуства потврдија дека подготвеноста е основен предуслов за навремено и соодветно реагирање и справување со катастрофите, токму затоа и основна цел на овој труд е да ги иницира сите субјекти кои се занимават со подготвеност за катастрофи. Фундаментално значење за системот на заштитата и спасувањето имаат *образованието, оспособувањето и обуката* на граѓаните и на припадниците на силите за заштита и спасување *за заштита од природни непогоди и други несреќи*
**Клучни зборови**: подготвеност, заштита и спасување, катастрофи

## 1.ВОВЕД

Овој труд претставува поттик на активностите за подготвеност од катастрофи на локално и национално ниво. Во трудот се претставени диспозициите на превентивните мерка за подготвеност. Бидејќи е евидентно дека присуството на знаење и умеење како легитимно прашање и предуслов за успешно остварување на заштитата и спасувањето. До сега, подготвеноста на службите за спасување се случувале врз основа на законот за заштита и спасување со што резултира со минимални побарувања кои произлегуваат од досегашните нормативи. За да се постигне посакуваното ниво на транспарентност треба да ја разбереме нејзината важност и да ја разбереме суштината и притоа да се најдат клучните инструменти како тоа да се постигне.

Согласно *Законот за заштита и спасување* општините имаат обврска на локално ниво да го организираат секојдневно управување со ризици во зависност од проценката на ризикот за која општинската управа смета дека имаат приоритет. Истото подразбира и зголемено фокусирање на превенцијата. Исто така, општините имаат многу поголема одговорност за нивото на стандарди што

треба да ги превзмеме службата за спасување во однос на подготвеноста. Во членот 29 од истиот закон јасно е дефинирана обврската на дирекцијата дека е формиран Центар за оспособување и обука. Истиот тој центар за оспособување и обука реализира основна, дополнителна и специјалистичка обука на републичките сили за заштита и спасување и други кадри од областа на заштитата и спасувањето.

Целта на законот за заштита и спасување е општинските служби за спасување мора да бидат во можност да пружат соодветни мерки во случај на заштита на лица, имот и околината – која во моментов е доста цврста.

Овој труд претставува само една од можностите која може да ја користат општините во активностите за подготвеност од катастерофи. Трудот е резултат на активностите со цел да се развие моделот, алатките и правилата во однос на воведувањето на едукација за заштита и спасување во услови на природни непогоди и други несреќи.

Трудот е замислен како придонес кон активностите кои треба да ги реализираат општините и како поттик на активностите поврзани со едукација за катастрофи. Придонесот и поттикот се во форма на повеќе алатки кои им даваат стручна и методолошка подлога за спасување која ќе може адекватно да одговори на локалните ризици. Дирекцијата за заштита и спаување како носител на активностите во рамките на единствениот систем за заштита и спасување од природни катастрофи и други несреќи, активно учествува во подготовката на целокупната регулатива на оваа проблематика.

## 2. НОРМАТИВНА- ПРАВНА РАМКА НА ПОДГОТВЕНОСТА ЗА КАТАСТРОФИ

Дирекцијата за заштита и спасување како самостоен орган на државната управа чија дејност е уредена со системскиот Закон за заштита и спасување [240] во рамките на својата работа, од своето постоење па се до денес, во согласност на очекувањата на националната концепција за безбедност и одбрана, обезбеди видно унапредување во подготвеноста на државата за справување со природните непогоди и други несреќи.

Од основањето, па се до денес во изминатите години заштитата и спасувањето е во постојана развојна динамика и подем. Овој период е исполнет со организирани и систематски напори насочени кон создавање поадекватни услови за работа, кон усовршување на видовите и формите на тимовите за заштита и спасување и проширувањето на материјално – кадровската база со што се создадени услови за успешна и ефикасно справување со предизвиците на полето на заштитата и спасувањето.

Дирекцијата за заштита и спасување е насочена кон изградба на рационален и финансиски прифатлив систем за заштита и спасување на ниво на задоволување на потребите на населението, како и учество во активности на меѓународни организации и на други држави на тоа подрачје. *Таа е синоним за добро организирана и високо – стручна цивилна установа.* При креирањето на оваа политика и подготвувањето на нормативната уреденост се обрна внимание на надлежностите и на другите субјекти кои не се директно стручно проврзани со службата за спасување но се во тесна корелација со неа. Како примери на такви области ги наведуваме ***стратешките документи*** изработени согласно Законот за заштита и спасување.

Со оглед на фактот дека се работи за многу важен сегмент за сигурноста на населението но и на правните и физичките лица и субјекти и државни органи, предвиден е над спроведувањето и имплементирањето на заштитата и спасувањето, каде и согласно членот 48 од Законот за заштита и спасување е дефинирано оспособувањето и подготвување за самозаштита, граѓаните на Републиката имаат право и должност да се оспособуваат и подготвуваат за лична и заемна заштита, како и да спроведуваат пропишани мерки за заштита и спасување.

Заштитата и спасувањето на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна и воена состојба, се уредени со Законот за заштита и спасување и тоа како *единствен систем за заштита и спасување.*

Системот за заштита и спасување е поврзан процес на фази: *превенција, намалување на последиците, подготвеност, одговор и обновување* кои се вклопени во развојните планови и обезбедуваат спроведување постапни мерки за заштита и спасување на локално, национално, регионално и меѓународно ниво. Функционирањето на системот за заштита и спасување е примарна задача на Дирекцијата за заштита и спасување. Покрај законската дефинираност-уреденост на системот за заштита и спасување, заради попрецизно доуредување на мерките за заштита и спасување, донесени се подзаконски акти (уредби, правилници, упатства, одлуки, стандардни оперативни процедури и други нормативни акти), со што се создадени оптимални услови за нивна

---

[240] Законот за заштита и спасување (Службен весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10,18/11и 93/12)

ефикасна примена и функционалност. Ваквата уреденост (законска и нормативна), овозможува и обврзува подготовките, планирањето и спроведувањето на мерките за заштита и спасување да се одвиваат во прецизно уредени рамки и наведените последователни фази кои гарантираат нивна ефикасна и успешна примена.

За да ги објасниме задачите и обврските во извршувањето на овие исклучително важни последователни фази ќе се осврнеме на активностите во секоја фаза поединечно.

**Превенцијата** во системот за заштита и спасување е интегрирана легислативно преку уредување на просторот, при изградба на објекти и инфраструктура, во проектната документација на објектите и технолошките процеси и преку инспекцискиот надзор.

**Намалување на последиците** се воспоставува со идентификување и проценување на опасностите на национално и локално ниво со детално и конкретно разработување на сите променливи фактори и ажурирање *(согласно со изработена Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи),* мапирање на ризиците и процена на ризиците како и конкретни активности како изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства, регулирање на водотеците и изградба на системи за одбранбени насипи, снегозаштитни појаси и пошумување, обезбедување противпожарни пречки, изградба на објекти за заштита и потребна инфраструктура.

**Подготвеноста за ефикасен одговор** се реализира преку планирањето на краток, среден и долг рок на системот за заштита и спасување со нивно буџетирање, преку годишните програми за заштита и спасување на национално и на локално ниво. Изработен и ажуриран е Националниот план за заштита и спасување, како и планови за заштита и спасување на локално ниво, но и сите субјекти, установи, служби и трговски друштва кои партиципираат во системот за заштита и спасување, планирање и обезбедување кадровски ресурси и материјално-технички средства за ефикасна употреба на силите за заштита и спасување, како и одржување и кондиционирање на истите.

**Одговорот** се остварува со мобилизација на капацитетите во луѓе и опрема и воспоставен начин на раководење и командување преку штабовите за заштита и спасување и Главниот штаб. Начинот на ангажирање се уредува со Законот за заштита и спасување и други подзаконски акти.

Оперативните функции на мерките за заштита и спасување се остваруваат низ три фази:

- *активности и мерки за заштита во случај на непосредна опасност,*
- *активности и мерки за време на опасноста и*
- *активности и мерки кои се спроведуваат за отстранување на последиците.*

**Обновувањето** како фаза е неминовно во целиот овој процес, а веќе започнува во претходната фаза *одговор*, конкретно во активности и мерки кои се спроведуваат за отстранување на последиците, и тоа: процена на штетите и последиците од природни непогоди и други несреќи, асанација, обезбедување и давање помош на загрозено и настрадано население, спроведување хигиенско-епидемиолошки мерки, заштита на животните и растенијата како и производите од нив и организирање и снабдување комунални услуги заради брзо нормализирање на животот.

Намалувањето на ризиците од катастрофи се остварува конкретно низ сите фази во системот за заштита и спасување.

Одговорот на катастрофите сам за себе не само што не е доволен, туку и дава привремени резулатати и висока цена на чинење. Поголеми резултати се постигнуваат со вложување во останатите фази, а секако најголемата придобивка за целото општество е вложување во превенцијата.

Во реализацијата на наведените активнсти, ДЗС соработува со сите надлежни државни органи и установи, со научни институции и експерти од земјата и странство. Освен Законот за заштита и спасување и Уредбите за организирање и спроведување на мерките за заштита и спасување системот за заштита и спасување се реализира и со следните стратешки и плански документи: *Национална Стратегија за заштита и спасување*[241] *- Цел на Стратегијата е да обезбеди одржлив развој, унапредување и целосна ефикасност на системот за заштита и спасување со реализација на стратешки среднорочни цели.*

## 3. ОБУКА, ТРЕНИНГ И ВЕЖБИ

Во Дирекцијата за заштита и спасување, согласно Законот за заштита и спасување е формиран Центар за оспособување и обука кој континуирано функционира. Основна цел и задача на Центарот за оспособување и обука е да реализира основна, дополнителна и специјалистичка обука на републичките сили за заштита и спасување и други кадри од областа на заштитата и спасувањето.

Обучувањето за заштитата и спасувањето опфаќа основна, дополнителна и специјализирана обука, тренинг и вежби за стекнување неопходни стручни и други знаења за извршување на задачи во заштитата и спасувањето на припадниците на силите за заштита и спасување (републички и просторни).

---

[241] „Сл. весник на Р.М.''бр. 6/14

Оспособувањето се врши врз основа на Наставните планови и програми донесени од директорот на Дирекцијата.

Дирекцијата за заштита и спасување организира и спроведува обука, тренинг и вежби на :

- силите за заштита и спасување што ги формира Републиката,
- сили за заштита и спасување што ги формира општината,
- раководниот и командниот кадар на републичките и просторните сили,
- просторните сили за заштита и спасување во правните субјекти (трговските друштва, јавни претрпријатија, установи и служби).

Организирана и спроведена е обука за штабска работа на штабовите за заштита и спасување во 33 единици на локалната самоуправа во Република Македонија . Со обуката беа опфатени околу 300 лица, командантите, началниците, нивните помошници и членовите на штабовите за заштита и спасување и други раководните структури во единиците на локалната самоуправа одговорни за организацијата и спроведувањето на мерките и активностите за заштита и спасување .

## 4. ОРГАНИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА ЕДУКАЦИЈА, ОБУКА ТРЕНИНГ И ВЕЖБИ

Во понатамошниот дел ќе опфатиме само еден дел од спроведените обуки, тренинг и вежби на Центарот за обука при Дирекцијата за заштита и спасување. Во него се спроведе обука на тимовите за брз одговор како на пример тимот за спасување на планина. Тренинг вежбата на тимовите за брз одговор за спасување на планина согласно Елаборатот за организирање и спроведување на тренинг и вежба се одржа на Попова Шапка - Тетово.

Основна цел на тренинг вежбата беше запознавање со основите на техниката на движење во зимски услови, тактиката за спасување од лавини, процедурите при употребата на тимовите за брз одговор, санирање на последиците и укажување на прва медицинска помош.

Учесници на тренинг вежбата беа 43 претставници од следните структури:

- Тимовите за брз одговор за спасување на планина од Тетово и Битола;
- Тим на припадници на резервниот состав од подрачните одделенија за заштита и спасување во Тетово и Битола;
- Тим од вработените од Дирекцијата;
- Тим на Црвениот крст на Град Скопје.

На обука на тимовите за брз одговор за заштита и спасување од пожари од подрачните одделенија за заштита и спасување Центар, Гази Баба, Чаир и Гостивар учествуваа 56 припадници на овие структури.





Слика 1. Обука на на тимовите за брз одговор за заштита и спасување од пожари

Со организирањето и спроведувањето на тренинг вежбата на центарот за обука при Дирекцијата за заштита и спасување е потврдена спремноста, подготвеноста, стручноста, компетентноста и психофизичката оспособеност на Тимовите за брз одговор за спроведување на операции за заштита и спасување во зимски услови.

Цел на ова обука е запознавање со основите на техниката на движење во услови на катастрофи, тактиката за спасување, процедурите при употребата на тимовите за брз одговор, санирање на последиците и укажување на прва медицинска помош.

Целта на оваа обука беше запознавање со функционалната поставеност на системот за заштита и спасување и оспособувањето на тимовите за брз одговор, нивно запознавање со основните карактеристики, можности и функции за употреба и користење на новата опрема.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Подготвеност за вонредна состојба или катастрофа е програма за долгорочнае активност чија цел е да се зајакне целокупниот капацитет и способноста на една земја или заедница за ефикасно управување со сите видови на природни катастрови и другио несреќи. Целта на подготвеност за катастрофа е да се намали загубата на животи и страдањето и да се минимизираат ефектите од катастрофа.

Многу напор е направен за да се утврди како институциите да соработуваат за да се обезбеди ефективна помош за оние кои ја искусиле катастрофата.

Неодамна, во фокусот на интересот започна да се вклучува подготвеноста за елементарни непогоди, како приоритет од висок ризик. Наместо да се чека катастрофа да се случи, институциите истражуваат како тие би можеле да бидат подготвени однапред. Навременото ефективно планирање со цел едукација за тоа како да се заштитат себе си и да се справат со катастрофата. Бидејќи локалните власти и силите за заштита и спасување нема да бидат во можност да постигнат со интервенциите.

*Знаењето- што треба да се посдува во услови на природна непогода и друга несреќа - е лична одговорност.*

*Бидете информирани*, *Подгответе план за зашптита и спасување*, и *Подгответе ги неопходните материјално -технички средства за заштита и спасување* се трите клучни активности кои задолжително треба да се спроведат пред настанување на катастрофата.

## 5. ЛИТЕРАТУРА

[1] Stojanovic, R. (1984*), Zastita i spasavanje ljudi i materijalnih dobara u vanrednim situacijama,* Beograd:
Vojnoizdavacki zavod,
[2] Mužić,V. (1968), *Metodologija pedagoškog istraživanja*, Sarajevo:Zavod za izdavanje udžbenika
[3] Erikson,H.E. (1993) *Childhood and society*, New York:Norton.
[4] Begovic,A. (1989), *Koncepcija i system opstenarodne odbrane i drustvene samozastite,* Beograd
[5] Besker,M.(1989), *Edukacija za odbranu i zastitu,* Zagreb, Fakultet promjetnih znanosti
[6] Stanic,Dj i dr,(1990), *Opstenarodna odbrana i drustvena samozastita,* Beograd:Naucna knjiga
[7] Национална стратегија за заштита и спасување, „Сл. весник на Р.М.''бр. 6/14
[8] Закон за заштита и спасување, „Сл. весник на Р.М.''бр. 93/12
[9] Устав на Република Македонија „Сл. весник на Р.М.''бр. 52/91
[10] Национална концепција за безбедност и одбрана „ Сл. весник на РМ'' бр. 40/03

# NON-TARIFF PROTECTIONISM IN SELECTED DEVELOPING COUNTRIES

**Teaching assistant Emilija Miteva-Kacarski**

**“Goce Delcev” University-Stip, Republic of Macedonia** emilija.miteva@ugd.edu.mk

# НЕЦАРИНСКИОТ ПРОТЕКЦИОНИЗАМ ВО ОДДЕЛНИ ЗЕМЈИ ВО РАЗВОЈ

**Асс.д-р Емилија Митева-Кацарски**

**Универзитет “Гоце Делчев” Штип, Република Македонија**
emilija.miteva@ugd.edu.mk

**Abstract:** The decrease in the volume of world trade in the period of global economic and financial crisis, being the most difficult crisis after the Great Depression, had an influence on the trade policies of many countries in the world. In that context, both in the developed and developing countries it prevailed the thinking on application of trade policy instruments, first of all in the form of non-tariff measures in order to protect home producers. Thence, UNCTAD designed a pilot project in cooperation with the International Trade Centre in seven developing countries (Brazil, Chile, India, the Philippines, Thailand, Tunis and Uganda) in order to determine how much the companies in these countries have been affected by the application of non-tariff barriers. In this paper, the results of UNCTAD’s pilot project are being analyzed. The research has enabled a better understanding of the trade measures of the main export destinations in the developing countries, such as the USA, EU, Japan and the new developing countries, as well as a provision of an insight into their trade regulations.
**Key words:** non-tariff protectionism, UNCTAD, developing countries

**Резиме:** Намалувањето на обемот на светската трговија во периодот на глобалната економска и финансиска криза, како најтешка криза после Големата Депресија, имаше влијание врз трговските политики на многу земји во светот. Во тој контекст, и во развиените и во земјите во развој преовладуваше размислување за примена на инструменти на трговската политика, пред сè во форма на нецарински мерки, со цел да се заштитат домашните производители. Поради тоа, УНКТАД, во соработка со Меѓународниот трговски центар, изработи пилот проект во седум земји во развој (Бразил, Чиле, Индија, Филипини, Тајланд, Тунис и Уганда), за да утврди колку фирмите во овие земји се погодени од примената на нецаринските бариери. Во овој труд, се анализираат резултатите од пилот проектот на УНКТАД. Истражувањето овозможи подобро да се разберат трговските мерки на главните извозни дестинации на земјите во развој, како што се САД, ЕУ, Јапонија и новите земји во развој, како и да се обезбеди увид во нивните трговски регулативи.
**Клучни зборови**: нецарински протекционизам, УНКТАД, земји во развој

## 1. ВОВЕД

Пилот проектот на УНКТАД за нецаринските бариери е прв обид на Обединетите нации во справувањето со нецаринските бариери, кои особено се интензивираат во периодот на глобалната економска криза. Една од главните цели на овој извештај е да се стимулира дискусијата за нецаринските бариери како и да се проценат трговските стратегии на земјите во развој. На тој начин, се надополнува мисијата на УНКТАД во креирањето на отворен, правичен, предвидлив и недискриминаторски мултилатерален трговски систем. Имајќи го предвид фактот дека истражувањето е реализирано во текот на глобалната финансиска криза, се создава дополнителна тешкотија за негово успешно реализирање. Од друга страна, пак, многу фирми не покажале интерес да учествуваат во истражувањето бидејќи бројот на нецарински мерки со кои се соочувале истите бил премногу мал и затоа не покажале голем интерес во обезбедувањето дополнителни информации. Примената на прашалникот за оценка на сообразноста на процедурите се покажала сложена, бидејќи фирмите имале проблеми со комплексноста на класификацијата што се користела. Големината на прашалникот, исто така, била проблем, бидејќи некои фирми не сакале да одвојат време за да

одговорат на прашањата во врска со нецаринските бариери. Горенаведените проблеми биле главна пречка за добивање информации од фирмите. Предмет на анализа во извештајот на УНКТАД, пред сè, се техничките бариери во трговијата и санитарните и фитосанитарните мерки.

## 2. КОМПАРАТИВНА ПАРАЛЕЛА НА НЕЦАРИНСКИТЕ БАРИЕРИ ВО ПООДЕЛНИ ЗЕМЈИ ВО РАЗВОЈ

Компаративната паралела на нецаринските мерки со кои се соочуваат фирмите од одредени земји во развој се базира на истражувањето кое го надополнува пилот проектот на УНКТАД отпочнат во јануари 2008 година[242]. Пилот проектот на УНКТАД за собирање и квантифицирање на нецаринските мерки во пет земји во развој: Бразил, Чиле, Индија, Филипини и Тајланд, на иницијатива на Меѓународниот трговски центар, во 2010 година е проширен со проектните активности на Тунис и Уганда. Иницијативата на УНКТАД за надополнување на ова истражување беше поведена со цел разбирање на релативната важност на различните видови нецарински мерки и нивното влијание врз трговските активности, особено за земјите во развој. Преку агрегирање на податоците се олеснува процесот на идентификација на нецаринските мерки, што е од суштинска важност за земјите во развој целосно да се вклучат во процесот на регулирање на нецаринските мерки, особено на санитарните и фитосанитарните мерки и техничките бариери во трговијата. Бројот на фирми кои се предмет на анализа во седумте земји во развој, се разликува од земја во земја, имајќи ја предвид нивната географска локација и економска големина. Бројот на фирми, како и временскиот период на нивна анализа, се прикажани во табела 1.

**Табела 1** ***Број на фирми опфатени во истражувањето на нецаринските мерки во седум земји во развој***

| *Земја* | *Период на истражување* | *Број на фирми* | *Број на фирми кои извезуваат* | *Број на фирми кои увезуваат* | *Број на фирми кои извезуваат и увезуваат* |
|---|---|---|---|---|---|
| Бразил | Јуни-септември 2008 | 80 | - | - | - |
| Чиле | Октомври 2008-јануари 2009 | 216 | 184 | 54 | 22 |
| Индија | Јуни-септември 2008 | 422 | 345 | 77 | - |
| Филипини | Мај-август 2008 | 303 | 299 | 4 | - |
| Тајланд | Јуни 2008-јануари 2009 | 435 | 430 | 8 | 3 |
| Тунис | Јули-септември 2008 | 395 | 238 | 276 | 119 |
| Уганда | Јуни-септември 2009 | 269 | 204 | 81 | 16 |
| Вкупно | | 2120 | 1700 | 500 | 160 |

Извор: Sudip Ranjan Basu, Hiroaki Kuwahara, Fabien Dumesnil: Evolution of non-tariff measures: Emerging cases from selected developing countries, UNCTAD, New York and Geneva, 2012, p.19

Во просек, анализирани се 300 фирми во секоја земја во периодот од мај 2008 година до јануари 2009 година, вклучувајќи фирми кои извезуваат и фирми кои увезуваат. Приоритет беше ставен на секторите кои се соочуваат со построги нецарински мерки или на секторите кои се значајни за извоз (или увоз). Собраните податоци од пилот проектот се анализирани за сите земји освен за Бразил. Бројот на случаи во врска со нецаринските мерки се разликува во сите земји, како резултат на големината на примерокот кој е предмет на истражување, како и бројот на подносители на претставките. Истражувањето покажува дека фирмите кои извезуваат во 85,5% од случаите се соочени со технички мерки, додека во 10,5% од случаите се соочени со нетехнички мерки. Процентуалната застапеност на нецаринските мерки, врз основа на податоците од истражувањата на фирмите во шесте земји, е прикажана на графикон 1.

**Графикон 1** ***Фреквентност на нецаринските мерки (во проценти)***

[242] Sudip Ranjan Basu, Hiroaki Kuwahara, Fabien Dumesnil: EVOLUTION OF NON-TARIFF MEASURES: EMERGING CASES FROM SELECTED DEVELOPING COUNTRIES, UNITED NATIONS CONFERENCE ON TRADE AND DEVELOPMENT, New York and Geneva, 2012.




Извор: Sudip Ranjan Basu, Hiroaki Kuwahara, Fabien Dumesnil: Evolution of non-tariff measures: Emerging cases from selected developing countries, UNCTAD, New York and Geneva, 2012, p. 20

Како што е прикажано на овој графикон, 51% од нецаринските мерки со кои се соочуваат анализираните фирми се поврзани со техничките бариери во трговијата, додека 34% со санитарни и фитосанитарни мерки. Останатите мерки, како што се контрола на цените на стоките пред испорака, контрола на квантитетот на стоките, финансиските и други мерки опфаќаат само 10,5% од вкупните нецарински мерки со кои се соочуваат фирмите извозници. Слични резултати се констатирани и за фирмите кои увезуваат. Бројот на нецарински мерки со кои се соочуваат анализираните фирми, е прикажан во табела 2.

**Табела 2** ***Број на пријавени нецарински мерки од страна на фирмите***

| *Земја* | *Број на нецарински мерки со кои се соочуваат фирмите* | *Број на нецарински мерки со кои се соочуваат фирмите кои извезуваат* | *Број на нецарински мерки со кои се соочуваат фирмите кои увезуваат* |
|---|---|---|---|
| Чиле | 807 | 671 | 136 |
| Индија | 1129 | 840 | 289 |
| Филипини | 815 | 808 | 7 |
| Тајланд | 1195 | 1183 | 12 |
| Тунис | 1316 | 601 | 715 |
| Уганда | 963 | 611 | 352 |
| Вкупно | 6225 | 4714 | 1511 |

Извор: Sudip Ranjan Basu, Hiroaki Kuwahara, Fabien Dumesnil: Evolution of non-tariff measures: Emerging cases from selected developing countries, UNCTAD, New York and Geneva, 2012, p. 21

Согласно прикажаните податоци, Тунис, Тајланд и Индија пријавиле повеќе од 1000 случаи поврзани со нецарински мерки, додека Филипини и Чиле пријавиле помалку од 1000 случаи што, сепак, е резултат и на бројот на фирми опфатени во истражувањето. Повеќето од пријавените случаи се од страна на земјите кои извезуваат. Анализирано по групи на производи, согласно Хармонизираниот систем, применета е класификацијата на земјоделски и неземјоделски производи, при што фреквентноста на нецаринските мерки при извоз со кои се соочени различните производи во пооделни земји е прикажана во табела 3.

**Табела 3** ***Групи на производи кои се под влијание на нецарински мерки (во проценти)***

| *Групи на производи* | *Чиле* | *Индија* | *Филипини* | *Тајланд* | *Тунис* | *Уганда* |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Животни и производи од животинско потекло | 10.67 | 1.25 | 6.15 | 10.05 | 2.33 | 5.67 |
| Растителни производи | 39.93 | 11.97 | 13.03 | 22.80 | 1.88 | 28.35 |
| Прехранбени производи | 11.66 | 3.20 | 13.34 | 16.98 | 4.38 | 6.89 |
| **Земјоделски производи** | **62.26** | **16.42** | **32.52** | **49.83** | **8.59** | **40.91** |
| Минерални производи | 0.55 | 5.39 | 0.52 | 2.08 | 2.38 | 1.76 |
| Хемикалии и сродни индустрии | 1.75 | 11.01 | 3.44 | 4.16 | 10.49 | 13.09 |
| Пластика/гума | 2.97 | 3.28 | 2.09 | 6.37 | 5.63 | 4.65 |
| Суровини, кожа и крзна | 0.44 | 4.84 | 1.76 | 0.49 | 2.11 | 2.23 |
| Дрва и производи од дрва | 8.80 | 3.36 | 11.46 | 1.64 | 5.04 | 4.09 |
| Текстил | 7.48 | 20.22 | 10.31 | 4.34 | 16.39 | 4.19 |
| Обувки/капи | 0.66 | 1.96 | 0.42 | 0.77 | 1.13 | 2.88 |
| Камен/стакло | 0.88 | 5.08 | 11.04 | 6.54 | 4.77 | 2.60 |
| Метали | 4.40 | 7.27 | 1.88 | 3.94 | 8.71 | 4.08 |
| Машини/електрика | 6.49 | 11.02 | 2.40 | 9.67 | 18.95 | 11.25 |
| Транспорт | 1.10 | 0.55 | 0.94 | 5.33 | 5.58 | 2.32 |
| Разно | 2.20 | 9.61 | 21.25 | 4.78 | 10.17 | 5.95 |
| **Неземјоделски производи** | **37.73** | **83.59** | **67.51** | **20.11** | **91.35** | **59.09** |

Извор: Sudip Ranjan Basu, Hiroaki Kuwahara, Fabien Dumesnil: Evolution of non-tariff measures: Emerging cases from selected developing countries, UNCTAD, New York and Geneva, 2012, p. 25

Од прикажаната категоризација на производите, дури 62% од земјоделските производи во Чиле се соочени со нецарински мерки, додека само 8,6% во случајот со Тунис, Тајланд, Уганда и Филипини, исто така, имаат завиден процент на земјоделски производи кои се соочени со нецарински мерки, додека во Индија 16,5% од земјоделските производи се соочени со нецарински мерки. Земјоделските производи во извозната структура на Тунис и Индија имаат мала процентуална застапеност од 9,4% и 10,2% соодветно во 2009 година (период во кој се спроведува истражувањето), од што може да се претпостави дека се должи и малата процентуална застапеност на производите кои се под влијание на нецарински мерки. Во истиот период, земјоделските производи во извозната структура на Чиле учествуваат со 23,5%[243]. Во сите земји опфатени со истражувањето, повеќето од претставките поради нецаринските мерки се поднесени од страна на фирмите кои извезуваат неземјоделски производи. Така, извозниците од Тунис се пожалиле дека повеќе од 91% од нивните неземјоделски производи се соочени со нецарински мерки, додека оваа бројка беше 83,6% во Индија, 67,5% во Филипини, 59,1% во Уганда и 5,1% во Тајланд. Кај неземјоделските производи, интензитетот на нецаринските мерки е различен во различни сектори. Така, во секторот хемикалии и сродни индустрии, извозниците од Уганда се соочуваат со највисок процент на нецарински мерки (13,09%), додека во секторот дрва и производи од дрва со најголем процент на нецарински мерки се соочуваат извозниците од Филипини (11,46%). Извозниците на текстил од Индија и Тунис се соочуваат со највисок процент на нецарински мерки (20,22% и 16,39%). Во однос на секторот машини и електрика, извозниците од Тунис, Уганда и Индија се соочуваат со многу висок процент на нецарински мерки (18,95%, 11,25%, 11,02% последователно).

## 4. ЗАКЛУЧОК

Иницијативата на УНКТАД за анализа на нецаринските бариери, досега резултираше со глобално прифатена дефиниција и класификација не нецаринските бариери, како и креирање на сеопфатна база на податоци. Токму, истражувањата и анализите на нецаринските бариери им овозможуваат на креаторите на политиките да ја реформираат трговската регулатива врз база на расположливите информации за трговски бариери и трговски мерки. Исто така, активностите во врска со нецаринските бариери директно или индиректно имаат влијание врз конкурентноста и пазарниот пристап, посебно за земјите во развој. Клучната цел на овој пилот проект на УКТАД беше идентификување на бројните нецарински мерки со кои се соочуваат фирмите при реализирање на нивните трговски активности. Истражувањето овозможи подобро да се разберат трговските мерки на главните извозни дестинации на земјите во развој, како што се САД, ЕУ, Јапонија и новите земји во развој, како и да се обезбеди увид во нивните трговски регулативи.

[243] WTO: Trade profiles 2009 http://www.wto.org/english/res_e/booksp_e/anrep_e/trade_profiles09_e.pdf Пристапено во септември, 2012година.

**5. ЛИТЕРАТУРА**

[1]. Sudip Ranjan Basu, Hiroaki Kuwahara, Fabien Dumesnil: Evolution of non-tariff measures: Emerging cases from selected developing countries, UNCTAD, New York and Geneva, 2012

[2]. United Nations Conference of Trade and Development: Non-tariff measures: Evidence from selected developing countries and future research agenda, United Nations, New York and Geneva, 2010;

[3]. UNCTAD: NON-TARIFF MEASURES TO TRADE: Economic and Policy Issues for Developing Countries, United Nations, 2013;

[4]. UNCTAD: Growing protectionism and the standstill on trade barriers against imports from developing countries, Committee on Manufacture, 9. Session, Geneva, 1978

[5]. World Trade Report 2012: Trade and public policies: A closer look at non-tariff measures in the 21st century, WTO, 2013

# MANAGEMENT OF THERRORIST THREATS

**Mitko Kotovchevski PhD**
"Ss. Cyril and Methodius" University in Skopje,
Faculty of Philosophy – Skopje, Republic of Macedonia
kotovcevski@gmail.com

**Blagica Kotovchevska MA**
MIT University – Skopje, Republic of Macedonia
blagica.kotovcevska@gmail.com

# МЕНАЏИРАЊЕ НА ТЕРОРИСТИЧКИ ЗАКАНИ

**Проф. д-р Митко Котовчевски**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје
Филозофски факултет – Скопје, Република Македонија
kotovcevski@gmail.com

**М-р Благица Котовчевска**
МИТ Универзитет – Скопје, Република Македонија
blagica.kotovcevska@gmail.com

**Abstract:** Terrorism has become an international problem and in the future all countries will have to face this new-old challenge. In the new security environment where the conventional thinking does not work any more, especially in an environment where terrorists are driven by traditional motives, they are quite innovative in their strategies and tactics. Terrorism nowdays is mutatating more and more (on a local, national and international level). Thus, it becomes an international problem and all countries in the future will have to continue facing this challenge and successfully manage these therrorist threats. States in the future will have to make more and more efforts, spend much more innovation and energy, strength and determination in the eternal struggle - the war with the terrorist madness that culminates in this modern world.

**Key words**: terrorism, management of terrorist threats, terrorists, fight against the therrorism.

**Резиме:** Тероризмот станува меѓународен проблем и сите држави во иднина ќе мора да се соочуваат со овој старо-нов предизвик. Во новиот безбедносен амбиент во кој конвенционалното размислување повеќе на функционира, посебно во околина каде што терористите се водени од традиционални побуди, тие се доста иновативни во нивните стратегии и тактики. Тероризмот се повеќе мутира (на локално национално и меѓународно ниво) и станува меѓународен проблем и сите држави во иднина ќе мораат да продолжат да се соочуваат со овој предизвик успешно да се справат со оваа закана која претставува зло на 21-от век. Државите во наредниот период ќе треба да вложат многу поголеми напори, многу иновативност и енергија, цврстина и решеност во вечната борба – војна со терористичкото лудило кое се повеќе кулминира во современиот свет.

**Клучни зборови**: тероризам, справување со терористички закани, терористи, борба против тероризам

## 1. ВОВЕД

Тероризмот станува меѓународен проблем и сите држави во иднина ќе мора да се соочуваат со овој старо-нов предизвик. Во новиот безбедносен амбиент во кој конвенционалното размислување повеќе на функционира, посебно во околина каде што терористите дури ако се водени од традиционални побуди, тие се доста иновативни во нивните стратегии и тактики.

Доколку денес некој се осмели да ги идентификува и елиминира зацртаните цели на тероризмот, таквата цел никогаш нема да биде во целост остварена. Понатаму, доколку некој успее да ги идентификува и елиминира примарните цели, тероризмот изнаоѓа друга динамика која не претставува само чист праволиниски процес. Покрај зацртаните цели на тероризмот, постојат и активни брзо развивачки цели на насилство, радикално трансформирани кои што не мора повеќе да бидат поврзани со примарните цели кои се користат во процесот на рационализација на актите на насилство.

Во суштина тероризмот претставува силно изразена динамична категорија со голема моќ за трансформација, преживување и егзистирање во сите новонастанати околности на локално, регионално и глобално ниво. Тероризмот често пати е пожилав, пофлексибилен и чекор напред пред напорите на државите за негово елиминирање и отстранување од општествената сцена.

## 2. ТЕРОРИЗМОТ ВО 21 ВЕК

Многу терористи и терористички групи имаат безгранична фантазија, креативност, иновативност и оперативна способност да ги доведат властите во офанзивна или дефанзивна состојба.

Тероризмот се повеќе мутира (на локално национално и меѓународно ниво) и станува меѓународен проблем: сите држави во иднина ќе мораат да продолжат да се соочуваат со овој предизвик каде што конвенционалното размислување веќе не функционира во околината во која што терористите, дури и ако се водени од традиционални побуди, доста се иновативни во нивните стратегии и тактики.

Недоразбирањата за вистинската природа на тероризмот резултираа од погрешните сфаќања од начинот на дефинирање на тероризмот, како и од начинот со кој се мери неговата фреквентност и големина. Погрешните толкувања најчесто водат кон прифатените митови – лажни атрибути кои обично се препишуваат на карактерот на тероризмот.

Всушност, гледајќи кон тероризмот пред настаните од 11 септември 2001 година, можеме да препознаеме 10 погрешни слики или митови кои се потпираат на следните општоприфатени погрешни претпоставки според кои:

- Политичкиот тероризам е исклучиво активност на невладините актери;
- Сите терористи се луди;
- Сите терористи се криминалци;
- Терористот на еден човек е ослободител на друг човек;
- Секое бунтовничко насилство е тероризам;
- Целта на тероризмот е да предизвика хаос;
- Владите секогаш се спротивставуваат на невладиниот тероризам (тероризмот кои го спроведуваат невладини актери) ;
- Политичкиот тероризам е исклучиво проблем кој се однесува на внатрешните услови.
- Современиот тероризам е предизвикан од лошите дела не еден или двајца актери.
- Тероризмот е залудна стратегија.

Од 11 септември 2001 година забележливи се три нови мита кои исто така ќе мора да се разгледаат и анализираат во наредниот период:

1. Тероризмот е случаен и нема одредена насока.
2. Владите секогаш се спротивставуваат на „невладиниот“ тероризам.
3. Изворот на современиот политички тероризам може да се најде во злото на еден или два главни актери (Осама бин Ладен или некоја држава – подржувач на тероризмот).

Изминатите декади на искуство (научени лекции) покажуваат дека најефективните против–терористички напори можеме да ги окарактеризираме како многу прикриени, зголемени, прагматични и одбранбени, со мало – незначително очекувано влијание врз терористите.

– На терористите им се потребни само неколку незначителни успеси за да ја постигнат политичката цел.

– Терористите се „расипувачи на забава“ – делуваат било каде и во било кое време.

– Борбата против тероризмот е типично фрустрирачка работа бидејќи има тенденција манифестирана во вид на реакција.

– Постои поместување на „пејзажот“ на терористичките закани и на циклонските бранови на противтерористичките одговори. Ова е причината за рефлексијата на динамичната интеракција помеѓу тероризмот и контратероризмот, причина и последица, која постепено води повторно до причина и последица.

– „Успехот“ против една терористичка закана води до мутација во друг вид на закана. Со „успехот“ ги охрабруваме терористите и нивните организатори да развијат поиновативни методи да и да го зголемат крвопролевањето со секој нареден напад.

– „Воздушниот тероризам" (поставување бомби во авиони и киднапирање авиони) кои во деведесеттите години на минатиот век значително се намали, со настаните од 11-ти септември 2001 година ни стави до знаење колку може да биде опасен.
Тероризмот не смее да претставува историска статистика и математичко калкулирање.

### 3. ДВЕ СПРОТИВСТАВЕНИ ОПЦИИ ЗА БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ

Во борбата против тероризмот потребно е доследно почитување на законите кои се во сила како една од подолгорочните ефективни мерки, како еден најцелосен интелектуален начин за справување со комплексните политички мотивации на терористите и со нивниот фанатизам (една од можните опции како одговор на тероризмот).

Во борбата против тероризмот потребни се мерки кои се насочени кон прифаќањето на мировните процеси, политичките и социо–економските реформи како и алтернативните превентивни мерки поврзани со пристапот кон законот борба со криминалот (тоа со текот на времето го покажува зародишот на терористичкиот криминал). Во овој контекст постои сериозна закана: „Ако владите испратат сигнал дека тие се само заинтересирани за ублажувачки активности, тогаш тие превземаат дејства. Според овие тврдења, најважно е дека националната политика и закони треба да изградат бедем во борбата против тероризмот.

Дијаметрално спротивно тврдење на претходно потенцираното (легалистичко) е насочено кон употребата на воена сила како одговор на тероризмот. Според другата крајност, употребата на воената сила се согледува како единствен начин да се прекинат и оневозможат терористичките дејства, а во исто време да се прикаже дека и државите може да реагираат на тероризмот со поголема брзина и флексибилност.

Со воениот одговор терористите со текот на времето ќе се здобијат со почит кон способноста на конкретната држава која на овој начин ќе се обиде да ги оневозможи терористичките операции, но во исто време и да нападне. Воениот одговор може да предизвика на долги патеки и на подолг рок терористите да се здобијат со почит кон способностите на конкретната држава која го возвраќа ударот ( не само да ги оневозможи терористичките операции туку и да нападне). Овој здобиен респект има за цел да ги одврати терористите од идните напади, а во исто време да осигура дека нејзините граѓани не се беспомошни кога се соочени со несиметричните закани.

Употребата на воената сила против терористите може да придонесе за зголемено меѓународно отуѓување од државата која ги превзема тие чекори. Драматичните напади со крстосувачки проектили може да го вџашат јавното мислење во некои земји од третиот свет. Тоа само го потврдува и зајакнува нивното тврдење дека државите кои го прават тоа се премногу арогантни, дека превземаат унилатерални или коалициски дејства и дека ги мешаат своите прсти насекаде во светот.

**Ироничниот став ќе биде целосна зголеменост на политичкото сожалување кон терористите и нивните причини.**

Секогаш во практиката употребата на воена сила прераснува во посложена задача поради развојот на заканата. Терористички групи се значително аморфни (нееднакви) и флуидни со голема веројатност успешно да ја користат напредната информативна технологија и се помалку да се потпираат на традиционалната структура што ги прави уште покомплицирани за да се пронајде начин да се нападнат со воена сила.

**Навистина е скоро невозможно да се идентификуваат виновниците за терористичките напади и така да се знае против кого треба да се превземаат воени мерки. Терористите се невидливи за класично организираните вооружени сили.**

**Тероризмот е многу тактичен и не постои само еден виновник.**

Иако ова внимателно размислување на прв поглед изгледа како бледо набљудување од страна, сепак води до следните констатации:

1. Да се пренагласи важноста на една индивидуа што претставува закана (примерот со Осама бин Ладен или пак некоја идеологија или група од верски фундаментализам) и

2. Прекумерно да се потпреме на воената аналогија (пр. Војна против тероризмот) што ја имплицира можноста од победа.

И двете претходно презентирани констатации претставуваат примамливи орудија со цел заканата да стане јавна и да се здобие со поддршка во демократскиот свет, но и двете треба да се употребуваат со посебно внимание бидејќи тие во суштина ги задоволуваат и целите на тероризмот и во голема мера ги поткопуваат напорите со кои може да се обесхрабри терористичката тактика.

И двете констатации претставуваат страотни илузии кои работат контрапродуктивно и на штета на борбата против тероризмот.

– Организационите и бирократските фактори најчесто претставуваат клучните нестабилни ѕидини во оваа новонастанато опкружување.

Поголемиот дел од структурите за борба против тероризмот (организационите и бирократските фактори на сите современи држави) се базираат на делови од целината кои не се доволно подготвени и опремени за успешно справување со широките стратегиски приоритети.

**Ефективниот одговор мора да претставува комбинација од флексибилни и ефикасни бирократски функции, исто како што се организирани мрежите на терористичките организации чии напади се точни, прецизни, нехаотични и динамични.**
– Една од слабите точки во борбата против тероризмот претставува јавното прокламирање на меѓународните сојузништва со што често се поткопува самото сојузништво и дава поголема шанса да се појави поголема пукнатина во самото сојузништво. И високо профилираните цели, прокламирани од најмоќните држави и нивните силни страни во голема мера ги одвраќаат потенцијалните партнери од нивното отворено прифаќање на сојузништво против терористичките напади.
**Клучни зборови:** маркетинг, психологија, врска, влијание

## 1. ВОВЕД

Секоја компанија која постои на пазарот е насочена кон продавање на производи и услуги. Без разлика дали се работи за глобален бренд или претпријатие на старт на работење, целта може да ја оствари преку ефикасна маркетинг стратегија. Маркетинг активностите на една компанија се насочени кон утврдување на целите, програмите и плановите со кои компанијата се поврзува со потрошувачот, а со тоа ја остварува целта да го промовира својот производ за да биде купен. Не секогаш маркетинг стратегијата вклучува рекламирање, но рекламата е најдиректниот начин производот да биде претставен пред индивидуата и да предизвика фидбек кон компанијата.

Рекламирањето е пропагандна програма која информира за производите на компаниите и е најгласно средство кое производот го става директно во рацете на потенцијалните купувачи. Од 1887 година (кога е направена првата реклама во списанието Harper) наваму, рекламирањето бележи раст и просперитет поради многубројните средства за информирање (плакати, весници, телевизиски реклами и многу други). За маркетинг стратегијата да биде успешна и рекламата да допре до потрошувачите, маркетинг експертите ги користат достигнувањата и истражувањата на психолошката наука, и ги имплементираат во маркетиншките активности. Рекламирањето има цел да го привлече вниманието на купувачот, да го задржат вниманието на пораката која ја испраќа, да го натера потрошувачот да ја запамети пораката и да ја предизвика активноста кај купувачот (што всушност ја означува ефективноста на самата реклама).

## 2. Психолошки фактори кои влијаат на потрошувачот

За да се објасни влијанието на рекламата врз потрошувачот, треба да се одредат и факторите кои влијаат на неговото однесување. Истражувањата од областа на психологијата го објаснуваат однесувањето на купувачите на пазарот. Неговото однесување е одредено од социјалната средина, и на него влијаат економските и социјалните фактори, но зависи и од личните карактеристики. Според

психолошкото објаснување, срединските фактори влијаат врз размислувањето на индивидуата, но во личноста се одвиваат интерни процеси од кои зависи како влијанието ќе се прифати и како личноста ќе реагира на рекламата. Со други зборови, менталната состојба може да биде променлива во однос на надворешното опкружување, а на тоа укажуваат следните фактори (Јовановска и Јаковски, 2007:64):

1. Личноста и преставата за себе – во теоријата личност многу често се определува како „изглед“ односно како се преставува или однесува пред другите. Карактеристики на личноста всушност се: особините, ставовите, навиките на потрошувачот.
2. Мотивација – основен покренувач на потрошувачот за задоволување на некоја потреба се нарекува „мотив“. Мотивацијата е движечка сила во организмот кој го насочува поединецот кон превземање на акција. Оттаму движечка сила која ќе го поттикне потрошувачот да превземе акција за задовлување на своите потреби преку купување на некој производ.
3. Перцепција – процесот преку кој поединецот одбира, доживува и ги интепретира надворешните влезни информации во насока на формирање на интерна конструктивна рамка и му дава смисол односно слика на светот.
4. Уверувања - преставува описно (позитивно или негативно) мислење што лицето го има за одреден субјект или објект, ако претходното купување било позитвно тогаш во наредното купување потрошувачите ќе се однесуваат на ист начин.
5. Ставови – преставува трајно поволно или неповолно сознание на проценката и емотивно чувство и тенденција на дејствување кон некои објекти или поими.

### 3. Однесувањето на купувачот – основа за креирање на реклама

Психолошкото објаснување на однесувањето на личноста како потрошувач е многу важно за маркетингот бидејќи психологијата го проучува односот на човекот и физичката и социјалната средина. Психологијата дава придонес во објаснувањето на мотивите и учењето, односно зошто потрошувачот се однесува така на пазарот како купувач (Милисављевиќ, 1998:150).

Павловиот модел на учење и Фројдовиот психоаналитички модел се основен фундамент на кој се заснова објаснувањето на однесувањето на потрошувачите. Павлов низ своите експерименти докажал дека учењето е процес на асоцијации и дека многу реакции се условени со асоцирање. Тој го дава моделот на однесување како стимул – реакција (однесување на потрошувачот). Интерните поттикнувачки сили ја покренуваат личноста да ги задоволи своите потреби, а од надворешните стимули зависи кога, како и каде личноста реагира. Според Фројдовиот модел, инстинктите влијаат врз одредување на однесувањето на потрошувачите. Делот на човековата личност позната како ид е резервоар на дејствувањата. Другиот дел – его, е свесен и плански центар за дејствување, а третиот дел – супер его, дејствува по социјално прифатлив начин за да се избегнат конфликти. Мотивите за купување по следбениците на Фројд се потсвесни, поврзани со либидото, инстинктот кој се развива во детството и кој не може да се сфати само со набљудување. За маркетингот овој модел е важен бидејќи покажува дека луѓето во производите гледаат и симболи, а не само функционални својства. Пример за рекламирање по Фројдовскиот модел во праксата се среќава многу често. Во салоните за продажба на автомобили, до автомобилот секогаш стојат млади и убави девојки, а нивните активности претставуваат симулација на можни пози и движења. Идот на купувачот му вели дека треба да има односи со девојката во салонот, но егото му вели дека тоа не е социјално прифатливо однесување, а суперегото му вели дека неговите морални квалитети не дозволуваат тоа да го направи, и купувачот го купува автомобилот добивајќи истовремено и убаво чувство и задоволство, без да ги компромитира егото и суперегото.

Гешталт правецот го објаснува однесувањето на потрошувачите преку едноставна верига: потреба – однесување – цел – задоволување на потребата. Оваа теорија е со динамички карактер, бидејќи потребите се задоволуваат различно, како резултат на учењето и искуството. Исто така гешталтистите гледаат на целината наместо на нејзините делови, со што се става акцент на значењето на она што се рекламира. На пример, направена е фасцинантна реклама за пиво во Канада, каде со многу шишиња и чаши се претставени пејзажи со канадски мотиви. Со тоа, кај купувачот рекламата предизвикува чувство на пријатност, а пивото го претставува како чисто и освежувачко, направено по канадската традиција на производство на пиво.

Според психолозите постои склоност на потрошувачите да ја идентифицираат претставата за себе со претстава за некој производ, а со тоа и производите стануваат дел од имиџот на личноста на потрошувачот. На пример, во рекламите за парфем, најчесто се нагласени психолошки карактеристики кои се посакувани кај некоја индивидуа, и со користењето на тој парфем истите се препишуваат на егото на личноста. Со тоа што психологијата ги објаснува принципите на функционирање на умот, маркетингот ги става во функција сите психолошки процеси и функции со цел да креира реклама која ќе има влијание врз масата, а со тоа и бизнис секторот ќе бележи пораст во продавањето на производи и услуги.

## 4. Психолошки трикови кои ги користи маркетингот за да го привлече вниманието на потрошувачите

Најдобрите експерти за маркетинг и рекламирање се многу добри познавачи на однесувањето на потрошувачите. Тие секојпат ги држат очите отворени за да разберат како луѓето донесуваат одлуки и колку паметно компаниите им ги продаваат нивните производи. Во продолжение се наведени психолошки трикови кои во служба на маркетингот помагаат во остварувањето на вртоглави профити кај компаниите.

*Конзистентност* – Луѓето сакаат сигурност, тие сакаат да бидат конзистентни со претходните акции. Ако кажале ДА за нешто во минатото, поголема е веројатноста да кажат ДА и во иднина. Маркетингот го користи ова креирајќи понуди кои бараат мало обврзување, а со тоа и го наведуваат потрошувачот да ја повтори активноста.

*Социјална валидација* – Луѓето сакаат да бидат допадливи и сакаат потврда од другите дека прават паметни одлуки. Во рекламирањето, компаниите даваат одлични аргументи за луѓето да се чувствуваат добро што ги купиле нивните производи.

*Поголема цена - повисок квалитет* – Поголемата цена асоцира на повисок квалитет, но тоа е само перцепција, не факт. Трикот е во тоа што во маркетингот со зголемувањето на цената се зголемува вреднувањето на производите во продажба, без разлика на квалитетот.

*Ексклузивност* – Луѓето го сакаат тоа што не можат да го имаат. Во рекламите компаниите ја нагласуваат ексклузивноста на нивните производи и ја акцентираат посебноста на производот кој се продава, а со тоа станува попривлечен за потрошувачите.

*Премногу избор = нема акција* – Кога на потрошувачот му е понуден милионски избор на еден продукт, мала е веројатноста да избере еден од целата палета. Кога изборот е стеснет, купувачот може полесно да избере. Обратно – кога понудата нема да биде достапна во иднина, и на ознаките „Достапно до петок“, „Ограничен број“ и слично, потрошувачите се соочуваат со „недостиг“, и реагираат, односно купуваат веднаш.

*Ризик на враќање на средствата* – Луѓето бараат гаранција за производите или услугите кои ги добиваат. Доколку на производот стои „Ако не сте задоволни, средствата ќе ви бидат вратени“, кај купувачот се јавува двојна сигурност, со штои продажбата двојно се зголемува.

*Сексот продава* – Најверојатно најпознатиот трик кој е застапен во многу маркетинг стратегии, многу модели се најмени за да продаваат производи. Атрактивноста на моделите го прави и производот атрактивен.

*Манипулација со стравот* - Секој производ има за цел да задоволи одредена потреба, но кога некој производ не може да го направи тоа, рекламата може да ја заврши работата манипулирајќи со стравот. Гледајќи реклама за проблем со тежината, проблемот изгледа многу поголем.

*Потсвесните или сублиминалните пораки* се средство кое го користи маркетингот за психолошки да влијае на потрошувачите на едно поинакво ниво. Тоа се информации кои се праќаат под нивото на свесната перцепција. Претставуваат сигнали кои се вметнати во други објекти со цел да влијаат на однесувањето на субјектите. Некои научници истите ги сметаат како средства за масивна хипноза на потсвесно ниво, дресура и манипулација на крајните корисници на производите, на кои поради „преголемиот избор на производи“, само им се олеснува „изборот на вистинскиот“. (Мартиновиќ, 2013)

Денес, со психолошки трикови за привлекување на вниманието на потрошувачите се служат сите маркетинг стратегии. Агресивните реклами на производите имаат големо влијание врз изборот на потрошувачите и ги мотивираат да преземат активности во врска со рекламираните производи.

## 5. ЗАКЛУЧОК

Откривањето на потребите и нивното задоволување кај потрошувачите е главен интерес на маркетингот. Користењето на сознанијата од психолошката наука е важно за да се објасни однесувањето на потрошувачите при купување на производи и услуги. Психолошкиот профил на потрошувачите го детерминираат карактеристиките на личноста, ставовите, мотивацијата, согледувањето на ризикот, иновативното значење на купувањето или користењето на услугата. Поради тоа, сознанијата од психологијата не се само потреба, туку и основа за креирање на ефикасна маркетинг стратегија која во исто време ќе продава и ќе поттикнува повторно купување, што е во суштина знак на успешно рекламиран производ. Маркетингот ги искористува психолошките сознанија за да предизвика посакувана акција. Со тоа се гледа двонасочната врска меѓу психологијата и маркетингот – од една страна психолошките сознанија се основа за разбирање на побарувачката, а од друга страна задоволувањето на истата има и манипулативен карактер.

**Користена литература:**

1. Гогова, М. (2009), Општи психолошки фактори на однесување на потрошувачите, Штип: Универзитет „Гоце Делчев“
2. Hollingworth, H. (1923), The psychology of advertising and selling, Columbia University

3. Loroz, P. S., Cronely, M. (2010), Consumer psychology, APA: Society for consumer psychology, presentation
4. Мартиновиќ, Р. (2013), Сублиминални пораки – откривање на манипулативните медиски тактики, Загреб
5. Милисављевиќ, М. (1988), Маркетинг (9 издание), Београд: Савремена администрација
6. Ристеска – Јовановска, С., Јаковски, Б (2007), Маркетинг (8 издание), Скопје: Економски Факултет
7. Scott, W. D. (1903), The Theory of Advertising, Boston: Small, Maynard & Co.
8. Ташева – Николова, О. (2012), Психолошки методи и техники во маркетинг истражувањето, Прилеп: Економски факултет
9. Uztug, F. (2003), Markan Kadar Konus, Marka Iletisimi Stratejileri, Istanbul: MedisCat Kitapları
10. Witt, G. O. (1999), High impact: How you can create advertising that sells, Arizona: Halstead Publishing Scottsdale

# LAW

## INTELLECTUAL PROPERTY (PATENT) THEIR ORIGIN, MEANING AND IMPLEMENTATION

**Teaching assistant M.ScKaterina Gramatova** кaterina_gramatova@yahoo.com
MIT University-Skopje,Republic of Macedonia

**Teaching assistant M.Sc Milena Galetin**
Educon Univerity Sremska Kamenica,Serbia

## ИНТЕЛЕКТУАЛНАТА СОПСТВЕНОСТ (ПАТЕНТОТ) НИВНИТЕ КОРЕНИ,ЗНАЧЕЊЕ И ПРИМЕНА

**Асс.М-р.Катерина Граматов**
МИТ Униврезитет-Скопје,Република Македонија katerina_gramatova@yahoo.com

**Асс.М-р.Милена Галетин**
Удокон Универзитет,Сремска Каменица,Р.Србија

**Abstract :** The intellectual property as a law branch is considered like a new, contemporary, unexploited and not widespread discipline, although its origin is since from the author's protection of Heradorius related to Platon's speeches and the author's agreement of Ciceron with Antic.
It derives from ancient Rome and Athens and it is still lasting daily ,in maybe imperceptible way.
It's development, as a law discipline, is increasing, but slowly. Macedonia, Serbia and the others neighboring countries are actively included in the progress and benefits of the intellectual property for goods protection. In each country, the protection is determined judicially and the positive fact is that there is a protection material. The patenting is the highest level of protection. It is a very complex procedure and precisely defined, under special conditions , criteria and per special procedure.
**Key words:** Origin, patent , Law of industrial property, protection subject with patent

**Резиме:** Интелектуалната сопственост како правна гранка се доживува како нова, модерна,неексплотирана и нераспространета иако корени влече уште од авторска заштита на Херадориус за говорите на Платон и авторскиот договор на Цицерон со Антик.Од стариот Рим и стара Грција потекнува се и сеуште трае,во секојдневието,можеби неприметно.Развиеноста нејзина, како правна гранка е во развој,но бавен.Македонија,Србија и другите соседни земји се вклучени активно во развојот и благодетитети од интелектуалната сопственост за заштита на добрата.Заштитата во секоја земја е пропишана со закон и се повеќе радува фактот што има материјал за заштита.Патентирањето е ''врвот ''на заштитата,а што подлежи како предмет на заштита со патент е многу комплексно и точно утврдено ,под посебни услови,под точно опрделени критериуми и по посебна постапка.
**Клучни зборови:** Потекло,патент,закон за индустриска сопственост,предмет на заштита со патент

### 1.ВОВЕД

Патентирањето на пронајдоци,кои се точно утврдени како такви и најбитно од се патентабилни,е цел процес на утврдување и истражување,се работи по посебна постапка утврдена по Закон за Интелектуална сопственост.Најбитно е утврдувањето на патентабилен пронајдок а потоа и точна примена на постапката за патентирање.

### 2.КОРЕНОТ НА ПАТЕНТОТ И НЕГОВАТА ПРИМЕНА ПРИ ЗАШТИТА НА ПАТЕНТАБИЛНИ ПРОНАЈДОЦИ

Правото на интелектуалната сопственост како наука,се занимава со проучување на правната регулатива и односите што настануваат.Интелектуалната сопственост е правната гранка од која

наједноставно кажано потекнува патентот како поим,но со многубројни поделби.Интелектуалната сопственост-[287]индустриската сопственост,ова се правни гранки кои не би ги нарекла нови,но како такви важат,барем кај нас.Не се нови затоа што во слични облици постоеле уште во древните општества.Постојат и денес,во секојдневието,во секое општество,повеќе или помалку. Корени влече уште од авторска заштита на Херадориус за говорите на Платон и авторскиот договор на Цицерон со Антик.Од стариот Рим и стара Грција потекнува се и сеуште трае. Патентот е дел од поделбата на индустриската сопственост,која е пак дел од директната поделба на интелектуалната сопственост.Самиот патент вклучува многу чекори и делови,а еден од нив е постапката за патентирање на пронајдок . Интелектуалната сопственост се дели на две големи групи и тоа на индустриска сопственост,и авторско право и сродни (соседни права).Таа всушност ги претставува правата кои произлегуваат од интелектуалните активности во индустријата,уметноста,литературата и науката. Интелектуалната сопственост исто се однесува на информации или на делови на информации кои се инкорпорираат во одредени предмети,во исто време во неограничен број копии во разни места во светот. Со правото на интелектуалната сопственост се уредени односите во сферата на патентите,корисните модели,трговските марки,индустрискиот дизајн,ознаката на потеклото на производот и географската ознака,топографијата на интегрални кола,новите растителни сорти,спречувањето на нелојалната конкуренција ,книжевноста,науката и уметноста,а во поново време и односите кои произлегуваат од изведувањето на делата.Втората тешкотија на определување на поимот право на интелектуалната сопственост е што сопственоста во интелектуалната сопственост не е право на сопственост од стварно право.Овој термин сопственоста ја проширува и врз нематеријалните-интелектуални креации на умот,иако сопственоста претставува по дефиниција апсолутно право на телесни,движни и недвижни предмети.

Според мене патентот е навистина значаен дел на индустриската сопственост кој е многу корисен и има посебен начин,истовремено е најпознат и најефикасен начин на заштита на пронајдоците.

Патентот е интересен за проучување бидејќи има точно утврдени законски норми кои мора да се испочитуваат за да создаденото ново откритие може да се нарече пронајдок па дури тогаш да се започне и утврди постапката за патентирање.

Тој е познат и општоприфатен бидејќи е најефикасниот облик на заштита на пронајдок од кој општеството по одреден временски период може да го користи без надомест,а пронаоѓачот има апсолутно и монополско право,исклучително право на користење на пронајдокот,на ставање на производот кој е добиен со негова примена во промет и право на располагање.

Со патент може да се штити пронајдок во сите области на технологијата,кој е нов,кој содржи инвентивен придонес и кој може да се применува во индустријата.

Патентирањето е важен чекор ,за експерт одредена област кој вложил години труд,време ,средства да си го заштити својот труд,да го пласира на пазарот и потоа да има корист од тоа,најчесто материјална,покрај личната сатисфакција на употреба на својот труд,и да го остави во наследство. Патентирањето е начин на заштита на нешто свое,кое не може никој да ти го одземе.Битен елемент е што патентот,односно пронајдокот заштитен со патент,пронаоѓачот го ужива правото да го остави на своите наследници.Патентот може да биде вредно наследство,доколку е корисен и распространет на пазарот.Тоа зависи од самиот предмет на патент,за што е,кој може да го користи и дали е толку иновативен што досега е невиден на пазарот,а толку многу корисен.Моралните права на авторот се непреносливи,но конкретно кај аптентот сите имотни права може да ги пренесува или отстапи само едно право-право на користење .Патентот е карактеристичен затоа што припаѓа во делот каде што е потребен договор за лиценца.Патентот е интересен сам по себе бидејќи има точно утврдени законски норми кои мора да се испочитуваат за да создаденото ново откритие како прво и најважно може да се нарече воопшто пронајдок па дури тогаш да се започне и утврди постапката за патентирање. Битно е дека постојат пронајдоци што не можат да се заштитат со патент .Тие се пронајдоци кои се однесуваат на животински видови и растителни сорти и чито биолошките постапки за добивање на животни и растенија,освен за биотехнолошките пронајдоци чија техничка изводливост не е ограничена на определен вид или доколку станува збор за микробиолошките процеси и производите добиени од таквите процеси.Не може да се патентира ниту хируршка и дијагностичка постапка или постапка за третман на живо човечко или животинско тело,со исклучок на пронајдок,кој се однесува на проивод ,особено материја или соединение,кои служат за примена на една од овие постапки,и пронајдок чија примена спротивно на јавниот поредок или моралот,со тоа што примената на пронајдокот не може да се смета како таква единствено заради фактот што е забранета со закон,особено пронајдоците кои се однесуват на процесите на клонирање и модифицирање на генетичкиот идентитет на линијата на наследство на човекот ,користењето на човечките ембриони за индустриски и комерцијални

---

[287] М.Поленак-Аќимовска,Ј.Дабовиќ-Анастасовска,В.Бучковски,во ''Основи на правото на индустриска сопственост'' стр.78.Македонска ризница,Куманово, 2000

цели,процесите за модификување на генетичкиот идентитет на животни кои веројатно ќе предизвика страдање без суштинска медицинска корист за човекот или животното, и,исто така ,животните кои се резултат на тие процеси.
Пронајдоците пак кои подложат на патентирање се поделени во неколку области,врз основа на доверливост и по предметот на заштита.
По доверливост се делат на пронајдоци кои се од доверлив карактер за одбраната на земјата и пронајдоци од интерес на безбедноста на земјата.По предметот на заштита пронајдоците се делат на пронајдоци на ствари или производ и пронајдоци за постапка.

## 3.КРИТЕРИУМИ ЗА ПАТЕНТАБИЛЕН ПРОНАЈДОК И МЕЃУНАРОДНИ КРИТЕРИУМИ ЗА ПАТЕНТ

За патентабилност постојат три важни услови кои треба да ги имаат пронајдоците и истите се пропишани со закон.
-Новост
-Инвентивен придонес
[288]-Индустриска и занаетчиска применливост.
За патентот постои и меѓународна класификација,тие се класифицираат согласно техничката содржина на пронајдокот,и тоа во групи и подгрупи.Начинот на класификација опфаќа осум технички подрачја означени со букви од А до Н,поделени во групи и подгрупи ,а понатаму се делат на класи и подкласи.Самото тоа што се изврѓуваат толку групни поделби ,и секоја од нив има сопствено значење и причина зошто припаѓа во таа група укажува на фактот дека тоа е една сериозна добро осмислена класификација.Добро би било самиот подносител на пријавата на патентот да може да ја дефинира точната класификација на пронајдокот,но не секој тоа го знае и би можело точно да го утврди,иако е забележано во одредени случаи каде пронаоѓачот сам се изјаснува за класификацијата за својот пронајдок,но за тоа треба да е навистина добро упатен.Доколку пронаоѓачот не може тоа да го стори сам,тоа ќе го направат патентните испитувачи во [289]Заводот за интелектуална сопственост,кои е стручни и компетентни.
Од кога ќе се утврди дека пронајдокот е патентабилен тогаш преминува во фаза на заштита.Тоа се прави со посебна постапка која е утврдена со закон.

## 4.ЗАКЛУЧОК

Патентирањето е еден долг и комплексен процес за кој е потребно и време,важно е следењето на сите чекори согласно законот и консултација и помош со стручни лица од одделот за патентирање од Заводот за интелектуална сопственост.Кога пронајдокот ќе се патентира и со тоа ќе биде заштитен и ќе ужива припадност тој може да биде присутен на пазарот и да се почувствуваат неговите позитивни страни,како од страна на јавноста така и пронајдувачот а и неговите наследници,бидејќи има каратеристична форма и може да се наследува.

## 5.ЛИТЕРАТУРА

-Besarovic v –Intelektualna svojina I multiratelarnim tggovskim pregovorima I interesi Jugoslavija,Zbornik radova ’’Multiralni trgovinski pregovori’’,Beograd,1989.
-Дабовиќ-Анастасовска Ј.-Делата на применетата уметност ,Патент,Гласник б.3,Завод за заштита на индустриска сопственост,Скопје ,1994.
-Д-р.Валентин Пепељугоски,Јадранка Дабовиќ-Анастасовска-Право на интелектуална сопственост.

---

[288] Правото на индустриска сопственост во САДне познава заштита на индустрискиот дизајн како посебен вид на право од индустриска сопственост,туку заштитата ја дава со патент,па потоа заштитата е изедначена со онаа кај патентот (17 години).
[289] Институција во Р.Македонија надлежна да ја спроведува постапката за заштита на пронајдок со патент.Постои во повеќе земји и за истата институција има различни именувања,но нивната функција е иста.

# THE RELATIONS BETWEEN MACEDONIA AND BULGARIA

**Dejan Marolov**
"Goce Delchev" University, Shtip, Macedonia
dejan.marolov@ugd.edu.mk

**Abstract:** The Macedonian-Bulgarian relations are very interesting and in the same time very complicate from both historical point of view and present point of view. This paper treats this relations and the joint declaration from 1999 as key document for this relations. Having in mind that (1) Bulgaria is member of EU and NATO and (2) Macedonia has aspiration for joining them, this bilateral relations have the full capacity to become international issue. This paper is trying to present its humble contribution for the future improvement of this relations.
**Key words:** Macedonia, Bulgaria, Bilateral relations.

**Introduction**

Republic of Macedonia declaration of independence reopened the questions for the Macedonian-Bulgarian relations. Despite the fact that Bulgaria was the first country that recognized Macedonia as independent state the further relations were not going so smoothly. The reasons for this were deep historical moments that had and still have implications on the relations between the two states. Furthermore, this at first glance, bilateral relations, have become obstacle for the Macedonian Euro-Atlantic integration.

Similar to other Balkan countries Bulgaria also shared the fate of long period under the Ottoman rule. In fact both, Macedonia and Bulgaria were almost five centuries under Ottoman rule. There were occasional riots and uprisings for getting autonomy or creating their own state in both countries. The matter that differentiated the liberation movements in Macedonia and Bulgaria was the role of major powers in them. Russia that entered into war with the Ottoman Empire in the period from 1877-1878 and managed to win, contributed to the establishment of the Bulgarian state directly. After these events Bulgaria managed to get a kind of autonomy in 1878 and in 1908 got full sovereignty. On the other hand, the uprising in Macedonia from 1903 was not concretely supported by involvement of a third party and was virtually crushed by the powerful Ottoman army...

After finishing the Second World War, Bulgaria as Macedonia[290] became a communist state. After the fall of communism in the 1990s both neighboring states declared for their highest goal in the foreign policy the Euro-Atlantic integration. Although neighbors, both countries were treated differently, or were located in different groups and processes that progress with different tempos towards EU and NATO. More specifically, according to the terminology of NATO, Macedonia was part of the so-called "Adriatic Group" of countries that cooperated on the way to NATO integration, while Bulgaria was not part of the Adriatic group and managed to join it much earlier than these states. In terms of EU integration, on the other hand, Macedonia was and still is a part of the so-called group of countries "Western Balkans", which consists of the former republics of Yugoslavia with Albania without Slovenia. Again, Bulgaria was not part of this "problematic" group consisting of countries in whose territory was carried out the military conflict in the former Yugoslavia. Again, Bulgaria managed to become EU member before any of other countries in the Western Balkans.

About the relations between Macedonia and Bulgaria as relations between two independent states, only the period after the beginning of 1990s when Macedonia split from Yugoslavia, can be discussed. Previously, only Yugoslav-Bulgarian relations, in whose building appropriately as a federal unit of Yugoslavia Macedonia participated too, can be discussed. It can be concluded now that Bulgaria was rather burdened with Macedonia for many years before Macedonia's independence. Sufficiently illustrative was the statement of the Bulgarian President Petar Stojanov that (Are Bulgarian-Macedonian relations improving? 2002) *"Macedonia is the most romantic part of Bulgarian history."* The statement clearly reflects the positions of certain circles in Bulgaria which have been still dreaming of Great Bulgaria with the Treaty of San Stefano[291] conspiring return of "deceived Bulgarians from Macedonia" to their "Bulgarian" roots. In reality, the "romance", which they saw in Macedonia, was actually the subjugated Bulgarian policy towards Macedonia, which resulted in the greatest distress and suffering in the Bulgarian history. Thus, Bulgaria started to

[290]as part of federal Yugoslavia
[291]according to which almost the entire Macedonia was included in the framework of Bulgaria in 1878

"liberate" Macedonia together with its Balkan allies Serbia and Greece in 1913, which practically drag Bulgaria into two Balkan wars, from which Bulgaria got only the Pirin part of Macedonia and had suffered from enormous human and material losses. Furthermore, the myth and the ambition about Bulgarian Macedonia was one of the main reasons and motives for inclusion of Bulgaria on the wrong side in the two world wars. After the brief occupation over Macedonia during the Second World War, Bulgaria was forced to return to its pre- war borders. The result of the participation of Bulgaria in the Second World War was again the same, big human and material damages. Finally, after the Second World War and the definitive establishment of Macedonian Republic as recognized federal unit within Yugoslavia, and with improvement of relations between Bulgaria and Yugoslavia, Bulgaria was expected to abandon finally the "romance" to Macedonia and to accept the reality. Thus, Sofia for the first time in the time of Dimitrov recognized the historical fact of existence of a Macedonian nation, language and finally the existence of Macedonian minority in Bulgaria. Such changes in Bulgaria for the first time allowed free declaration of Macedonian nationality in the census in 1956, where, as Macedonians declared nearly 200,000 citizens of Bulgaria, mainly in the region Blagoevgrad, i.e. of Pirin Macedonia[292]. However after disruption of Soviet - Yugoslav relations and thus the Yugoslav - Bulgarian relations, Bulgaria came back to its pre-war positions and refused to recognize Macedonians as distinct nation and the Macedonian language considered again just as dialect of Bulgarian. Such treatment of Macedonia and the Macedonians in Bulgaria is retained even after creation of independent Macedonia and was obstacle in the relations between the two neighbors.

After the proclamation of independence of Macedonia, Bulgaria was the first country that decided to recognize its independence[293]. This move was of paramount importance for Macedonia and a great ground for building the future Macedonian-Bulgarian relations. The recognition was not without controversies though. Namely, the leadership of Bulgaria often explained that the recognition of Macedonia as an independent state did not mean recognition of the existence of a distinct Macedonian nation. According to Gligorov (2001) the Bulgarian President Zheljy Zheljev pointed out exactly that Bulgaria would not interfere in the internal affairs of Macedonia. But, exactly the denying of determination of the majority population in Macedonia was nothing else, but interfering in its internal affairs. The reactions in Macedonia about such recognition of Macedonia were divided. While President Gligorov was skeptical about the intentions of Bulgaria, the Vice President Ljupco Georgievski considered that the most important element in the whole thing was just the recognition of Macedonia. According to Gligorov (2001, p. 408), Georgievski said *"(...) it is important Bulgaria to recognize Macedonia, and about the Macedonian nation let the historians speak."* (Translation by D.M.)In reality, in the international relations, states are recognized or not, and no one requires recognition of language or nation, because it is a fact that they exist. It's possible that the position of Bulgaria's recognition of Macedonia, but not of the Macedonian nation, has been intended for internal use in Bulgaria. It must not be forgotten that many years ago the Bulgarians were imbued with the idea of Greater Bulgaria as ethnical Bulgaria and such created opinion could not change overnight. At the same time, recognition of a distinct Macedonian nation would have meant opening the process for recognition of a Macedonian minority living in the region of Blagoevgrad but also across whole Bulgaria. In this direction particularly interesting were the talks between the presidents of Macedonia and Bulgaria where the Bulgarian President Zhelev (according to Gligorov 2001, p.411) has said: "*You are not taking in to consideration that in Bulgaria, of several generations, there are two million Macedonians, but they feel like they are Bulgarians and they seem to be greater Bulgarians than us. This influence we cannot reject.*"

The existence of policy that recognized the state but not the nation directly burdened the relations between both countries but also affected within the countries. For example, the organization of the Macedonians in Bulgaria "OMO Ilinden" was prohibited to act, and even the celebration and the laying flowers on the grave of Yane Sandanski was questioned. It took expiration of nearly a decade since the fall of communism in Bulgaria in order to allow the registration of the political party "OMO Ilinden"[294] which finally won five local officials and several in the region of Pirin Macedonia. However, after year later the Bulgarian Constitutional Court declared the action of the party unconstitutional after which it ceased to exist. This behavior of Bulgarian institutions was a clear violation of the Convention on Human Rights[295] which Bulgaria had ratified and which guaranteed the right of free association. The European Court of Human Rights reacted adequately to that.

Although Skopje officially decided not to interfere in the internal affairs of Bulgaria, it is indisputable that such events in Bulgaria had its negative impact on relations with Macedonia. The mutual position of both republics for non-interference in the internal affairs was not enough to keep the relations uncomplicated. The tactic of putting their heads in the sand like ostriches did not make problems disappear. The practical

[292]for more see Bugajski,(1995) and Zang (1991)

[293]in packet with recognition of independent Slovenia, Croatia, B&H

[294] in 1999

[295]articel 11

problems have arisen even in the early 1990s. For example, although the Prime Minister[296] of Bulgaria visited Macedonia during the first half of the 1990s, negotiated and signed an agreement on economic cooperation between Macedonia and Bulgaria, it was not ratified in the National Assembly. What was the problem? It became apparent with the visit of Bulgarian Minister of Education Marko Todorov in Skopje[297] when he refused to sign the previously negotiated agreement for cooperation in culture and education, because at the end of the agreement stood the usual phrase that the contract is signed in Bulgarian and Macedonian language (Gligorov 2001). Actually it comes to what would later be called "language problem" and the problem consisted in the Bulgarian position on not existence of a Macedonian language, which according to them is an ordinary Bulgarian dialect. That was the reason for stagnation of the Macedonian-Bulgarian relations because the two closest neighbors could not sign any agreements. This dispute was finally overcome in 1999.

Overcoming of the language dispute with Bulgaria deserves special attention, because it is actually about finding a mutually acceptable technical formulation as solution of a political-historical problem. The solution of the dispute came as a result of the joint declaration of 1999, signed by the Heads of Governments of the Republic of Macedonia and Republic of Bulgaria[298]. The technical solution to the political language problem has been found in the following formulation: The agreement was "*signed on 22 February 1999 in Sofia, in two originals, each in the official languages of the two countries -Bulgarian language, according to the Constitution of the Republic of Bulgaria and in Macedonian language, according to the Constitution of the Republic of Macedonia, both texts being equally authentic.*"(see Joint Declaration 1999). Exactly this formulation allowed signing of this declaration and of all subsequent agreements between Macedonia and Bulgaria. The language problem, which meant actually denying the existence of Macedonian language by Bulgaria, was overcome through technical formulation under which the agreement was signed in the two official languages in both countries, according to their constitutions. In this way, Bulgaria only recognized the reality of existence of the Macedonian Constitution which states that its official language in R. Macedonia is the Macedonian, which does not necessarily mean that it recognizes the existence of the language.

Although separating the previous point as the most important moment of the Declaration we must not fail to observe that in the Declaration there are other moments too. So, in it the two neighbors are committing to promote mutual relations and their further cooperation, cooperation in the process of uniting Europe, holding regular meetings, improving conditions for economic cooperation, cooperation in the field of tourism, infrastructural connectivity under the regional projects cooperation in the field of culture, education, health, sport, enabling free flow of information, protection of intellectual property, cooperation in legal sphere in particular in civil, criminal and administrative matters till the two states declared that: "*neither of the two countries shell undertake, instigate or support any actions of a hostile nature directed against the other country*"(see Joint Declaration 1999). The last one is very interesting and deserves an attention. What exactly do the words not taking, not encouraging and not supporting of hostile actions by any of the two countries mean, is explained in details at the edge of the Declaration. That means four things. First, none of the states will allow its territory to be used for attack over the other. This principle later grew into a general attitude of the Republic of Macedonia, which applies to all its neighbors. Secondly, none of the neighbors will raise territorial pretensions against the other. This is also a kind of attitude of Macedonia to all its neighbors, even included in the Macedonian Constitution, where it is clearly said that Macedonia has no territorial pretensions to its neighbors[299].Third and very important is the following: *"The Republic of Macedonia hereby declares that nothing in its Constitution can or should be interpreted as constituting, now or whenever in the future, a basis for interfering in the internal affairs of the Republic of Bulgaria for the purpose of defending the status and the rights of persons who are not citizens of the Republic of Macedonia.*" This formulation can be completely right, but surprises the fact and remains questionable why the Joint Declaration has no such reciprocal obligation for the Republic of Bulgaria. Fourth and finally, both sides will take measures to prevent any not benevolent propaganda that might harm the common relationships, whether it comes from institutions either from private persons.

Signing of the Joint Declaration was a moment that positively influenced the entire region. Joint Declaration was hailed by the EU too. With it, Bulgaria was entitled to claim that it had resolved one of the major problems with its neighbors, because the non-communication that occurred due to the language dispute affected very negatively both neighboring countries. At the same time, Macedonia got normalization of relations with its eastern neighbor. As most positive moment of the Declaration would be emphasized the solving of the language problem through a technical way by which neither party had to accept the position of the other and their relations were yet normalized. In the spirit of this Declaration, Macedonia was obliged to

---

[296] Ljuben Berov

[297] April 1994

[298] Ivan Kostov and Ljubco Georgievski

[299] article 3 paragraph 4

do things, that it was, of course, ready to do practically without this Declaration, such as: no permission for using its territory to attack any neighboring country, or declaring no territorial pretensions - Macedonia has all this apply to all its neighbors. From this aspect Macedonia did not "give" too much with this Declaration. However, the question why Macedonia in the spirit of this Declaration became obliged, and did not seek or fight for a reciprocal obligation by Bulgaria for not interfering in internal affairs to protect persons, who are not its citizens remains open. Macedonia practically waived giving any possible assistance to the ethnic Macedonians in Bulgaria, who are not Macedonian citizens, and in return did not receive such reciprocal obligation by Bulgaria. This provision would be completely right if it was valid for Bulgaria too; especially taking into account that certain circles in Bulgaria tried to encourage "becoming aware" of the Macedonians that they are Bulgarians in Macedonia. Why was all this allowed, still remains open. Some believed that this was done by the "pro-Bulgarian" Premier Georgievski, but it must not be forgotten that although the Declaration was signed in his time, the draft text was made by the previous government. However, the joint declaration was a positive moment in the Bulgarian-Macedonian relations.

Despite existence of certain problems between both countries, there were also many positive moments that contributed to building of Macedonian - Bulgarian friendship and relationships. Above all, Bulgaria was the first country to recognize Macedonia's independence. At the same time, the recognition was done under the constitutional name Republic of Macedonia and despite the fierce Greek opposition. In this direction the visit to Athens by the Bulgarian Minister[300] of Foreign Affairs just one day before the decision of recognition was noted, on which he said *"Athens' position is their own issue and Bulgaria do not want to interfere in it (...) we cannot impose to the population in Macedonia how it will call its country and it will call itself.*"(Gligorov 2001, p.409) (Translation by D.M.) In one's opinion, this statement made in Athens at that time, can be qualified as very positive for Macedonia. Also let's not forget the fact that Bulgaria and Albania were the gate of Macedonia of entry and exit of various types of goods during the UN embargo on Serbia, which indirectly affected Macedonia from north and the direct Greek embargo which cut off all connections with the Aegean Sea to the south. Besides economic, Macedonia and Bulgaria also developed a military cooperation in 1999, which resulted in signing of a cooperation agreement in the defense sector.[301]

The support by Bulgaria as EU and NATO member will also be considered as positive thing between both neighbors, which is given in terms of future membership of the Republic of Macedonia to these organizations. Such support is certainly welcomed for Macedonia despite certain tendencies of Bulgaria to represent it as a kind of help from older brother to younger one. So, Bulgaria is trying to play the role of sponsor of the Macedonian membership in these organizations. However, we must emphasize that this Bulgaria's support is not unconditional. This was publicly announced by the Bulgarian President Parvanov and the Bulgarian Foreign Minister Kalfin in 2006. "*They warned Skopje that the unconditional support for its EU and NATO membership is past and in future, the Bulgarian support will depend on the willingness and the success of the Republic of Macedonia in adopting and maintaining the policy of good neighborly relations"*.(Ivanov 2008)(Translation by D.M.). Surely the demand for good-neighborly relations is understandable, but the potential danger that lies behind this formulation must not be ignored, especially from the experience we had with Greece, where behind the formulation of good neighborly relations the request for changing the name of Macedonia laid. This question is still opened today and is an obstacle on Macedonia's road towards membership in NATO and EU. Such situation opens the logical question about the possibility of applying "the Greek scenario" by Bulgaria or blocking Macedonia's entry into Euro-Atlantic organizations. For example, this was very clearly said by the leader of the Bulgarian VMRO party Karakachanov (Bulgarian MPs oppose Macedonia NATO, EU bid 2007) that Macedonia should be blocked, i.e. it should not be allowed its entry into NATO until it solves the problems with the neighbors. This would not be so seriously understood if this kind of threats would come only from parties that had about 10 MPs. The real seriousness of the threat gives a statement by the Bulgarian Foreign Minister in 2009 who said: "*Bulgaria will examine the access to the Macedonian side ..."* and asked "*Macedonia to make changes that will allow the European Integration of the Republic of Macedonia*"[302]. In the same statement Bulgaria's Foreign Minister speaks about existence of "*pressure on Bulgarian citizens as well as on Macedonian citizens with Bulgarian self-consciousness in the Republic of Macedonia"*. As for the question, which groups exactly had the Minister thought of when he used the terms Bulgarian citizens and Macedonian citizens with Bulgarian self-consciousness in R. Macedonia? Under the term "Bulgarian citizens" within the Republic of Macedonia mainly citizens with dual citizenship[303] are involved, which besides the Bulgarian hold also

[300] Stojan Ganev
[301] according to which Bulgaria gave as gift to Macedonia nearly 100 tanks and other military equipment
[302]http://www.mfa.bg/en/index.php?option=com_content&task=view&id=9354&Itemid=217 website, 04 August 2009.
[303]except the Bulgarian citizens who stays briefly in Macedonia

Macedonian citizenship and have mainly permanent residence in the territory of RM. These are people with Macedonian ethnic origin who own Bulgarian passport out of economic reasons. Some of these people even give a written statement certified by a notary, claiming that their nationality is Macedonian, but the reason why do they take Bulgarian passports are laid in traveling visa-free or purchasing Bulgarian vehicles. In fact, for many years, RM was one of the countries whose citizens in order to be able to enter the EU, were obliged to undergo the painful procedure of issuing visas. And with Bulgarian passport they could travel more easily in the EU. Bulgaria, itself, has used this position of RM and introduced a facilitated procedure for obtaining Bulgarian passport for citizens of Macedonia. Furthermore, for many years, a good proportion of students from eastern Macedonia decided to study in Bulgaria, because Bulgaria again had facilitated procedure for receiving students from Macedonia and gave even state scholarships to them. One other thing was that there was no university in the eastern part of Macedonia and this contributed directly to the students to opt to study in Bulgaria. Normally, by living and spending years and years of studying and living in Bulgaria, a good part of the Macedonian students decided to get Bulgarian citizenship in order to facilitate their stay there ...
ИНСПЕКТОРИ----------------------------------ПРОИЗВОДИТЕЛ ИЛИ ТРГОВЕЦ-------------------------------------ОВЛАСТЕНА ЛАБОРАТОРИЈА--------------------------ИНСПЕКТОРИ------------------------ПРОИЗВОДИТЕЛ ИЛИ ТРГОВЕЦ----------------------ИНСПЕКТОРИ

Во синџирот инспекциските институции се главниот фактор, од кои зависи информираноста на купувачите како консуматори на храна. По завршувањето на целата постапка се донесува заклучок, што со испитуваниот производ (одговара или не за човечка исхрана).

Имајќи предвид дека инспекцијата како државен орган се грижи за исправноста на храната, се појавува потреба од континуирана обука на инспекторите за правилно спроведување на постапките во оценувањето на квалитетот и безбедноста на храната а со тоа и грижата за здравјето на човекот.

Од тие причини на голема врата влегува потребата од континуирана обука на сите субјекти кои се вклучени во оценувањето на исправноста на производите кои се користат за човечка исхрана.

Ова укажува дека учењето не завршува со добивањето на диплома, туку тоа е доживтоно, бидејќи науката оди напред, се изнаоѓаат нови посовремени научни и практични методи, кои бараат дополнителна обука на сите инволвирани стучни кадри во една одредна област, па постапката при анализа на исправноста на производите кои се користат за исхрана на човекот.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесеното можат да се донесат следните поважни заклучоци:

1.Постапката за анализирање на испарвноста на храната која ја користи човекот е многу сложена и бара високи стручни знаења на инволвираните страни.

2. Посебна стручност се бара од инспекторите кои земаат мостри и истите ги доставуваат до овластените лаборатории. Со добивањето на извештај од анлизите инспекторите треба да оформат реален извештај, со кој нема да бидат повредени ниту производителите ниту консуматорите на храна.

3. Истражувањата укажуваат и на големата опременост и стручност на лабораториите и лицата кои учествуваат во анализите.

4. Како главен заклучок се наметнува потребата на континуирана едукација на инспекторите и лицата кои работат во овластените лаборатории, а се со цел преземените активности да имаат успешна завршница.

## ЛИТЕРАТУРА


1.Annamali T., Venkitanarayanan K.(2005) Expresion of cold shock proteins and genes by Yersinia enterocolitica in syntetic medium and foods. J.Food Prot.68.

2.Anonymous L.(2004): Cryptosporidiosis (Cryptosoridium spp.) a CDC rewiew. J.Environ Health.

3.Bennett W.(2005): Staphilococcal enterotoxin and its rapid identification in foods by Enzymelinked immunosorbent assy-basid methodology. J.Food Prot..

4.Browman AS, Glendening C., Wittum TE, Lejeune JT, Stich RW, Funk JA.(2007): Prevalence of Yersinia enterocolitica in different phases of production on swine farms. J.Food Prot.

5.Brownell SA, Nelson KL,(2006): Inactivation of single – celled Ascarus suum eggs by Lowpressure UV radiacion. Appl.Environ Micorbiol.

6.Dierick K., Coillie EV., Swiecicka I., et al. (2005): Fatal family outbreak od Bacillus cereus-associated food poisoning. J.Clin Microbol.

7. Katharious S. (2002): Listeria monocytogenes virulence and pathgenicity, a food safety perspective. J. Food Prot.

8.Shachar D., Yaron S.(2006): Heat tolerance od Salmonella enteritica serovars Agona, Enteritidis and Thyphimurium in peanut butter. J.Food Prot.

9.Sharma SK, Shakla HD (2005): Clostridium botulinum: a bug with beauty and weapon Crit Rev Microbiol.

10.Fernandez-Escartin E. Garcia S.(2001): Mescellaneous agens> Brucella,Aeromonas Plesiomonas, and b-hemolytic streptococci. In: Labb,e RG, Garc, ia S (Eds.).Guide to Foodbornne Pathogens. Wiley, Now York.

11.Feng P., Weagant S.(2002): Diarrheagenic Escherichia coli, In> Bacteriological Analytical manual online. http:/www.cfsan.fda.gov/; ebam/bam-toc.html. Accessed Ferbruary 2008.

12.Heredia Norma, Wesley Ireneand Garcia Santos (2009): Microbiologically Safe Foods. John Wiley and Sons, Inc., Hobocen, New York.

13.Humpf HU, Voss KA(2004): Effect of thermal food processing on the chemical structure and toxicity of fumonisin mycotoxins. Mol Nutr Food Res.

14. Codexs Alimentarius Commision (2002)>:Compendium Harmonization of aalitycal terminology in accordance with international standard.

15.Codex general standard for contamination and toxins in foods. Codex stan Rew.

# THE SELF-EVALUATION AND QUALITY OF KNOWLEDGE

**Prof. Snezana Mirascieva PhD**
**Faculty of Educational Sciences, University ”Goce Delcev” Stip, Republic of Macedonia**
**smirascieva@gmail.com**

**Summary:** The development of each individual and the progress of the community as a whole are based on the quality of knowledge. One of the dimensions of knowledge quality is its level of operation. The level of connection between theoretical and practical knowledge speaks about how functional and operational knowledge is. There are many ways to improve the quality of knowledge expressed in appropriate instructional strategies of teaching and learning through the stages of the teaching process: preparatory, operational and verificational. We focused on the third stage in which various methods of evaluation can be used, and one of them is the method of self-evaluation. This paper will focus on the ways and possibilities of application, as well as on the reflection from the application of the self-evaluation method on the quality of knowledge.
**Key words:** quality, knowledge, evaluation.

# САМОЕВАЛУАЦИЈАТА И КВАЛИТЕТНО ЗНАЕЊЕ

**Проф. д-р Снежана Мирасчиева**
**Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Република Македонија**
**smirascieva@gmail.com**.

**Резиме:** Развојот на секоја индивидуа и прогресот на заедницата во целост се темели на квалитетот на знаењата. Една од димензиите на квалитет на знаењата е степент на оперативност. За тоа колку едно знаење е функционално и оперативно говори степенот на поврзаност на теоретските со практични знаења. Постојат многу начини за подобрување на квалитетот на знаењата изразени во соодветни наставни стратегии на поучување и учење, низ фазите од наставниот процес и тоа препаративната, подготвителна, оперативната и верификативната. Ние се фокусиравме на третата фаза во која можат да се користат различни методи на евалуација, а еден од нив е методот на самоевалуација. Во трудот ќе стане збор за начините и можностите на примена како и рефлексијата од примената на методот на самоевалуација врз квалитетот на знаењата.
**Клучни зборови:** квалитет, знаење, евалуација.

## 1.INTRODUCTION

Emphasizing and defining the specific weaknesses of subjective checking and assessment make the issue of evaluation in the educational process very current. The problem of evaluation has deep social roots. Namely, both human knowledge and the system of work and the system of evaluation are socio-economically and historically conditioned. Each era of development has a hierarchy of values which is structured according to the level of development of production which is analogous to the structure of social relations.[347] The historical reality determines both of these systems, the system of work and the one of work assessment. At the same time it determines the objectives of work and ways of evaluation. Hence, the nature and the manner of evaluation are associated with the current existing system of social values, with educational objectives and tasks, with specific concepts and specific strategies, tools, forms and methods of teaching. Therefore the concept of the evaluation system has a flexible character, i.e. it changes or rather it should be changed in accordance with the changes in society. Evaluation is a relatively independent stage of the teaching process and it refers to validating, measuring, monitoring and evaluation of results achieved in teaching. Given the fact that both teachers and students participate in teaching, it is quite logical that checking and assessment apply equally to teachers and students. That way we get feedback on the work results obtained which is reflected in the subjects’ behavior in the future and in the overall process. Today, changes in society, the progress of science and the invasion of technology set new goals and requirements before the educational system, and, this means changes in the evaluation system as well. In this sense society today sets new requirements before educational institutions, ranging from objectives through contents to strategies in teaching and results. That is why we talk about quality in knowledge or competences that a young person needs to develop in the educational system today in order to

[347] Vilotijević, M. *Vrednovanje pedagoškog rada škole*, Beograd:Naučna knjiga, str.6-7.(1992).

be an active citizens insociety. The most frequently set objectives a young person should aspire to are: acquisition of competences and motivation for lifelong learning in different areas; encouraging criticism, creativity and flexibility of thought among students; developing communication skills using technology; developing awareness and care for oneself and the environment for sustainable development, developing life and professional skills. Namely, in the UNESCO documents among other things it is stated that Quality education includes: Learners who are healthy, well-nourished and ready to participate and learn, and supported in learning by their families and communities; Environments that are healthy, safe, protective and gender-sensitive, and provide adequate resources and facilities; Content that is reflected in relevant curricula and materials for the acquisition of basic skills, especially in the areas of literacy, numeracy and skills for life, and knowledge in such areas as gender, health, nutrition, peace and collaboration; Processes through which trained teachers use child-centred teaching approaches in well-managed classrooms and schools and skilful assessment to facilitate learning and reduce disparities; Outcomes that encompass knowledge, skills and attitudes, and are linked to national goals for education and positive participation in society. This definition allows for an understanding of education as a complex system embedded in a political, cultural and economic context. It is important to keep in mind education's systemic nature, however; these dimensions are interdependent, influencing each other in ways that are sometimes unforeseeable. Systems that embrace change through data generation, use and self-assessment are more likely to offer quality education to students . Continuous assessment and improvement can focus on any or all dimensions of system quality: learners, learning environments, content, process and outcomes.[348] The reflection of UNESCO documents charts the path to quality knowledge, referring to constructivist theories not only in the preparatory and the operational phase of the teaching process but also in verificational stage which is of concern in this paper. The constructivist view of these theories relates to the way students learn in school and considers it as important, or even more important than how the teacher transfers knowledge (teaches). The way students learn is "responsible" for the result, i.e. for what we finally recognize as a change in the student. Moving the emphasis from teaching (what the teacher does in class) to learning (students' activity in class) sheds new light on contemporary teaching. It confirms the view that mere innovation of the curriculum in education is insufficient, but that changes are necessary concerning the very nature of the school. Constructivism focuses on the construction of knowledge rather than on the repetition of knowledge because an individual creates his/her knowledge through activities based on personal experience, mental structures, and beliefs that are used to interpret objects and events. Indeed, our view of the outside world differs from that of others because of our own experiences acquired.

## 2. CONCEPT AND ESSENCE OF EVALUATION

The clear and precise terminological distinction is a prerequisite for effective and efficient evaluation of teaching and thus of a more realistic picture of the situation in educational institutions. The improvement of the system of evaluation is primarily associated with understanding and knowledge of the place, role and functions of the evaluation process. The following section will point out several determinations of the term. According to Vilotijevic, evaluation is a French word and it is used to denote the evaluation process, the determination of the value of something. In didactics, this term is used to denote the process of assessing teachers' and students' results. [349] Evaluation is a process in which three components are recorded: checking (monitoring), measuring and evaluating, and, according to Stevanovic[350], evaluation is an integral part of every well-organized and conducted activity. With evaluation individual and collective achievements are checked, assessed and recorded. The more the system of monitoring and evaluation is efficient, the better are the results. Authors Black and William (Black and Wiliam, 1998) use the term assessment to designate all those activities undertaken by teachers and their students in their self-assessment, providing information to be used for a flashback in order to modify instruction and activities in learning, and they point out that "anything a student does can be used in assessment." [351]This determination of assessment is directed to: providing information to students and their parents about the students' progress in acquiring knowledge, developing skills and forming attitudes; providing support to teachers to modify teachin and strategies; providing information to other relevant structures that make decisions about educational policy that addresses students. From such assessment guidelines it may be

---

[348] Colby, J.& Witt,M. *Defining Quality in Education*. New York: Education Section, Programme Division, UNICEF, pp.4-5,(2000).

[349] Вилотијевић, М. *Дидактика 3*, Београд:Учитељски факултет, стр.127-130, (1999).

[350] Stevanović, M.*Didaktika*, Rijeka: Digital point, str.303-305, (2003).

[351] Black, P.&William,D. *Assessment and classroom learning*, Assessment in Education: Principles, Policy& Practice, vol. 5, Issue 1, pp. 7-74. March 1998

concluded that assessment is an integral part of the teaching process. There is a close connection between teaching, learning and assessment, i.e. between the objectives and the content of instruction and assessment (what is learned and taught and what is assessed). According to V. Poljak[352], the program of checking and assessment stems from the basic objectives of teaching. These are permanent tasks: material (acquisition of knowledge), functional (development of physical and mental abilities), educational (adoption of educational values). Hence results the subject of the assessment, and that means the volume and quality of the acquired knowledge, the level of development of cognitive, affective and psychomotor skills and the quality of the established educational values in students. In the psychological domain, according to Andrilovic and Cudina[353] educational objectives should be closely related to the field of learning (cognitive, affective and motor). Speaking of assessment in education Rajston and Dzhaston[354] say in their research that the main objectives in education that should be assessed should not cover only the quantum of knowledge, understanding, and skills, but they should also include capabilities for acquiring attitudes, interests, developing critical thinking, students' personal and social adjustment in the teaching process. The teacher should be concerned with the overall development of the student, not only with his/her intellectual and academic development. This understanding is the basis of the evaluation system in Macedonian education. Although not fully developed, it is on the first link in its dominance. It is a characteristic of the modern understanding of assessment. This leads to the improvement of the educational process, thereby achieving the fundamental function of teaching: promotion of education. Certain objectives of evaluation in teaching result from the goals and purpose of achievement assessment. The quality of assessment is very important in teaching and it is the bridge to students' knowledge. Research shows that regular monitoring and providing feedback and assessment should be an imperative for any teacher, as they affect the improvement of student achievement. An objective assessment of student achievement is a constant task and the need of every teacher. The tasks that should contribute to students' better success in the assessment process arise from the complexity of this problem. Today several basic tasks of assessment are differentiated, such as: real objective determining of the level of effort and commitment invested in the realization of the set program contents in all areas of the educational process; constant encouraging students to work independently in order to acquire the necessary knowledge, skills and habits; creating conditions for rapid development of each individual student; timely insight into the causes of standstill and failure in educational work, and taking timely and appropriate pedagogical measures to overcome weaknesses in teaching and extracurricular activities; to continuously inform students of their progress or weaknesses by continuously monitoring and evaluating the their work with timely provision of feedback on the success achieved and the resulting grade. Thus the teacher has insight into his/her work and the parent has insight into the work and progress of the student which is of great significance for the entire outcome of the educational process in school and beyond. Another important task, beside the acquisition of knowledge and struggle for a good grade, is to develop in students other motives for working and learning such as: the motive of curiosity, accuracy, neatness, preciseness, objectivity, the motive for achievement, for mutual and self-helping, for socializing and developing of the person in the community and for the community. Assessment of student achievement has a practical side to the task determined in the direction of training students for real and accurate assessment of their own work and the work of their classmates. Thus we actually enable students to appreciate their own work and the results of it, they are being trained to appreciate material goods that human labor has attained. Thus creative personality traits are encouraged and developed. On the other hand, students should be prepared for work in practical life, better problem solving, not only in regular teaching but also beyond it. Specifically, students need to successfully apply their theoretical knowledge and skills in life. The above tasks of the assessment process relate to raising students' culture, and accomplishing higher quantity of work in school. It is actually a powerful weapon in the struggle to achieve lasting and profound knowledge, skills and habits. With students' continuous educational activities through real assessment of their work we can encourage work habits and development of cognitive interests and convert these into common interests while raising the quantity and quality of students' knowledge to a higher level. In this way the student will prepare for practical involvement in life situations and for tasks he/she will successfully perform working individually. Assessing one's existence primarily in teaching is in the function of: continuous and regular analysis of student achievement during the teaching process, taking into account individual characteristics and abilities of each student in the class; directing attention to the working conditions of the student, family, school, socio-economic structure of the family; systematic and continuous monitoring of progress and work habits, and results for all students in all the stages in teaching; leveling the practice of premature giving negative marks because it negatively affects students, especially those who

---

[352] Poljak,V. *Didaktika*, Zagreb:Školska knjiga,137-142, (1991).

[353] според Попоски,К. *Училишна докимологија*. Скопје:МИС, стр.91-109, (2005).

[354] според Попоски,К. *Училишна докимологија*. Скопје:МИС, стр.91-109, (2005).

progress slowly. Assessment should address all aspects of a student's personality development. In that case constant monitoring and recording the development and progress of the student are needed. Only in this case assessment will realize its formative function. In teaching, formative assessment refers to frequent and interactive evaluation of student achievement and understanding of the learning needs as well as adjusting teaching methods according to students' needs.

**3. STUDENTS' SELF-ASSESSMENT**

One of the elements of formative assessment is self-assessment, i.e. active involvement of students in the assessment process. Teachers should be constantly involved in the monitoring and collection of information about students' learning process by providing timely and clear feedback. The goal of self-assessment is to guide students to develop their personal skill for learning (metacognitive strategies). They use their own knowledge and resources for learning and are more willing to adapt and use these skills for solving problems in everyday life; they strive to find answers and to develop strategies to tackle the problem that is very close to them. In other words, they develop both self-control and learning strategies. The student who is aware of his/her manner of learning is better able to set, develop and achieve goals and use different learning strategies, thus controlling the learning process. Modern concepts in education that refer to autonomy, cooperation, meaning, emotional maturity of students and development of critical thinking skills could be incorporated into the process of checking and evaluating with an additional explanation that the process of assessment and teaching should complement each other as complementary aspects of the learning process. Self-assessment is defined as assessing the quality of their own work by the students themselves, which is based on evidence and explicit criteria in order to improve students' achievements.[355] Gojkov sees self-assessment as a powerful tool for self-control of the learning process that allows students to influence their own work by seeing weaknesses and overcoming them in the learning process, thereby increasing the intrinsic motivation that encourages students to be active. Formative assessment supports the use of assessment during classes in order to improve student achievement. It promotes the idea that students will work best only if they understand the purpose of their knowledge and only if they are an inseparable part of the process of learning and teaching. According to Clark[356] "Assessment for learning helps students know what to do to move from their current position to the final learning goal. To meet learning goals, students must participate fully in creating the goals, analyzing assessment data, and developing a plan of action to achieve the next goal (Clarke, 2001). Effective assessment of learning happens constantly during classes and it includes: sharing learning objectives with students; helping students to recognize the standards they aspire to; giving feedback that guide students how to improve; belief that every student can improve in terms of his/her previous achievements; joint review and discussion of achievements and progress of a student with the teacher and the student; enabling students to use the techniques of self-assessment to discover in which aspects to intervene in order to improve; involving students as active partners in the process of evaluating their achievements; improving students' motivation and confidence by using effective assessment techniques one of which is self-assessment. Self-assessment is a powerful tool for encouraging students to cooperate effectively in groups. Formative interaction is a necessary condition for successful learning, but it must be implemented in such a way that it will be supported to operate in accordance with the objectives and planned activities. Self-assessment is defined as assessing the quality of their own work by the students themselves, which is based on evidence and explicit criteria aiming to improve achievement. Students should gradually become involved in the process of assessing their own results, and in the process of peer review, by sharing objectives, tasks, and introduction to the curriculum. The teacher should involve students more in the process of monitoring, through informal observations, asking direct questions, allowing them to participate in the discussion about the grades obtained and the results shown. This dialogue form provides a multitude of useful information for the student and his/her learning process. Self-assessment by students is essential to their development as independent and responsible individuals. This also requires students to have a clear understanding of the objectives and the criteria by which their work should be evaluated. The ultimate goal is to turn students away from depending on teachers so that they independently direct their own learning, i.e. to take responsibility for it. Informal self-assessment consists of a continuous process of reflection on their own knowledge, which is an everyday part of the curriculum. (What have we learned? How have we achieved it? What do I do when I do not know a particular word? Has each member in our group performed his/her task?) Teachers can ask such questions through a variety of contents, such as conversations about reading and writing, conversations in the classroom, reviewing the set objectives, literary texts etc. At the end of each teaching unit it is necessary to make a summary of the set learning objectives and the results achieved

---

[355] Gojkov, G. Dokimologija, Vršac, Triton, str. 78-80,(2003).

[356] Clarke, S. Unlocking formative assessment. London: Hodder and Stoughton (2001).

using simple checklists such as: I know and how much I know. Thus the student clearly recognizes his/her good and bad sides and has meticulous insight of where he/she should work more. Numerous studies show that self-assessment plays a major role in the improvement of the learning process. When students self-assess themselves in a positive and correct way, it encourages them to set higher goals and to use more personal sources or effort to achieve them. This combination of objectives and effort is equal to success. This success results in self-criticism and self-control and the question of to what extent I have achieved my goals is asked. The result of self-criticism is the reaction or response of a student to the question about how he/she feels in relation to an issue. Objectives, effort, achievements, personal self-assessment, and personal reaction can be combined to affect a student's self-confidence in a positive way. In other words, self-assessment is a combination of self-criticism and personal response which in itself affects the progress of students in the learning process. When students are involved in the evaluation of their own learning they become stronger students. Reflection of their learning leads students to increase control over the learning process, i.e. puts them in the role of constructors of their own knowledge. That is why we talk about constructivist self-assessment platform, which in turn results in higher quality of knowledge.

## 4. CONCLUDING REMARKS

Contemporary theory and practice pay great attention to evaluation in teaching in order to improve the system for checking and evaluating the application of new methods and forms of assessment, including self-evaluation. Innovations in the field of evaluation promote a new approach in evaluation in terms of overall changes in students' knowledge, skills, attitudes, opinions, development of cognitive skills or preparation for life and work in the community. Constructivism and holistic platform are fundamental theoretical tenets of self-evaluation. Finally, it should not be forgotten that quality indicators were not always the same, but changed with the changes in teaching and its function in the development of students. One of the indicators is the position of the student in teaching as an object, subject or both object and subject. Nowadays a new indicator is being looked for in the third model and the process of self-evaluation is further proof of that. Quality is expressed through the entirety of teaching and the personality of an individual student, through the holistic approach to students' success, and through the process of cognition, model of interaction and communication, needs and motivations, and style of the teacher's work.

## 5. REFERENCES


[1] Black, P.&William,D. Assessment and classroom learning, Assessment in Education: Principles, Policy& Practice, vol. 5, Issue 1, pp. 7-74. March 1998.

[2] Clarke, S. Unlocking formative assessment. London: Hodder and Stoughton (2001, 2005).

[3] Colby, J.& Witt,M. Defining Quality in Education. New York: Education Section, Programme Division, UNICEF (A paper presented by UNICEF at the meeting of The International Working Group on Education Florence, Italy June 2000). pp. 4-5, http://www.unicef.org/education/ files/QualityEducation. PDF

[4] Gojkov, G.Dokimologija, Vršac:Triton, str. 78-80, 2003.

[5] Попоски,К. Училишна докимологија. Скопје:МИС, стр.91-109, 2005.

[6] Poljak,V. Didaktika, Zagreb, Školska knjiga,137-142, 1991

[7] Stevanović, M.*Didaktika*, Rijeka: Digital point, str.303-305, 2003.

[8] Вилотијевић, М. Дидактика 3, Београд,Учитељски факултет, стр.127-130, 1999.

[9] Vilotijević, M.Vrednovanje pedagoškog rada škole, Beograd:Naučna knjiga, str.6-7,1992.

# CORPORATE GOVERNANCE - CHALLENGE FOR THE COMPANIES IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**Liljana Jonoski MSc.**
University St. Kliment Ohridski - Bitola, Law Faculty-Kicevo, Republic of Macedonia, liljana.jonoski@gmail.com
**Gjorgji Petreski MSc.**
University St. Kliment Ohridski - Bitola, Law Faculty-Kicevo, Republic of Macedonia, gorgi.petreski@yahoo.com
**Laze Jakimoski MSc.**
University St. Kliment Ohridski - Bitola, Law Faculty-Kicevo, Republic of Macedonia, ljakimoski@yahoo.com

# Корпоративното управување - предизвик за компаниите во Република Македонија

**м-р. Лилјана Јоноски**
Универзитет Св. Климент Охридски - Битола, Правен Факултет-Кичево, liljana.jonoski@gmail.com
**м-р. Ѓорѓи Петрески**
Универзитет Св. Климент Охридски - Битола, Правен Факултет-Кичево, gorgi.petreski@yahoo.com,
**м-р. Лазе Јакимоски**
Универзитет Св. Климент Охридски - Битола, Правен Факултет-Кичево, ljakimoski@yahoo.com

**Abstract:** Although, the term of corporate governance is almost unknown in the period of transition in Macedonia, nowadays, good corporate governance is considered for an essential precondition for creating an attractive investment climate, a climate which is characterized by competing oriented companies and efficient financial markets. In that sense, the paper first define the corporate governance as a complex process and challenge for the entire legal and economic system of the state regarding the models of corporate governance developed across the world (Anglo-American and German-Japanese model). The final part of the paper is focused on development and future possible directions of progress i.e. improvement of the concept of corporate governance in the Republic of Macedonia as a basis for achieving competitive economic growth and development.
**Key words:** corporations, corporate governance, models of corporate governance, control

**Апстракт:**. Иако, речиси и воопшто неспоменуван поимот на корпоративно управување во транзициониот период на Македонија, доброто корпоративно управување во денешно време се смета за основен предуслов за создавање на атрактивна инвестициска клима, која што се карактеризира со конкурентски ориентирани компании и ефикасни финансиски пазари. Во таа смисла, во трудот најпрво се дефинира корпоративното управување како комплексен процес и предизвик за целокупниот правен и економски систем на една држава имајќи ги во предвид моделите на корпоративното управување развиени во светот (англо-американскиот и германско-јапонскиот модел). Во завршниот дел од трудот е ставен акцент на развојот и идните можни правци на прогрес, односно унапредување на концептот на корпоративно управување во Република Македонија како основа за постигнување на конкурентен економски раст и развој.
**Клучни зборови:** корпорации, корпоративно управување, модели на корпоративно управување, контрола

## ВОВЕД

Како современа тенденција во правно-економските системи на управување на компаниите воочлив е развојот на корпоративното управување во последната деценија од минатиот век и првата деценија од 21 век. Расправата за доброто корпоративно управување е резултат на извонредно зголемена динамика на движење на капиталот во светски рамки како последица на глобализацијата, отварањето на пазарите во развој и економиите во транзиција. Ретки се случаите во историјата на човештвото една институција така брзо да се појави, а сепак за кратко време да стекне толку големо влијание. Се очекува доброто корпоративното управување, а во тие рамки и современо организираниот менаџмент, да бидат двигатели на трансформацијата на новата светска економија и да дадат соодветен придонес за излезот од продолжената светска економска криза и воспоставувањето на нови развојни концепти и принципи. Во последната деценија континентална Европа, радикално го напушта моделот на корпоративно

управување којшто беше ориентиран пред се́ кон менаџментот на големите бизниси на штета на инвеститорите, максимилизација на профитот без почитување на интересите на сите учесници на пазарот и стана лидер во промовирањето на сосема нов концепт за корпоративното управување кој е насочен кон забрзување и развој на економијата во Европската унија.[357]

Накусо, суштинските прашања што се од особено значење за корпоративно управување се: [358] а) кои се учесници во корпоративното управување; б) како да се разреши колективниот проблем околу дејствувањето на менаџментот и на надзорот на менаџментот; в) како да се регулираат преземањата и постапките на големите инвеститори; г) каква треба да бидат композицијата, односно составот на органите на управување; д) како да се дефинираат доверените (фидуцијарните) должности на членовите на одборот (директорите); ѓ) кои правни постапки можта да се покренат против органот на управувањето, односно менаџментот кога го злоупотребиле вршењето на доверените надлежности. Дел од одговорите на прашањата може да се најдат преку разгледување на моделите на корпоративното управување применливи ширум светската бизнис фела.

## МОДЕЛИ НА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

Корпоративното управување, од држава во држава, во својата срцевина се разликува во зависност од многубројните фактори кои што имаат свои историски, правни, географски, економски, културолошки и политички различности. Токму поради тоа во светот се диференцирале бројни системи на корпоративно управување, но сепак два се доминантни и тоа: англо-саксонскиот модел, попознат како пазарно ориентиран, екстерен модел и германско-јапонскиот модел, уште познат како blockholder или модел на инсајдерски коалиции.

Широко дисперзирана акционерска сопственост и сепарацијата на сопственоста од управувањето се сметаат за главна карактеристика на англо-саксонскиот модел која што се развива низ два контрадикторни процеси[359] и тоа: првиот процес се одвивал во насока на трансформација на американскиот бизнис од фамилијарно контролирани корпорации во корпорации од финансика плутократија (финансиски капитализам), додека пак, вториот развоен процес се состоел во зголемено распространување на јавната сопственост и опаѓање на финансискиот капитализам. Иако контрадикторни помеѓу себе, сепак и двата процеси упатуваат на одвојувањето, односно сепарацијата на управувањето од сопственоста.

Покрај американскиот управувачки систем, деловната теорија и практика ги идентификува и опсервира и германскиот и јапонскиот систем (управувачките системи на другите земји се варијации од американскиот, германскиот и јапонскиот систем). Германскиот систем се смета за универзален банкарски систем. Јапонскиот систем го карактеризира вкрстена сопственост на корпорациите и спојувачки односи наречени keiretsu. Двата система се системи ориентирани врз односот.

## КОРПОРАТИВНОТО УПРАВУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ПРЕДИЗВИК ЗА МАКЕДОНСКИОТ БИЗНИС

Корените на корпоративното управување во Република Македонија треба да ги бараме во напуштањето на системот на работничкото самоуправување[360] и почетоците на приватизацијата на претпријатијата со општествениот капитал. Иако, Законот за трговските друштва од 2004 година со кој што се воспоставени вистинските основи и правци за воведување на корпоративното управување во претпријатијата, инклинира повеќе кон англосаксонскиот модел на корпоративно управување, особено преку поголемата заштита на малцинските акционери што од своја страна создава предуслови за развој на модел на корпоративно управување којшто би се фундирал на пазарот на капитал и интензинвното тргување на берзата, сепак историскиот, социо-економскиот, правниот и културолошкот background на македонското стопанство веќе ја зациментира позиционираноста на банкарскиот сектор како оска на центрипеталните сили во моделот на корпоративното управување во Република Македонија.

---

[357] Беличанец, Тито, Климовски, Александар, “Корпоративно управување“, трето и дополнето издание, Скопје 2010, стр. 7

[358] Becht Marco, Patrick Bolton, Alisa Röell, "Corporate Governance and Control", NBER Working paper series, Working Paper 9371, National Bureau of Economic Research, 1050 Massachusetts Avenue, Cambridge, MA 02138, December 2002, str. 57.

[359] Kaen R. Fred, "A Blueprint for Corporate Governance: Strategy, Accountability, and the Preservation of Shareholder Value" цитирано издание 2003, стр.8

[360] Со Законот за општествен капитал (Службен листа на СФРЈ, бр. 46/90) радикално е напуштен системот на работничкото самоуправување (работнички совет, облици на лично изјаснување, извршен орган на работничкиот совет, самоуправна работничка контрола, самоуправно уредување на односите со самоуправни општи акти и сл.) и е воспоставена сосема поинаква управувачка структура (собрание на друштвото составено од сопствениците на вложениот капитал и од претставниците на општествениот капитал; управниот одбор го добива мандатот од собранието, а работоводниот орган (директорот) од управниот одбор итн; Недков, Милан, Беличанец, Тито, Елена, Градишки-Лазаревска, “Право на друштвата“, Сигмапрес, 2003, стр. 69-74

Отсуството на надворешни, помали инвеститори во акции на домашните акционерски друштва најчесто се должи од стравот дека нивните вложувања ќе бидат експроприрани како и поради недовербата во стабилноста на правниот и економскиот систем во државата. Досегашното искуство на берзата говори дека најмногу се застапени блок трансакциите, а во мала мера се застапени преземањата на акционерските друштва во банкарскиот сектор и секторот на осигурување.

Сепак, тенденциите на вложување во недвижности, полека, но, сигурно се заменуваат со вложување во хартии од вредност, мотивирани повеќе од атрактивноста на приносите при тргување со истите на секундарниот пазар на капитал на краток рок, отколку позиционирање во сопственичката структура на акционерските друштва и влијание врз менаџментот. Конечно, на оформувањето на сопственичката структура во правец на нејзина концентрација влијаат и тенденциите на постоечката управувачка и менаџмент структура чиишто членови најчесто го имаат најголемиот пакет на акции, да го доокрупнат својот пакет на акции и да стекнат целосна контрола во друштвото.Оттука произлегува и слабиот надзор врз менаџментот, а со оглед на тоа што независните членови на надзорните одбори, се во одредена зависност од директорите од чија што страна се контролирани, контролата и надзорот врз менаџментот сеуште претставуваат функции коишто недоволно ја остваруваат својата цел и врз кои што треба да се примени стекнатото знаење на различните модели на корпоративното управување преку нивна компаративна перцепција.

## ЗАКЛУЧОК

Република Македонија избра автентичен, извонредно флексибилен модел на корпоративно управување со сите основни и најзначајни атрибути. Наспроти искуството на најголемиот број на земји, кои принципите на корпоративно управување се обидуваат да ги вградат во постојните модели на управување преку воведување на нови правила содржани во кодекси за корпоративно управување, Р. Македонија принципите на корпоративно управување ги вгради во своето законодавство, а дополнително располага и со Кодекс на корпоративно управување со кој се овозможува поблиска примена на усвоеното законодавство согласно политичките, економски, правните и социолошките аспекти на општественото уредување на државата. Она што преостанува е неговата директна имплементација во редовното работење на компаниите што подразбира примена на стекнатото знаење во практиката.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Беличанец, Тито, Климовски, Александар, “Корпоративно управување“, трето и дополнето издание, Скопје 2010;
2. Becht Marco, Patrick Bolton, Alisa Röell, "Corporate Governance and Control", NBER Working paper series, Working Paper 9371, National Bureau of Economic Research, 1050 Massachusetts Avenue, Cambridge, MA 02138, December 2002;
3. Blair M. Margaret and Mark J. Roe edition, "Employees and Corporate Governance", Brookings Institution Press, Washington D.C., 1999;
4. Jefrey N. Gordon and Mark J. Roe, “Convergence and Persistence in Corporate Governance” edited by, Cambridge University Press, United Kingdom, 2004
5. Kaen R. Fred, "A Blueprint for Corporate Governance: Strategy, Accountability, and the Preservation of Shareholder Value" цитирано издание 2003;
6. Коевски, Горан, “Компаративно корпоративно уредување“, цитирано издание, 2005
7. Недков, Милан, Беличанец, Тито, Елена, Градишки-Лазаревска, “Право на друштвата“, Сигмапрес, 2003,
8. Принципи на корпоративно управување на ОЕЦД, Преамбула 1999 (OECD Principles of Corporate Governance, Preambule);
9. Закон за трговски друштва “Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004, 84/2005, 87/2008, 42/2010 и 47/2010